ARCHAEOLOGIA IUGOSLAVICA

ОВА ДЕЛО Е ПЕЧАТЕНО СО ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ — СКОПЈЕ И СОЈУЗОТ НА АРХЕОЛОШКИТЕ ДРУШТВА НА ЈУГОСЛАВИЈА

# DISSERTATIONES ET MONOGRAPHIAE

CONSEIL D'EDITION
J. Todorović
T. Bregant, B. Vikić—Belančić, D. Dimitrijević, B. Babić

RÉDACTEUR
A. Benac

TOME
XV

ASSOCIATION DES SOCIÉTÉS ARCHÉOLOGIQUES DE YOUGOSLAVIE
BEOGRAD, KN. MIHAJLOVA 35/II

ПАУЛА КОРОШЕЦ и ЈОСИП КОРОШЕЦ

ПРЕДИСТОРИСКА
НАСЕЛБА

# БАРУТНИЦА

КАЈ АМЗИБЕГОВО ВО МАКЕДОНИЈА

— ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСКОПУВАЊЕТО ВО 1960. —

АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА
ПРИЛЕП, 1973

DISSERTATIONES ET MONOGRAPHIAE

PAULA KOROŠEC ET JOSIP KOROŠEC

LE SITE PRÉHISTORIQUE

# BARUTNICA

DANS LE VILLAGE AMZIBEGOVO À MACEDONIEN

— RAPPORT DES FOUILLES DE L'ANNÉE 1960 —

TOME
XV

SOCIÉTÉ ARCHÉOLOGIQUE DE MACEDONIEN
PRILEP, 1973

## СОДРЖИНА


Увод — — — — — — — — — — — — — — — — 7

Географска и геолошка одлика — — — — — — — — — 9

Истражување до 1960 година — — — — — — — — — 11

Класификација на културните слоеви — — — — — — — 14

Објекти и елементи на населбите — — — — — — — — 15

I културен хоризонт — — — — — — — — — 32

II културен хоризонт — — — — — — — — — 49

III културен хоризонт — — — — — — — — — 57

Скрат. на литературата — — — — — — — — — — 71

Barutnica, Le site de préhistorique de starčevo kultur group (rezime) 75

Илустроване табле — — — — — — — — — — — 93

*Превод на македонски:* Б. Јевремов

*Traducation en macédonien:* B. Jevremov

*Лектор на македонски:* М. Бендовски

*Lecteur en macédonien:* M. Bendovski

*Превод на француски:* П. е Б. Корошец

*Traducation en francaise:* P. et B. Korošec

*Рисби е вињети:* Ј. Корошец мл.

*Dessins et vignette:* J. Korošec jun.

*Печатница:* „Радиша Тимотић", Београд, Јакшићева 9

*Imprimérie:* »Radiša Timotić«, Beograd, Jakšićeva 9

*Тираж:* 1.000

*Tirage:* 1.000

# УВОД

Едно од позначајните испитувања во Источна Македонија, што се вршеа по Втората светска војна, е, секако, истражувањето во Овче Поле. Ова подрачја, во споредба со другите делови на Македонија, беше најмалку проучено. Обемен список на богати споменици на минатото, што зборуваат за населби или некрополи, ни дадоа разните рекогносцирања на теренот и збирањето на случајните наоди по површината на земјата. Ваквите работи во почетокот беа само за ориентирање и побуда за систематско истражување, што подоцна се оствари во истражувањето барем на некои од тие споменици, како што ни покажуваат сондажните ископувања кај Вршник кај село Тарипци[1] во Рук Баир кај селото Голубинци[2] и во Барутница кај Амзибегово.

За време на пошумувањето на теренот околу пругата Титов Велес — Кочани, јужно од железничката станица Овче Поле, на левиот — северозападен засек, наречен „Барутница", дојде до исфрлување на многубројен археолошки материјал на површината на земјата. Тоа, всушност, беше поттик за ископувањето, што веднаш го презеде Археолошкиот музеј од Скопје. Со ископувањето се почна на 20. 4. 1960 година, кое го водеше С. Саржоски — кустос во споменатиот музеј, под стручно раководство на покојниот професор од љубљанскиот универзитет д-р Јосип Корошец во асистенција на В. Санев — кустос во штипскиот народен музеј, геометарот А. Мијалковски и фотографот Д. Чернаковски. Тогаш беше испитан широк појас на пошумената површина околу самата пруга. И покрај тоа што испитувањето се вршеше меѓу веќе насадените багреми и врнежливо време, се утврди дека на ова место се наоѓа просторно и многу големо и богато наоѓалиште, кое се протега и на соседните парцели (бр. 1799 и 1785). Бидејќи културниот слој беше многу дебел, а постоеја и технички недостатоци, на 8. 5. беа прекинати натамошните работи. Целта на прекинувањето беше да се преземат поголеми систематски истражувања на соседниот терен.

До повторно систематско истражување на соседните парцели дојде уште истата година, кое траеше од 7. 7. — 5. 8. 1960. Бидејќи средствата за истражување беа многу мали, финансиска помош даде Филозофскиот факултет од Љубљана. Во оваа акција, освен споменатата екипа, учествуваше и сегашниот автор, како и извесен број студенти по археологија од Љубљана.[3]

Со цел да се добие посигурна слика за карактерот на ова наоѓалиште, беше замислено да се испита просторно што поголем комплекс. Меѓутоа, и ова ископување, за жал, се сведе само на една сонда, бидејќи и овде се покажа многу дебел културен седимент.

Покрај некои мали технички недостатоци, што се појавија и за време на ова ископување, ископаниот материјал ни даде многу драгоцени податоци за решавање на некои прашања во врска со проблематиката на неолитот во овој дел на Балканскиот

[1] Зборник I и Зборник II.

[2] Со исклучок на неколку фрагменти на сликана керамика, материјалот од ова наоѓалиште не е објавен.

[3] Јанез Ержен, Благој Јевремов, Зорка Шубиц, Маријана Урпич и ученикот Борут Корошец.

Полуостров. Материјалов во оваа монографија не само што потврдува некои познати хипотези и предвидувања, туку ни дава нов прилог за решавање на проблематиката кон некои досега непознати елементи за културните односи на југот и северот.

Оваа публикација се печати и под името на покојниот професор д-р Јосип Корошец, иако е напишана по неговата смрт, бидејќи се користени неговите забелешки, мислења и заклучоци, до кои дојде за време на неговиот живот.




Раз. — Проп. 1 : 50.000

За остварување на овој труд, многу придонесоа Археолошкиот музеј од Скопје, Филозофскиот факултет од Љубљана и разбирањето на колешката д-р Блага Алексова, в. д. директор на Археолошкиот музеј во Скопје, која од 1962 година го даде за обработка својот материјал во Љубљана.

Публикацијава ја финансира Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност на СР Македонија по молба од Друштвото на археолозите на Македонија со партиципирање на Археолошкото друштво на Југославија.

# ГЕОГРАФСКА И ГЕОЛОШКА ОДЛИКА

Овче Поле е едно од многубројните полиња во централниот дел на Балканскиот Полуостров, што се протегаат во правец ССЗ — ЈЈИ, создадено со исушувањето на некое поголемо езеро, што ја зафаќало и Скопската Котлина. Дното на езерото било повисоко во Овчеполско, зашто и надморската височина овде е повисока отколкуво Скопската Котлина. Настанало во преднеогенската фаза со ерупција на андезитска маса. Истражувањето на неговато дамнешно и вистинско формирање се врши со слатководни наноси уште од неогенскиот период.

Овче Поле претставува слабо расчленета рамнина, што се граничи на југ со реката Вардар од устието на реката Пчиња и Брегалница, на северозапад и запад со реката Пчиња односно Таорската Клисура, на исток со Брегалница — хисарскиот венец и на север со јужните падини на планината Осогово. Видејќи границата на Овче Поле ја сочинуваат релативно ниски врвови и мали ридови, полето од сите страни е отворено и многу често подложно на поплави и поројни дождови. Источниот дел на полето е со симетрични долги и непошумени 40—50 м високи падини, што се формирале околу долините на реките. Геолошкиот состав на земјата е всушност од непропустливи слоеви, покриени со жолтеникава песоклива глина, во која понекогаш се наоѓаат тенки линии лигнит или пак само со песоклива глина од помладиот период. Речните долини се исполнети со црна плодородна земја. Текот на скоро сите реки е запад — исток кон Овчеполска (Амзак, Богословска или Светиниколска) река, која спаѓа во сливот на реката Брегалница. Со исклучок на Овчеполската река, сите други, обично лете, наполно или делумно пресушуваат, зиме и во врнежливите месеци поради непропустливата подлога и ниските брегови се разлеваат од своите корита. Со наносите формираат плодородни долини, кои поради ваквите почести појави се рашируваат така, што реките ги менуваат своите корита.[4]

Барутница лежи на јужниот ребрест израсток на широката падина, наречена Крушица. Таа се издигнува од селото Кнеже до Денилиште, северозападно од селото Амзибегово (Сари Хамзали) и се спушта кон свијокот, што го формирала Овчеполска Река. Пред самиот свијок лежи богата речна долина во форма на чинија, која пред селото Амзибегово е широка околу 4 км. Тука се затвора гребенот Богословец, за највисокиот врв Кучаево (556 м) Т 1, 1.

Долината на Овчеполска Река е многу плодородна. Покрај некои индустриски растенија (афион, памук и делумно лен) се одгледуваат жита, а на височините лозја. Најмногу има ситен добиток (овци и кози, ретко говда — биволи).

Наоѓалиштето е 2 км југозападно од селото Амзибегово и приближно толку западно од железничката станица Овче Поле, 600—700 м меѓу 33 и 35 км северно од пругата Титов Велес — Штип (Т. 1, 2). Во непосредна близина на наоѓалиштето е селски пат, што води од Амзибегово кон југ. Прилог 1. Локалитетот зафаќа комплекс од 500—550 м паралелно со пругата. Од југоисточна страна е ограден со Овчеполска Река, што на ова места прави поголем сви-

[4] Цвијиќ Ј. 1922.

јок кон југозапад. По површинските наоди се констатира дека наоѓалиштето зафаќа простор широк 250—300 м во насока И—З. Баруtница не е единствено наоѓалиште во овој крај. Покрај познатите населби во Вршник кај селото Таринци, што е оддалечено приближно 20 км воздушна линија, источно од железничката станица Овче Поле, пронајдено е и друго наоѓалиште близу до селото Горобинци на падината Рут-Баир. Многу други наоѓалишта во долината на реката Брегалница, денес се познати само со површинските и случајни наоди, како што се во: Пилав Тепе, Шепор, Оризари, Цигански Рид, Спанчево, Петков Дол и др.[5]

[5] 39. Bericht RGK опом. 574 на стр. 111.




Околина: Штип — објектот: Барутница — селото: Амзибегово (Дет. на мапата бр. 37, 47 — размера 1 : 2500 — изохипсите на 25 м.)

## ИСТРАЖУВАЊЕ ВО 1960. ГОДИНА

Пред да преминеме кон обработка на материјалот, треба да изнесеме некои општи забелешки, што ги согледавме во текот на работата и обработката. Желбата на истражувачот, да го погоди она место што претставувало центар на овој локалитет, каде што може да се следи животот на луѓето низ сите културни и хронолошки фази, не се оствари. Спротивно се сонди беше погодена периферијата на едно големо археолошко наоѓалиште, чија граница, без пообемно истражување, не ќе може да се утврди. Се зборуваше дека постои голема и богата населба, но нејзината форма не можеше да се утврди ниту со споредување на слични населби, ниту со големиот сондажно зафатен ареал. Освен тоа, прашање е, дали овој простор служел само како населба. Иако откриената черепна коска не може да биде доволна за донесување на какви и да било заклучоци, сепак ни овозможува да претпоставиме, дека овој простор бил употребуван и како некропола барем во една од културните фази. Ако оваа претпоставка се покаже точна, тогаш и натаму останува прашањето за нејзината територијална големина, хронолошко траење и културната припадност, моменти што ни укажуваат на многу замрсени проблеми од ова наоѓалиште. Урнатините од објекти, што на некои места беа повисоки од 1 м, нѐ уверуваат дека овој отсек бил употребуван и како населба, во некои фази напуштен, иако археолошкиот подвижен материјал ни кажува дека овде се одвивал постојанен живот. Такви слоеви, што се формирала на и околу урнатините, се нанесени од некое друго место, без оглед дали тој локалитет се употребувал како населба или некропола. Во секој случај, тоа било малу подалеку од ова место. Покрај овие и проблемите што ќе ги спомeнеме во натамошното излагање, веројатно постојат и други, што засега не ги согледуваме, но некои од нив ќе бидат решени со истражување на поголема површина од локалитетот.

Во обете сондажни ископувања беа ископани шест сонди и една контролна, од кои 5 пролетта и две летото. Сондите меѓу себе не се поврзани, туку се распоредени така, што да зафаќаат поголем простор. Самостојно беа ископани сондите бр. 1 и 1а во југозападниот дел, додека сондите бр. 2, 3 и 4 беа ископани меѓу багремите, на местото каде што големо количесто керамички фрагменти се наоѓаа на површината на земјата. За утврдувањето на овој простор керамички фрагменти, беше ископана сондата бр. 5, оддалечена околу 100 м северно од сондата бр. 2, што во однос на другите лежи во северозападниот дел на локалитетот (Прилог 1).

Сондите бр. 1, 2, 3, 4 и 5 беа 4м х 4м. Културниот седимент во нив беше со разна дебелина. Дебелината во контролната сонда 1а беше 2,50 м, во сондата бр. 2 стерилната земја се покажа на длабочинаов 2,10 м, во сондата бр. 3 подлабоко од 4,35 м, во сондата бр. 4 на 3,5 м длабочина. Во сондата бр. 5 длабочината е постигната на 2,20—2,30 м. Секторот, што беше зафатен со сондата бр. 6, беше оддалечен приближно 5 м од пошумениот појас, северозападно од сондите бр. 3 и 4. Оваа сонда беше голема 20 х 4 м. Со својата должина беше во насока И — З со извесно отклонување од исток кон север. За копањето на оваа и на другите сонди беше употребен мрежест

систем. Во сондата бр. 6 беа откопани 6 правоаголници од исток кон запад во следниов редослед: кв VI (4×4), I (4×4), II (4×2), III (4×4), IV (4×2) и V (4×4). Правоаголниците II и III беа како контролни блокови до извесна длабочина. Праре IV беше урнат кога во правоаголникот III се покажа стерилен слој, а праре II во моментот кога мораше да се следи хоризонтална стратиграфија, односно кога беше забележано дека културниот седимент е подлабоко од последниот нивелациски слој со сива глина. На профилот не е внесен кв. VI, бидејќи беше толку длабок, колку што беше потребно за полесно исфрлување на земјата.

Профилите на сондите ни покажаа дека овој сектор не е сосема рамен. Неговата пластична слика на површината од разни периоди најдобро ни ја претставува пресекот од сондата бр. 6, каде што е забележан пад на денешната површина за околу 0,70 м. Такво спуштање на теренот е забележано и кон линијата, кое судејќи по длабочините на стерилната земја од ископаните сонди постоело уште одамна. Особено нерамна е основата во сондата бр. 6. Тука се чувствува спуштање за 0,60 м кон југ. Освен тоа, во средината е и засек, кој е во правец С — Ј. Тоа продлабочување може да се забележи на северниот профил — прилог 2 — меѓу I и II правоаголник и јужниот профил — прилог 3 — меѓу I и V правоаголник, што значи дека е преместен за 4 м во правец на сондата. Обата профила наовој сектор ни покажуваат дека овој засек бил многу пати полнет, односно како да е направена некаква нивелација со која земјата била малко израмнета. Културниот седимент во западниот дел на оваа сонда беше дебел 4,20 м, во источниот 2,80 м, додека во засекот стерилна земја се појавува дури на 6,30 м длабочина.

Сите тие нерамнини, копања и вкопувања во разни фази, како и отклонувањето на споменатиот засек кон запад, ни даваат многу комплицирана слика на хоризонталната стратиграфија и сознание за откопување на поголема површина при истражувањето на толку големите културни комплекси. Покрај оваа општа релјефна слика на теренот, профилите ни покажуваат и многу интересен геолошки составен спектар на слоеви во седиментот. Така, во сите сонди разликуваме пет слоеви:

**1. Слој** — Неговата дебелина варира од 0,30—0,40 м. Всушност, тој претставува слој на преорана земја, помешана со површински хумус. Има малку потемна боја и затоа на профилите го означуваме како хумус, иако примарно беше со иста боја како и следниот. Делумно овој слој е и црвеникав, бидејќи се меша со куќната глина од поголема длабочина.

**2. Слој** — Иако седиментот на овој стратум има во некои сегменти разни бои, сепак, претставува компактен слој. Така, во сондата бр. 1 беше пресечен со културни јами, чија горна површина беше уништена со орање на земјата; во сондата бр. 2 хоризонтално се провлекува подебел слој црна земја; во сондата бр. 3, 5 и правоаголниците II и III, како и во сондата бр. 6, е жолтеникавоцрвен слој, настанат со распаѓањето на куќната глина. Во истата сонда и правоаголникот V под влијание на некое распаѓање, што се вршело во непосредна близина, земјата станува ровка и сивкава. Слична појава е забележана и на границата меѓу правоаголниците III и IV, каде што рецентната јама, сивата глина ја претворила во сива земја. На долниот дел на овој пласт е темносив јазик, кој ја добил оваа боја под влијание на пепелта и саѓите што се под него. Овој слој пепел и саѓи го забележуваме во сите сонди дури и во сондата бр. 1, и покрај тоа што е најоддалечена точка кон северозапад. Во овој стратум беа константирани во сондата бр. 6 многу јами. Некои од нив беа широки само 10—15 см (правоаголникот I јама дл. 0,50 м) други поголеми, како на пример јамата „А" силос „О" и јамата „L". Овие јами ги пресечуваат слоевите во понискиот слој. Долната граница на овој стратум е веќе споменатиот слој пепел и саѓи. Таа без прекин се провлекува низ правоаголниците V и I, додека на исток низ провоаголниците II, III и IV е помешана со куќната глина. Дебелината на овој пепелаво-саѓест слој не е константен. Особено дебела е во сондата бр. 4. За овој стратум се значајни купиштата од куќната глина, што понекогаш ги забележуваме и во I слој.

**3. Слој** — Седиментот на овој стратум се состои од сива земја, која може да биде во разни нијанси. Во сите сонди е компактен со исклучок на сондата бр. 5, каде што е помешан со куќната глина и во правоаголниците II и IV во сондата бр. 6, каде што преоѓа во песоклива сива земја. На

овој седимент му припаѓа горespоменатиот слој пепел и саѓи, како и стерилната земја во сондата бр. 6 сè до последната нивелација на зесекот. Во неговите слоеви почнуваат некои од спомнатите јами од II стратум, кои понекогаш ја достигаат височината на стерилната земја или пак се вкопани во стерилната земја, како што можеше да се утврди во сондата бр. 5. Овој стратум во правоаголниците II и III имаше многу тенки слоеви саѓи, што беа погусти во секторот, што не беше исполнет со куќната глина.

Во сондата бр. 6, на местото каде што се наоѓаше засекот, се утврдија уште два стратума.

**4. Слој** — Границите на овој стратум се многу јасни. Одозгора е ограничен со 15—17 см дебел слој сива земја, одоздола со првата нивелација на засекот. Целиот слој е исполнет со темносива земја. Во северниот дел на запад е длабок дури 4,20 м и потоа веднаш се спушта кон југ. Во вертикалните седименти на северозападниот сектор во правоаголникот V и на западниот сектор во правоаголникот I наизменично се јавуваат слоеви саѓи со темносива или светлосива глина и слоеви на жолтеникава земја. Ваква појава беше забележана и во најниските слоеви на сондата бр. 4. За овој слој е, секако, значајно, појавата на камења и камени плочи во правоаголниците V, I и II сондата бр. 6, кои кон југ полека исчезнуваат.

**5. Слој.** — Овој стратум го забележуваме само во засекот. Всушност, тој е најнизок стратум, исполнет со темносива или изразито песоклива земја. Од претходниот слој се одликува пласт светлосива песоклива земја. Според овој геолошки профил, се поставува прашањето за карактерот на спомнатиот засек во сондата бр. 6, кој делумно го забележуваме и во сондата бр. 3. За решавање на овој проблем, може да ни помогне песокливата земја и светлосивата глина, која, не се појавува ниту во една сонда. Такви слоеви можеле да настанат само во слатководни наноси. Со оглед на длабочината на засекот и на другите околности, тој претставува корито од некоја рекичка или поток, кој во вториот нивелациски слој е пресушен или го изменил својот тек. За ова ни зборуваат страните на засекот, нивниот правец и пред сè седиментот, нанесен од некое оддалечено подрачје за време кога рекичката надошла, што е карактеристично за овчеполските реки. Според геолошкиот состав на последниот нивелациски слој, седиментот настанал со повторно надоаѓање на вода, што зафатила поголема површина, т. е. со поплавување на рецентен и постар културен нанос. По ова што рековме досега, можеме да направиме неколку прелиминарни заклучоци, што ќе ни помогнат за објаснување на некои појави, кои толкувани само по стратиграфските наоди се често противречни.

Иако овие појави ни кажуваат дека климата во Овче Поле од праисторијата до денес не е многу изменета, па според тоа и вегетацијата и формата останале скоро исти, за археолозите е важно тоа што слоевите, настанати во културниот седимент, не претставуваат некоја затворена целина, во која постои некој хронолошки редослед за формирањето на некои културни групи. Како што ќе видиме, единствена стратиграфска поддршка за обработката на материјалот ни нуди линијата од пепел и саѓи меѓу 2-от и 3-от стратум, која се провлекува низ целиот досега испитан простор. Иако е убедливо дека линијата настанала со интензивен пожар, кој зафатил големо подрачје, прашање е дали тогаш настрадала населбата на ова место. Керамика без никакви траги од оган, делумно је отфрла оваа претпоставка за испитаниот просотор. Освен некои сигурни фактори за хронолошко и културно определување на долу застарените слоеви, сигурно е дека тие претставуваат само одреден хронолошки дел на животот на ова наоѓалиште. Според тоа, во еден хронолошки хоризонт, покрај веќе спомнатите нивелации, можат да се следат и наслојки што образуваат стратиграфија од наноси во разни ареали. Со други зборови, слоевите му припаѓаат на оној хронолошки редослед, кога некоја област била поплавена без оглед на тоа, дали во тој момент било активно или не.

# КЛАСИФИКАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ СЛОЕВИ

Во досегашното излагање веќе спомнавме дека дебелината на културниот седимент е различна како во сондата 6, така и во другите сонди. За објаснување на некои културни и хронолошки појави, необично е важна стратиграфијата од засекот во сондата бр. 6 правоаголниците I и II, но сепак можат да ни служат и податоците што ни ги нуди подрачјето надвор од засекот, односно правоаголниците VI и IV во сондата бр. 6 и стратиграфијата на сондата бр. 5. Поради ови и поранешните моменти, настанатиот седимент во Барутница го делиме на повеќе културни хоризонти. Највисокиот хоризонт со веќе споменатиот слој е издвојува со подвижен градежен материјал и пред сè со керамика. Покрај тоа, што овој хоризонт како и другите, е многу богат со јами, кои ги сечат постарите слоеви, дури и е пресечен со рецентни вдлабнатини, сепак од нив се издвојува со изразито нови елементи и керамички форми. Овој хоризонт најуверливо се издвојува по керамички форми. Тој најуверливо се издвојува по керамиката орнаментирана со канелури. Појавата на ваква керамика можа најдобро да се фиксира во сондата бр. 6. Во сите нејзини правоаголници, не гледајќи на длабочинската разлика, на која се јавува слојот на пепел и саѓи, таа ниту во одделни примери не беше најдена подлабоко од ова ниво. Многу посложена е стратиграфијата под овој хоризонт. Сепак, и овде со оглед на некои утврдени факти — како што се темелите на куќите и керамичните фрагменти најдени во урнатините, можат да се издвојат два културни хоризонта. Границата меѓу нив може да биде последниот нивелациски слој на засекот во сондата бр. 6. Помладиот хоризонт го карактеризираат помладите развојни форми на садови, појавата на некои нови елементи со културно значење и сл.

Пред да почнеме со разработувањето на културните групи од одделни хоризонти, ќе дадеме опис на сите техники и фактури, структурата на керамиката, како и на начинот на украсување. Таков опис е потребен, зашто многу елементи се провлекуваат низ сите слоеви на овие хоризонти. Некои од нив среќаваме и во помладите слоеви од највисокиот хоризонт, што ни овозможуваат да следиме одреден развој. Тоа се чувствува кај керамиката, додека во градежништвото, без оглед на тоа дали се во прашање куќи или јами, не постои значителна разлика, бидејќи секогаш се јавуваат во иста форма. Покрај тоа, постојат и многу други предмети, како што се коскените и камените изработки. Тие немаат некоја специфична форма, со што би овозможиле прецизна класификација, па според тоа и уште потешко е да ѝ се припишат на некоја определена форма. Тешкотии постојат и во тоа, што голем број такви елементи беше најден заедно со керамиката, извадена со копањето на јамите од разни хоризонти. Затоа, и обете групи ги обработуваме без да ги определиме на кои хоризонти им припаѓаат.

# ОБЈЕКТИ И ЕЛЕМЕНТИ НА НАСЕЛБИТЕ

И покрај тоа што во овие ископувања не беа откриени темели на куќа, сепак беше најден извесен број елементи односно фрагменти, што се во врска со населби. Преку нив, и некои аналогии појави од другите локалитети, ќе можеме да направиме барем приближна реконструкција на зградната конструкција на зградите употребувани во Барутница. Такви елементи беа најдени на многу места и во разни културни слоеви. Така, на длабочина од 2 м во сондата бр. 5 откривме ров. Тој беше долг 2,40 м, широк 0,35 м и длабок 0,30 м. Преку него лежеше 0,40 м висок куп од куќна глина, додека самиот ров беше исполнет со седимент, кој со својата мекост лесно се издвојуваше од тврдата земја. Недалеку од овој ров, кон запад и југозапад, се наоѓаа неколку јами со различна длабочина. Најдлабока беше јамата „А" длабока 2,90 м. Сите елементи, откриени на ова ниво, се, без сомнение, меѓусебно поврзани и претставуваат остатоци од некоја зграда, ѕидана на темели.[6] За тоа зборуваат и некои фрагменти на глина од долниот дел на ѕидот, кој на дното е поширок и така дава поголема стабилност.[7]

Како што ни посочува куќната меѓуплетна кал, мошне интересна е конструкцијата на самите ѕидови. Според отпечатоците во меѓуплетната глина, јадро на ѕидот сочинуваат делкани тркалести колци (Т. 3, 1, 2). Нивната дебелина варира од 12—14 и 5—8 см. Освен тоа, како што можеше да се забележи на фрагментите од меѓуплетната глина, распоредот на колците не беше константен. Понекогаш, колците беа скоро без растојание или пак на растојание од 20 и повеќе сантиметри. Однадвор и однатре беа обложени со 5—8 см дебела глина, што беше промешана со плава или со фрагменти од керамика. Преку овој слој беше 2—3 см дебел премаз од чиста глина, која од видната страна создаваше сосема мазна површина. Според остатоците на боја од некои фрагменти, може да се претпостави, дека ѕидовите биле најпрвин белени и дури потоа црвено обоени.[8] Ширината на ѕидот беше од 0,25—0,30 м, понекогаш и 0,35 м, што, меѓу другото, одговара и на ширината на откриениот ров на темелот. Зградата на која ѝ припаѓаше ѕидот и ровот од темелот, судејќи по сè, беше во неприкопаниот дел, односно надвор од сондата, така што не можевме да добиеме повеќе податоци за неа. Особено значајни се најдените керамични фрагменти под остатоците на куќната меѓуплетна глина. Со исклучок на еден тег, со остатоци на црвената боја од пожар, на другите фрагмети не беа забележани никакви негови следи.

Во сондата бр. 6 (кв. I на длабочина од 4,10 м беше откриен слој на положени камени плочки. Макар што други елементи во овој слој не беа откриени, сепак е веројатно, дека појавата на овие плочки е во врска со некои ѕидани објекти.[9] За нејзиното толкување се осврнуваме на мислењето на некои археолози, според кои ваквата појава во слоевите подлабоко од темелите на зградите претставува изолација на влагата, односно некој вид дренажа на теренот. Таа се состои од ред поголеми и речни тркалести камења,насипани со дебел слој од пропустлива земја. Дури на ваква основа се градат згради со ѕидови од вертикално поставени колци или рамови, чии меѓупростори се преплетени со гранки или трски лепени со глина помешана со плева.[10] Според висината на теренот, за нашиот пример на прв поглед изгледа дека дренажата на доаѓа предвид. Меѓутоа, кога се земе предвид, дека овој слој камења лежи на претпоследната нивелација на засекот, не гледајќи на тоа, што тој всушност претставува, беше влажен и затоа не е исклучена ваквата претпоставка. Не гледајќи на точноста на оваа претпоставка и на другите возможни толкувања за оваа појава, сигурно е дека таквото редење на камења претставува остаток од некоја намерна градба и никако не ќе може да биде слу-

[6] Слична ситуација е констатирана и во Сервија, каде што реката Халиакмон, исто така го менувала коритото. За ваквата појава Heurtley мисли дека е резултат на човечкиот труд — односно дренажа за цело подрачје. Heurtley W. A. 1939. — ваков вид ѕидови е констатиран во Вршник.

[7] Според фрагментите на куќната меѓуплетна глина, може да се заклучи дека вакви ѕидови се употребувани и во Породин.

[8] Боење на ѕидовите со црвена боја е забележано во Вршник, а со бела во Породин.

[9] Таква појава е забележана во II слој на постариот неолит во Сервија (Heurtley- сл. 45 Р), само што камењата беа поголеми и со амфорна форма (ibid. сл. 47). Heurtley ги смета како темели за куќа.

[10] Rodden R. J. — Roden J. M. 1964/1, 564.

доволно компактен и многу богат со наоди. Ист систем на градење ѕидови беше чајна појава. Треба уште да потцртаме, дека културниот седимент над овој слој беше констатиран и во помладите стратиграфски седименти во сондите бр. 5 и 6. Овде, освен делканите колци со пречник 14—16 см се гледаат и отпечатоци од тенки гранки, што некои имаа и јазли. Фрагментот на куќната меѓуплетна глина, што имаше остар аголен пресек од надворешната и отпечаток од подебел валчест колец од внатрешната страна, ни кажува за постоењето на објекти, чии ѕидови на аглите имаа поцврста арматура и беа сечени под прави агли.

Во сондата бр. 5, на дл. од 0,80 м беа откриени дупки од колци и мало количество од куќната меѓуплетна глина на некоја внатрешна зграда. Макар што претпоставуваме, дека освен овие, постоел уште и извесен број уништени, значајно е што скоро на исто место на длабочина од 1,20—2,40 м се наоѓа некоја друга зграда со ѕидна конструкција, чии остатоци имаат интензивни траги од пожар. Колците во обата примера беа релативно тенки, многу неправилно и ретко распоредени. Меѓу фрагментите на куќната меѓуплетна глина беа најдени керамични фрагменти со траги од пожар, што веродостојно и уверливо ни кажуваат дека куќата во долниот хоризонт страдала од пожар. И покрај тоа што сите откриени елементи се многу важни и ни нудат драгоцени податоци за структурата на зградите, сепак не се доволни за определување на нивната големина и насоката во која беа обрнати.[12]

Од објектите, откриени на сондажниот сектор, се и јамите. Тие имаат различна форма, големина и длабочина. Покрај плитките јами, на кои не можеме да им припишеме некоја посебна форма, најчесто се појавуваат јами во цилиндрична форма. Некои од нив завршуваат ѕвончесто во долниот дел, како што беше јамата „С„ во сондата бр. 6/кв. III. Таа беше релативно длабока, односно достигнува до 4 м во длабочина. Сите јами беа исполнети со сив седимент, што скоро кај сите јами беше стерилен.

Од сите откриени објекти од овој вид, најинтересна е, секако, јамата — силос „О", откриена во сондата бр. 6/кв. I. Таа е валчеста голема 0,80×1,40 м и висока 0,60 м (Т. 4). Ѕидовите на оваа јама беа од потврда, мазна компакта земја, дебела 10 см. На западниот горен дел јамата имаше цилиндричен отвор, висок околу 0,40 м и широк 0,30 м. Таа беше делумно исполнета со црна земја, во која беа најдени неколку атипични керамични фрагменти, што веројатно дошле дополнително. На дното се наоѓаше пепел и саѓи. Околу влезот во цилиндричниот ров беа неколку камења, што изгледаше како да го штитат. Оваа јама е означена како силос, макар што во неа не најдовме траги од прехранбени артикли. Засега компарацијата за таков објект во Македонија немаме.[13] Значајно за некои од плитките јами е што не беа подлабоки од 3—4 см, што скоро сите беа исполнети со пепел и саѓи. Такви јами беа забележани и во некои други наоѓалишта во Македонија. За нив е прашање, дали биле и примарно толку плитки.[14] Не само во Барутница, туку и во другите наоѓалишта, не е утврден нивниот однос со зградите, се разбира, до колку се поврзани со нив. Макар што некои од откриените јами служеле како ким за отпат, сигурно е дека извесен број од нив настанал по вадењето на земјата, потребна за градење.[15] Освен овие, во сондата бр. 6 беа откриени и неколку хоризонтални јами, слични на ровови (Т. 5, 1, 2). Една од овој вид, што можеше да се истражи, беше јамата во кв. I откриена да дл. 1,60 м. Таа имаше прекалеста форма со пречник од 11—12 см и беше во насока С—Ј, скоро речиси по целата површина на квадрантот (околу 3,60 м), од каде што за приближно 0,50 м продолжува во непрекопаниот дел на северната страна на сондата. Како оваа, така и сите други јами од овој вид, беше

[11] Иста констатација е направена во Породин.

[12] Според наодите од другите локалитети, ориентацијата не беше секогаш иста. Веројатно ориентирањето било под влијание на климатските и други услови на крајот, односно местото каде што се наоѓаше куќата или и целата населба. Така, во Вршник беше утврдено дека куќата во II хоризонт на ова наоѓалиште беше свртена ЈЗ — СЗ (Зборник I, 62) во Неа-Никомедеја во насока И — З (Rodden R. J. — Rodden J. M. 1964/1, 564) итн.

[13] Слична јама е најдена во населбата Фафоса кај Косовска Митровица (№ 103, 6, XXVII). Нејзиниот карактер не е точно одреден (Јовановић Б. 1961, 43, сл. 15).

[14] Макар што се подлабоки од нашите, сепак и оние во Породин се релативно плитки.

[15] Тоа ни го посочуваат керамичните елементи во куќната меѓуплетна глина.

без седимент, така што е прашање, како настанале и зошто служеле.

Од подвижните елементи, што веројатно се поврзуват со ѕиданите објекти се двата камења, откриени со сондата бр. 6 (Т. 3, 3, 4). I обата имаат по една вдлабнатинка на средината. Едниот е најден во кв. I (0,30×0,24×0,16 м) на дл. 1,60 м и во слојот на пепел и саѓи. Вдлабнатинката на овој камен е длабока 3—4 см и со пречник околу 10 см. Другиот е најден во кв. II на длабочина 1,30 м (0,36×0,26×0,10 см) со пречник на вдлабинатинката од 0,18 см и длабочина од 4—5 см. По формата, ваквите камења можат да служат како легла на вратата или за некоја друга цел.

Макар што сите досега откриени елементи не ни го овозможуваат запознавањето на населбинскиот тип, сепак, можеме да направиме неколку значајни констатации во врска со зградите и слично. Така, може да се заклучи дека некои згради настрадале во интензивен пожар, други пак од поплава. Куќите, што настрадале од огин се всушност купишта урнатини. Во повеќе такви случаи теренот и израмнет со седиментот, кој со време се таложел околу купиштата или на нив. Многу ретки се примерите, кога некој таков овјект бил нивелиран за повторна употреба. Купови на куќната меѓуплетна глина, без да се забележат следи на дупки од колците, се најдени и на другите наоѓалишта.[16] Оваа појава се толкува како ѕидот да се превртел (Т. 2., 1.). Макар што са многу примери ова толкување е оправдано, сепак, за одделни наоди мора да претпоставиме дека ваквата појава е поврзана и со определен начин за поставување куќни темели.

Сите досега откриени елементи ни зборуват за згради што им припаѓаат на надземните објекти со ѕидови, кои повеќе или помалку се сечат под прав агол.[17] Судејќи по куќната меѓуплетна глина, може да се заклучи дека за градење на една зграда се употребувале повеќе начини за изработка на ѕидови со различна дебелина. Просториите од внатрешноста и веројатно од целата зграда на надворешната страна, биле боени со исклучиво црвена боја. Во одделни примери белењето на ѕидовите не служело само како основа, туку, покрај црвената, имало и боење. Според компарацијата со сличните појави во другите наоѓалишта, можеме да тврдиме дека населбите низ разни хронолошки фази во Барутница, не се разликуват од оние во споменатите наоѓалишта. Со откриените елементи можат да се вклучат дури во поширокото подрачје, кое го зафаќа не само источниот дел на Македонија, туку северните и северозападните делови на Тесалија и неистражените делови на наоѓалиштата во долината на реката Струма.

**Подвижни наоди.** — За разлика од неподвижната материјална култура во Барутница, подвижната е мошне богата, макар што е нерамномерен односот меѓу некои нејзини видови. Најмногубројна меѓу наодите од овој вид е, секако, керамиката. Во споредба со неа, релативно се многубројни предметите од коски и камен. Интересно е ауто ваков однос беше забележан и во другите неоѓалишта во Македонија.

**Камени продукти.** — Меѓу предметите од ова група, најмногубројни се оружјето и орудието. Многу често ги среќаваме секирите, што всушност беа и најмалку оштетени. Сите се од тврд материјал — серпентин и диорот, мазно гладени и повеќе или помалку со тапи рабови. Обично им се дига површината од обете страни кои средината и само кај некои примери од едната, така што нивниот пресек е валчест, но секогаш повеќе или помалку плоснат. Скоро секогаш се со заострено сечиво од обете страни, што во повеќе случаи беше полукружно, ретко косо отсечено или рамно. Челото кај повеќе примероци беше тапо и подебело, така што пресекот му е четириаголен (Т. 6, 2—4, 6, 7, 10—13; Т. 7, 1, 6, 16; Т. 8, 23, 25, 26). Многу често тоа е истенчено и кај многу примероци е сосема тесно (Т. 6, 1, 8; Т. 7, 2, 10—12). Со исклучок на некои примероци, што им припаѓаат на минијатурните предмети (Т. 8, 21, 22, 29), сите се со вообичаена големина.

Меѓу типовите, што преовладуваат, е, секако, плоснатиот тип со мали димензии. Еден фрагмент му припаѓа на помалите калапести секири (Т. 6, 5) и еден, кој може да се определи како псевдокалапест или како преодна форма. Голем дел од другите се во форма на трапез, освен неколку примероци, што изразито му припаѓаат на типот со заострено чело (Т. 6, 1). Покрај овие

[16] Тоа е утврдено во Породин, Зелениково (39. Bericht RGK 111) и др.

[17] Четириаголни надземни згради со повеќе простории се откриени во Неа Никомедеја (Rodden R. J. — Rodden J. M. 1964/1, сл. 10—14). Исто така, такви објекти се среќаваат и во Вршник (Зборник I, 62).

варијанти, секирите не се поврзани со некој одреден хоризонт или со појавата на некој одреден керамичен тип, туку без оглед на формата, се јавуваат во сите слоеви.

Освен секирите, беше најден мал број **кремени предмети**. Некои од нив беа само откршени или пак фрагменти од кремени ножеви (Т. 8, 1—20, 28). Со своите ретуши, последните покажуват траги од сигурна употреба. Од другите фрагменти, некои би можеле да претставуваат алатки — свредел (Т. 8., 1) или шило. Интересно е дека досега не најдовме ниту еден примерок, што би претставувал стреличка.

Во споредба со горепоменатите камени орудија, кремените артефакти се малубројни. Исто така, се забележува дека и другите наоѓалишта, што културно се поврзани со Барутница, малко имаат вакви предмети. Другите камени изработки се, исто така, малубројни. Најдени се две камени кугли, т. н. боздогани од диорит. Имаат правилен облик, фино се гладени и вертикално продупчени.

Од мазнетите камења, најден е и помал прстен со хоризонтално продолжение (Т. 8, 27), кој служел како амајлија или обетка. Сличен пример е најден и во Бугарија.[18] Меѓу откриените наоди од овој вид, неколку фрагменти се од камена плоча, која на средината имала тркалеста дупка (Т. 10, 10, 20, 23).

Меѓу камените предмети, треба да го спомeнеме фрагментот од мелнички камен и некои парчиња, што одзгора имаа по една или повеќе вдлабнатинки.

**Коскени предмети.** — Досега истражниот седимент на нашиот локалитет не ни даде голем број коскени предмети. Сите наоди од овој вид можат да се сведат на шила со повеќе или помалку правилна форма, груби гладилки (Т. 9, 3, 5, 6, 8—11, 13—24; Т. 10, 2, 3, 5—9), глета (Т. 9, 2, 25—27) и неколку неодредени примероци (Т. 9, 1, 28; Т. 10, 4, 10). Од овие коскени предмети се издвојуваат две грубо изработени спатули, (Т. 9, 12; Т. 10, 1) само што едната може да биде и како составен дел на некој друг предмет. Спатула е најдена и во Вршник. Таа, всушност, се одликува со својата прецизна изработка и убаво формирана дршка.[19]

**Накит.** — Освен некои игли, што покрај практичната употреба можат да служат и како украсни предмети, најдени се три фрагменти од белегзии, изработени од школка (Т. 10, 11—17). Веројатно како накит служел и фрагментот на алка, исечен од поголема плешкина коска (Т. 10, 18—20).

**Други наоди.** — Од коскените предмети го среќаваме обработениот фрагмент од цилиндрична коска, што би можел да служи како украсен предмет на некоја дршка (Т. 11, 13). Интересни се тркалестите камени плочки, продупчени на средината, што се употребувани веројатно како тегови, вретена или копчиња (Т. 10, 23), како и двете тркалести испупчени копчиња, едното од земја, другото од камен, што беа продупчени на врвот (Т. 10, 21, 22).

**Керамика.** — Според бројноста и разновидноста меѓу археолошкиот материјал во Барутница, посебно место ѝ припаѓа на керамиката. Нејзината разновидност е во фактурата, формата, начинот на печењето, гладењето, украсувањето и слично. Макар што по овие елементи керамиката се дели на груба и фина, сепак со оглед на нашиот материјал, не ќе може да се изврши ваква класификација, со која правилно би бил опфатен одреден тип керамика од која било културна група. Исто така, и за постарите хоризонти тешко ќе може да се употреби делењето, извршено на Старчевачката култура,[20] каде што со групата „А" е опфатена покрај барботин impresso керамиката уште и таканаречената »Intermediary«, што всушност е ист поим за грубата керамика, со груб изглед на садот. Овде треба да потцртаме дека кај барботинската керамика во Барутница се јавува релативно добра фактура дури и кај грубо украсените примероци, не гледајќи на тоа, што оваа техника најчесто била употребувана на садовите со изразито фина изработка. За делење на керамиката на груба и фина, не е пресудно ниту мешањето на земјата, бидејќи, како што ќе видиме подоцна, примес на ситен кремен и плева не е додаван само во земјата за изработка на грубите садови. Со оглед на сите овие моменти, меѓу нашата керамика, групата на груби садови можела да се поврзе само со таканаречените керамика за секојдневна употре-

[18] Gaul J. H. 1948, T. XXXV, 6, 7, 11.

[19] Зборник II, сл. 37.

[20] Гарашанин Д. 1954, 62, сл., како и Fewkesова класификација во забелешката 2.

ба, макар што и таа, во многу случаи е многу добро изработена, убаво и правилно моделирана, така што, всушност, нема изглед на груба керамика. За разлика од оваа група, се разбира ако ги исклучиме сите споменети моменти и сликаната керамика, другите продукти од овој вид ни покажуваат разновидност во кталитетот на фактурата. Освен предметите со многу фин и среден квалитет, можеме да забележиме и предмет, чии состав на земјата е одличен за разлика од моделирањето, што е мошне неквалитетно, така што садовите изгледат груби. Вакви и слични појави постојат и кај оваа група садови. Бидејќи тие не се поврзани со некој одреден тип, како што веќе рековме, многу е тешко да се изврши некаква класификација. Посебна група меѓу нашиот материјал е керамиката со сликани орнаменти. Меѓутоа, и кај неа постојат извесни отстапувања, така што разликата во фактурата меѓу одделни примерци е многу голема. По начинот на изработка разликуваме садови со груба и фина фактура. Без да ја земеме предвид фактурата на сликаната керамика од другите делови на Балканскиот Полуостров, се забележува дека многу фините продукти од оваа група, во споредба со сликаните садови од другите наоѓалишта во Македонија,[21] се многу ретки.[22]

**Фактура.** — Кога зборуваме за фактурата на откриениот материјал, веднаш потцртуваме дека кај сите форми и во сите стратуми преовладува фината фактура, за разлика од грубата, што со мал исклучок беше забележана само на големите садови, чии ѕидови беа дебели од 1—3 и повеќе сантиметри. На земјата за изработка на садови им се додавале кремени зрна, понекогаш и плева. Овие додатоци, всушност, ја овозможувале нерамната површина на садовите, макар што поголем број садови биле повторно однадвор премачкани со ситно иситнета плева. Овие садови биле преднимно орнаментирани со барботин, отпечатоци од украс и понекогаш со пластични ребра. Грубата фактура е карактеристична за некои неорнаментирани садови, пластиката и за минијатурните садови. Интересно е дека составот на земјата на керамиката со добра и фина фактура, не се разликува од оној за грубата фактура. Така и садовите со фина изработка се од земја помешана со песок, понекогаш и многу иситнет кремен, така што и по премачкување површината на садот останувала глатка. Споменатиот премаз кај барутничка керамика служел за гладење на грубата површина и за моделирање на оние делови на садовите, каде што е потребна поголема прецизност. Како што ни покажуваат прекршоците на фрагментите од сите примероци на постарата керамика, со тој слој била моделирана периферијата или целиот горен дел на садот. Покрај овие два слоја, со мал исклучок, сите продукти биле уште еднаш превлечени со тенка превлека, која кај фината и особено кај сликаната керамика, личи дури на глазура. Меѓутоа, треба да напомене дека оваа превлека кај керамиката не е еднаква. Така, со допир површината на некои садови станува масна. Кај фината керамика таа многу често се лушти. Оваа превлека е предимно од фино прочистена глина. Меѓутоа, како што можеме да видиме кај некои смеѓи садови, додадена е иситнета плева, која за време на печењето изгорела, така што површината на садот е со пори, кои, и покрај добрата фактура, ѝ даваат порозен изглед.

Како што можеше да се утврди по фрагментите, најмногу садови беа изработени од едно, помалку од две или повеќе парчиња глина во хоризонтални сегменти. Се разбира, тоа се забележа како кај грубата така и кај фината керамика. Тоа, всушност, ни посочува дека изработката на садовите била изведена со помош на глинени ленти или колбаси. Покрај тоа, може да се тврди дека садовите биле многу добро моделирани, дури и оние што ѝ припаѓаат на грубата керамика. Садовите се симетрични, ѕидовите скоро кај сите рамномерно дебели и релативно глатки. Совршеноста на моделирањето посебно доаѓа до израз кај големите садови со фина фактура, чии ѕидови се мошне тенки, така што кај некои примероци е само 3 мм дебел. Макар што сета керамика е работена со раце, за нејзиното дотерување се употребувани разни варијанти коскени и други алатки, гладила со повеќе или помалку широка основа, за одделни форми и вретена.

[21] Досега најдената сликана керамика во Рук-Баир е со релативно груба фактура. Многу слична е и керамиката од Зелениково.

[22] Меѓу барутничката керамика не е најден питу еден фрагмент, што на пример, би посочила на финоста на данилската керамика. Ваквата појава е веројатно поврзана со квалитетот на земјата, што се употребува за изработка на грнчаријата.

Веројатно било употребувано и такво вретено, што е во форма на подлог лост — посебно кај садовите слечни на вреќи и без формирано дно — покрај хоризонтално, без оглед на тоа дали се состои од обична подвижна штица или пак од вретено на оска, со чија помош е возможна одредена ротација. Всушност, за формирањето точни кругови на дното, работ и симетричноста на садовите од најстарите културни групи наваму, потребно е некое средство од овој вид. Макар што мисленьата на археолозите, во врска со ова прашање, се различни,[23] сепак постојат покрај горенаразлика на ваквото и слично офодмување од една и дали садовите се од една или повеќе парчиња од друга страна, садовите биле формирани првин со раце, како што ни покажуваат нивните следи на прикршокот и од внатрешноста на садот.

Освен фактурата и моделирањето, особено внимание привлекува начинот и должината на печењето, како и начинот на боењето и гладењето. Како што ни покажуваат фрагментите од постарата керамика, садовите биле во повеќе случаи особено црно печени и превлечени со тенка црвена превлека или пак се црвено печени и превлечени со црвена превлека. Освен овие варијанти, многу често се јавуваат и предмети, кои однадвор се сиво или смеѓо печени и гладени, однатре црни и гладени. Многу чести се садовите, што се однадвор превлечени со црвена превлека, додека однатре сивата боја е постигната со печењето на садот. Без оглед на ваквите подробности, сета керамика им припаѓа на продуктите со многу добар квалитет и одлична фактура, печени во затворени печки. Така може да се тврди дека за одреден тип била употребувана секогаш иста температура.

Површината на сите керамични предмети е рамна и глатка, така што покажува повеќестепено полирање. Потоа, некои предмети не се гледани, други дури со повеќестепен интензивен блесок. Добивањето блесок зависи предимно од последната превлека со која бил премачкан садот. Така, многу добар блесок имаат оние садови, кои при допирањето даваат осет на масност. Кај керамичните групи, ваков блесок е забележен пред сè кај керамиката со интензивно црна, црвена и смеѓа боја. На интензивен блесок е мазнета скоро сета таканаречена „мермерна керамика" и сивата со гладен украс. Помалку интензивен блесок е на предметите со неопределена боја, како што се сите нијанси на сивосмеѓата и смеѓосивата и др., макар што постојат и некои примероци на керамика со црна, црвена, смеѓа или сива боја, што воопшто не се гледани на блесок. И покрај тоа што интензивен блесок преовладува на садовите со тенки ѕидови, сепак такво полирање наоѓаме и кај некои примероци со дебели ѕидови. Бидејќи токму по блесокот се разликува одреден дела керамика од другиот, потребно е да се осврнеме на техниката гладење, макар што многу нејзини начини се одамна познати.

[23] Орхоменос II.

ведените елементи и во другите неолитски кругови на Балканост некои појави, што уште поуверливо ни го потврдуваат неговото постоење во неолитскиот период.[24] Без

[24] Ibid.

Со исклучок на керамиката, која со допир е масна или посна, се појавува и она, која дава впечаток како да е прскана, односно како да е полна со мали флекички од светли и темни нијанси на боја. Кај овие примероци се забележува дека површината на садот не е сосема рамна. На неа се наоѓаат траги од влечењето на гладилка, направени, секако, за време кога била моделирана површината на садот. Потезите, обично кај високите садови, се вертикални, кај пониските и кај чиниите се хоризонтални, не гледајќи на тоа, дали тие се подолги или пократки. Многу ретко се забележуваат и коси потези. Во длабнатинките, направени со потег, за време на боењето на садот се збирало поголемо количество боја, што при сушењето останувала интензивна, при гладењето добивала интензивен блесок. Токму по овој изглед оваа керамика го носи името мермерна. Со ваква изработка таа се разликува од садовите со сосем глатка површина, бидејќи бојата кај нив е рамномерно распоредена по целата површина.

Бидејќи во натамошната обработка ќе направиме поширок опис на некои елементи на садовите и другите керамични продукти, овде се задржуваме само на два елемента, кои се карактеристични за сите слоеви во нашето наоѓалиште. Посебно внимание меѓу керамиката привлекуваат моделираните дна, постоља и разновидните типови дршки. Меѓу многубројните најдени примероци, разликуваме четири основи типови на дна.

1. тип, всушност, претставува рамно дно. Тоа е карактеристично за најмладиот културен хоризонт, посебно за највисоките слоеви. Ваквите дна имаат секогаш остри рабови, односно остар преод кон ѕидот на садот.

2. тип дно со ништо не е означен. Бидејќи тоа е сферично и изработано со иста дебелина како и ѕидовите на садот, многу тешко го распознаваме меѓу керамичните фрагменти, освен кај примероците кои имаа отпечаток нарогузина. Овој тип дна го забележуваме само кај пониските хоризонти.

3. тип дно е таканареченото плоскаво дно, што всушност е само варијанта на горниот тип. Ваквите дна се многубројни кај фината, а малубројни кај грубата керамика. Овие дна се значајни за двата пониски културни хоризонта.

4. тип дно претставува рамното малку означено дно. Ваквите дна, без сомнение, се развиваат од плоспатиот тип дна, се разбира, со додавање на уште еден слој глина на самото дно, што е во форма на погача или колбас, што посебно добро се гледа, бидејќи спојот многу често се одвојува. Ваквите дна се повеќе или помалку прецизно изработени. Кај некои примероци е одвај означено со моделирање и од надворешната страна профилирано со потег на прсти, макар што во основата не е дотеран во круг; кај други е особено означено и е прилично високо. Интересно е што ваквите дна биле превлечени со превлака истовремено кога била превлечена од надворешната страна. Ваквите примероци имаат многу често на превлеката отпечатоци од рагузина или од некоја слична груба ткенина, којашто кај повеќе фрагменти се одлепила и паднала.

Овој тип дна е мошне значаен за развојот на тркалестите основици на садовите. Од ова се развило дното со мала длабнатинка во средината или вистинско прстенесто дно. Според висината на додатниот дел постои цела скала постаменти, чии варијанти се карактеристични за најниските стратуми.

Иако многу најдени фрагменти зборуваат за поголемиот број развојни облици, без сомнение, сферното дно преставува основа за настанокот на сите споменати типови прстенести основи на садовите.[23]

Според типовите и постолјата или нозете се мошне различни. Се јавуваат во разни облици и во разни висини. Се разликуват мошне високи тесни шупливи до високи шупливи нозе или постолја. Според обликот на нозете, можат да бидат изразито цилиндрични, конусни или ѕвонести.

Во повисоките културни слоеви се јавуват и нозе, делумно полно изработени во форма на конус или ѕвонец. Овие ѝ припаѓаат на монохромната керамика, се со фина фактура, боени и украсени. Некои садови со сферична дна имаа како основа четири мали нозе. Нивната плоснатa форма ни кажува дека настанале од прстенестиот односно цилиндричниот тип постолја. Обидите да се моделираат прстенестите и ниско шупливите конусни нозе ни ја кажува и појавата на постолјата, кај кои со помош на вертикални вдлабнатинки се разделени во таканаречените стилизирани шепи (Т. 20, 19).

**Дршките** откриени меѓу керамичниот материјал од Барутница ѝ припаѓаат најповеќе на обичната керамика, помалку на оние со фина керамика. Меѓу откриената керамика не се утврди ниту една дршка, што би можела да ѝ се припише на така наречената мермерна керамика. Само со по еден примерок ѝ припаѓаат на црвено боената и на керамиката гладена до интензивен блесок. И покрај тоа што дршките во групата на боената керамика се ретки, тие обично се лентовидни. Во најнискиот хоризонт се најдени хоризонталните „ушенца“ со валчест (Т. 12, 5; Т. 18, 15) и лентовиден пресек. Во помал број се јавуваат оние, што на садот беа поставени вертикално.

Друг тип дршки, што се јавуваат во највисоките слоеви на најнискиот хоризонт, се дршките во форма на валчесто вертикално профилирани поголеми пластични пупки. Овие се многу слични на таканаречените „тунелести дршки“. Фрагментите на дршки од овој тип ѝ припаѓаат на керамиката со фина фактура, некои и на боените садови, што се хоризонтално или вертикално продупчени (Т. 12, 8—9). Вертикално профилирани пластични ис-

[23] Мошне добар развој е констатиран на неоѓалиштета во Тесалија, каде што може да се следи и со сигурна стратиграфија (Milojčić, V. 1959, 7, сл. 5, 1—9).

пупченија од сите големини се забележани и во II културен хоризонт (Т. 14, 11). Како подвид, макар со специфична форма, ги сметаме вертикално издолжените и релативно тесните испупченија со надолжна профилација на средината. Ови дршки се хоризонтално преформирани. Според фрагментите на кои се наоѓаат, ѝ припаѓат на керамиката со фина фактура, печени предимно темно до црносиво. Неколку помали примероци, само без профилација, се јавуваат и на црвено печената и боената керамика, гладена до интензивен блесок (Т. 12, 7).

Сиве овие дршки пластично се апликирани на површината на садовите. Освен споменатите, во употреба се и обични лентовидни дршки, хоризонтални, со профилација на средината, што во хоризонтален пресек се во форма на триаголник. Овие дршки се карактеристични за обичната керамика (Т. 26, 5), употребувани на разни топчестоамфорести садови. Лентовидните дршки можат да бидат и вертикални со една или две прави долги канелури. Често се појавуваат на рамото на биконусните садови со фина фактура (Т. 24, 17). Кај некои примероци долниот дел се продолжува во пластично ребро со отпечатоци на прсти. Имаме и примероци што воопшто не се продупчени. Како овие, така и горните дршки, обично се прилепени на површината на садот. Најбогат со разновидни форми дршки е младиот културен хоризонт. Така, можеме да забележиме дека овде се застапени следниве типови: лентовидни ушенца (Т. 29, 17) — што на врвот се стеснети (Т. 37, 4) со пластично испупчение на врвот (Т. 30, 9). Овие се карактеристични за биконусните садови. Обично им се наоѓаат на рамото. Кај поголемите примероци од овој тип, дршките имаат уште јазично мало хоризонтално испупчение на долниот дел (Т. 29, 3—6; Т. 30, 10; Т. 31, 5). Овие дршки се карактеристични за стомните, прицврстени на садот со чеповидно продолжение.

Особено место и по многубројноста заземаат дршките на јазичестиот тип (Т. 29, 8, 9). Тие можат да бидат сумарно изработени и се обично на обичните садови. Многу од нив веројатно не биле ниту продупчени (Т. 29, 14), дури и кај биконусните чинии (Т. 27, 1; Т. 28, 3). Некои беа вертикално (Т. 28, 4; Т. 29, 8, 9, 12) или хоризонтално перфорирани (Т. 29, 11, 15). Некои од овие дршки имаат копчесто моделиран врв, така што ни изгледаат како зооморфни (Т. 29, 7, 10).

Посебен тип претставуваат цилиндричните дршки со мали вдлабнатинки на врвот (Т. 29, 2). Освен вистинските дршки, постојат и низ пластични апликации, што се јавуваат на нивното место (Т. 28, 5). Како што веќе спомнавме, ваквата појава може да има и украсен карактер. Овие апликации обично се наоѓаат на најголемата периферија како крај амфорите така и кај чиниите (Т. 27, 2 5—9, 12; Т. 28, 12; Т. 27, 1), макар што некои се со перфорирана тесна дупка.

Како посебни дршки се издвојуваат дршката во форма на чеп, веројатно од некој просопоморфен капак и помала дршка со тркалест пресек, што се наоѓала на конусната чинија. Слична дршка е најдена во првиот откоп на преораниот културен слој, што се наоѓала на чинија со иста форма или на некој поплиток сад, на чија периферија се наоѓаат остатоци и од една хоризонтална дршка, што се наоѓала под неа.

**Украсување на керамиката.** — Кога зборуваме за украсувањето на најдената керамика, не мислиме само на вообичаеното орнаментирање со помош на разни мотиви однадвор и однатре на садот, туку и на она, што се вршело со помош на боење на одделни површини на садот. Така, освен примероците на кои е постигнат естетски ефекат со премаз на боја кај цело обоените садови со црна, црвена, смеѓа или во разни нијанси на истите бои, наоѓаме и примероци од таканареченото бихромно боење на садовите. Оваа техника била најчесто употребувана на фината керамика. Како по правило, ако горниот дел на садот е премачкан со темносмеѓа или црна боја, долниот е со црвена или смеѓоцрвена, односно, ако горниот е со тамносива или црна, долниот дел е со светложолтеникава боја. Кај садовите со груба фактура се забележува дека долниот дел на садот е обично темен или светлосив, горниот посветол. Садовите со фина фактура биле боени пред повлекувањето на глазурата, според тоа, пред повторното печење. Според некои елементи на оваа керамика, можеше да се утврди дека целиот сад бил најпрвин обоен со црвена боја, се разбира, до колку основата не станувала таква за време на печењето. Дури потоа, кога површината била сува, горниот дел на садот до извесна висина кон дното — се превлекувал со тем-

на боја. За да се ублажи преоѓањето од една во друга боја, долниот раб на потемната боја е делумно избришена со потези на прсти. Ваквото бришење не е забележано на сите фрагменти од овој вид.

Според изгледот на некои фрагменти, може да се каже дека постоеле и други начини за добивање на споменатата бихромија. Така, на некои садови, што не беа гладени до блесок, ваквата боја била нанесена по печењето, затоа и таа се лупи. Бихромирањето на другите садови, до колку може да се утврди само со површинската анализа на садовите, настанала и поради различниот состав на глината, која за време на печењето омозвожувала настанување на разни бои односно нијанси. Таквото нијансирање е забележано кај оние предмети, чиј горен дел на садот е моделиран само по премаз. Кај секој пример, обично горниот дела на садот е посветол од долнит (Т. 30, 9). Веројатно на истата процедура можат да ѝ се приближат и флеките што се јавуваат на керамиката од овој вид. Многу често бихромните садови биле и дополнително украсувани. Дополнителното украсување се вршело со нанесување мотиви на површината на садот од друга боја, со бришење на потемната боја, со која садо бил премачкан. Првиот начин се изведува на веќе печени садови, кај вториот, бојата се брише додека садот е влажен, така што мотивот е во истата боја како и подлогата. Според досега најдените фрагменти можеме да заклучиме дека орнаментот се наоѓал на целиот или само на горниот дел на садот. Бихромната керамика во нашите сонди се јавува во сите слоеви на најнискиот и средниот хоризонт, само што оная со профина фактура е поврзана скоро исклучиво со подмладиот хоризонт. Занимливо е дека досега ваквиот начин на украсување и забележан само на специфични форми кај одделни садови. Во постариот дел на седиментот, бихромијата се поврзува со купите на постолја и конусните чинии, додека во помладиот дел на седиментот се јавува во сите керамични форми. Бихромно боење на садовите е забележано и во другите локалитети во Македонија, Тесалија и Српско Подунавје.[26]

**Орнаментирање.** — Покрај разните украсувања на керамичните предмети, што веќе ги спомнавме, најизразито е орнаментирањето, што е употребено на голем дел од керамиката во Барутница. Разликуваме два основни вида орнаментирање. Едниот се изведува со мотиви, другиот со нанесување одредени пластични ефекти по површината на садот. Ако ги оставиме настрана разните пластични украси во форма на пупка, што понекогаш имаат и определена функција како и пластичните ребра со убоди од нокти или отпечатоци на прсти, употребувани истовремено и во други технички, орнаментирањето во Барутница се изведувало на разни начини. Покрај грубото делење, со кое се издвојува сликаната керамика од монохрамната, според техниката на орнаментирање кај монохромната керамика можеме да издвоиме неколку типа: техника гладење на орнаментот, барботин, жигосување од типот impresso, жигосување со разни алатки, украсување со помош на избоцкани врежани ленти, обично плитки врежувања во форма на графит, длабоки и широки врежи, канелури, од многу плитки до винчанските со карактеристично изведување на орнаментот. Голем број такви орнаменти е забележан на фрагментите, кај кои во најголем дел не е возможна ниту мотивна ниту обликувна реконструкција.

**Орнаментика во техниката барботин.** — Од сите техники на орнаментирање, на нашиот локалитет е најзначајна техниката барботин. Бидејќи по многу детали се разликува од оная, што во научната литература беше многупати обработена,[27] ќе ѝ посветиме поголемо внимание. Исто така, потцртуваме дека меѓу најдениот материјал, со исклучок на сликаната керамика, е најмногубројна и најинтересна керамиката од овој тип. Таа, всушност, е најстара на нашиот локалитет и се јавува во сите културни хоризонти од најниските до највисоките. Со оглед на појавите што се мани-

[26] Во Винча се јавува во слојот на земјанките. Во Тесалија е карактеристична за така Старчевачка варијанта »Ausgewischte Bemalung« која во Отзаки магулата се поврзува со најмлада градбена фаза на сескло (Milojčić V., 1959)

[27] Макар што поимот барботин во научната литература е дефиниран, сепак имаме случаи, кога овој израз станува општ и му се припишува на низот други технички аспекти. Така, на пример, Fewkes под поимот барботин ги опфаќа сите видови груба керамика во Старчево и во Старчевачката култура, без да се обзре на техничките изведувања и дали е садот воопшто орнаментиран (Fewkes B., 1936, 43, сл.). Милојчиќ, меѓу барботин керамиката ја вклучува и оная што е издвоена под името impresso (Milojčić V., 1959, 10 сл., Т. 2, 4—11) итн.

фестираат на овој локалитет, под баботинска керамика односно керамика орнаментирана со барботин, подразбираме посебен начин орнаментика, технички изведена на неколку начини, макар што целта останала секогаш иста. Класичниот начин на нашиот локалитет е поврзан со најстарите слоеви, односно со најстариот културен хоризонт. Додека во најмладиот хоризонт се осеќа дегенерирање, во средниот хоризонт се развил така, што понекогаш многу убаво орнаментираните примероци преоѓаат во типот на боената керамика. Макар што целата на ефектот е иста во сите периоди, а техничкото изведување различно, сепак, на својата специфичност на одделни типови се разликува од оној што е познат во културните групи, како што се Körös — Старчево и други. За разлика од горните културни кругови, барботинот во Барутница се појавува во поголем дел садови, кои во горниот дел биле прво гладени, што веројатно, значи извесен степен на печење. Дали ваков начин бил употребуван кај сите видови барботин, е прашање за идните истражувања. Веројатно е дека по нанесувањето на премаз, садот не бил веќе печен во затворена печка, бидејќи според физичките закони за еластичност, би дошло до распукнување, ако не на садот, барем на оная површина од додадениот слој премаз.[28] Од оваа техника се разликува барботинот, употребуван на керамиката во најмладите слоеви, каде што тој бил нанесен пред печењето на садот — техника што веќе ја познава и Старчево.[29] Според изгледот и начинот на изведување на барботинот, разликуваме два концепта. Едниот е со обично лепење на премаз без каква и да било тенденција за изведување мотиви; кај другиот е постигната орнаментиција од одреден систем со разни превлекувања.[30] Покрај обичното лепење на расквасена земја, имаме и примероци, кај кои малку поголеми грутчики се аплицирале на садот. Понатаму, имаме и примероци кај кои се јавува комбинација на едниот и другиот тип. Освен гореспоменатите варијанти од првиот тип, разликуваме уште:

1а — со лепење на расквасена земја на површината на садот. Овој начин го забележуваме низ целиот културен седимент на најнискиот и средниот хоризонт. На овој начин се орнаментирани пред сѐ топчестите амфори со цилиндричен врат, само што орнаментот е на еден дел од рамото и стомакот, понекогаш до самото дно. Другите делови на садот се механички мазнети.

1б — Ваков начин на изведување на барботинот во најниските слоеви е ограничен само на рамото со пластично ребро, на кое има отпечатоци од прсти.

2. — Повлекувањето со прсти во разни насоки по влажната наосушена и многу расквасена површина е многу омилено и же да се забалежи во сите слоеви на спомenатите хоризонти. Освен на садовите, на кои се јавува првиот тип, се јавува и на големите конусни чинии и јајцести купи. И овој, како и поранешниот, е ограничен на дел од рамото од дното, односно над дното. Кај конусните чинии почнува под работ понекогаш од работ (од со 1 см) на разни височини. Деловите без барботин се мазнети. Барботинот од овој вид е изведен со потези, кои идат одоздола кон горниот дел на садот и овде завршуваат во големи лакови.

2а — Како подвид на вториот тип би може да се забалежи во сите слоеви на спокои потезите на прстите не се рамномерно извлечени во една насока, туку повеќе или помалку се изведени само со притисок на прстите во разни насоки по расквасената површина. На овој начин, на рамото односно на крајот на барботинската поврвина се постигнуваат некој вид неправилни пластични гирланди. Барботинот од овој вид е многу груб.

2б — Исто така, како подвид можеме да го сметаме барботинот на некои чинии и купи, изведен со потези на прстите на рамото или под работ како некаков вид гирланда, составена од неповрзани хоризонтални куси потези. Барботинот од овој вид е многу фин, така што површината е сосема малку огрубена. Тој се изведува на многу тенок и пред сѐ редок премаз.

2ц — Трет подвид на овој тип би претставувале потезите, изведени со некоја плосната широка и нерамна алатка, веро-

[28] До овие забелешки дојде Б. Коропец за време на обработувањето на Старчевачкиот материјал во тезата „Кронологија старчевачке културе". По изгледот што го покажува не само барботинираната керамика, туку и голем број други, била двапати печена.

[29] Гарашанин Д. 1954, 64 сл.

[30] Вакиот начин е наречен и организиран барботин (види Гарашанин М. 1968, 304).

јатно назабена. И кај оваа варијанта орнаментот завршува горе во вид на некаква гирланда, која не е само во лакови, туку повеќе во зигзаг линија. Досега оваа варијанта беше забележана само на поголемите конусни чинии со фина фактура, макар што самиот орнамент беше доволно пластичен.

3. Барботин, изведен со притисок и благо тапкање со дланките по меката расквасена површина. На овој начин се создава некој вид груба површина дури и со пластично тенки испупченија. Овие испупченија настануваат со одвојување на делови од премазот, кои се залепиле за дланката, штом се тргне раката од површината на садот. Овој начин доаѓа често во комбинација со другите варијанти барботин, на пример со оној што е изведен со повлекување на прстите итн. Токму во оваа комбинација се употребува на сите видови садови, најмалку на конусните чинии.

4. Овој тип е забележан на обична неѓладена керамика. Намерно неизрамнетата површина на некои садови би можела да се смета како кај некој вид дегенериран барботин. Се јавува во подоцнешните слоеви и тоа во врска со бронзеновремениот период. Технички овој начин се изведува така, што површината на садот и мазнета, слично на намазнетото и грубо моделирање на дното, каде што гледат слоеви и парченца земја, од кои е составен. Овој тип е употребуван на конусните садови, чиинте со своја посебна профилација, на фрагментите што ѝ припаѓаат на плитките садови, чиниите со неозначено дно, макар што судејќи по формата ѝ припаѓаат на чиниите.

5. Некои фрагменти на садови, чиј облик не можеме да им го реконструираме, се украсени во барботин, кој е изведен првин со вертикални потези на прстите преку тенкиот премаза на расквасената глина. Преку нив уште на влажен орнамент е хоризонтално отпечатена тесна лента, веројатно некоја барска трава (Т. 25, 11). Самиот орнамент е многу плиток и фин. Веројатно на рамото на садот завршува во пластично ребро, кое е многу релјефно. Горниот дела на садот е орнаментиран и мазнет.

5а. Како подвид на овој тип барботин би можеле да го земеме и орнаментот, изведен со хоризонтални отпечатоци од лента на некое барско растение на тенкиот премаз од расквасената земја, така што површината на садот станува рапава (Т. 26., 12). Досега овој подвид како и поранешниот тип, беа многу ретко забележани.

6. Меѓу барботинската керамика, многу често се јавуваат садови, на чија влажена и рапава површина се нанесени пластични плоснати (Т. 24, 11), понекогаш дури и конусни, налепци (Т. 24, 13). Ваков тип барботин е забележан само кај керамиката со груба фактура.

6а. Некои фрагменти на садови со големи деминзии се украсени со хоризонтални превлекувања од прсти по смекнатата земја. Тоа превлезување е праволиниско, може да биде и криволиниско.[31] На крајот ќе спомнеме и неколку начини на украсување, што ја заменуваат барботинската техника, и затоа ги именуваме како лажни или како имитација на барботинот. Спротивно на вистинскиот барботин, овие никогаш не се изведени со помош на расквасениот премаз.

7. Од техничка страна, овие примероци се многу значајни, бидејќи се изведени со нанесување белосива боја на мазната површина, што требало да биде орнаментирана. Се појавува на конусните чинии, најдени меѓу горниот и средниот културен хоризонт.

7а. На садовите со повеќе топчеста форма со непрофилиран раб, како и на конусните чинии, се јавува орнаментирање, што би можело, исто така, да го наречеме лажен барботин. Овој тип дава впечаток, како да паднала глазурата на тој дел на садот, додека горниот дел и внатрешноста на садот беа гладени. Ваква рапава површина е направена со притисок на некоја рапава алатка, поширочка штичка или коска. Ваков лажен борботин е значаен за младите слоеви.

7б. Сивиот орнамент, што дава впечаток како да му паднала пластичната апликација, а на површината останале само траги од неа, е забележан на еден фрагмент на чинија со фина фактура.

**Орнаментика Impresso.** — Орнаментиката impresso има значење како и барботинката, бидејќи не се поврзува со моти-

[31] Професор Ehrich ме предупреди дека е сличен само во порубите изведби, Мотивот барботин настанал предимно меѓу Старчевачкиот материјал што го ископал Fewkes. Тој не се спомнува во монографијата на оваа култура.

вот, макар што зведувањата им се сосема спротивни. Сличност со барботинската техника се јавува само во целта за огрубување на површината на садот. Веројатно е дека токму затоа ѝ беше долго приклучена на барботинската орнаментика. Со оваа техника се јавува само во целта за огрубу- садот или дел од рамото до работ на диото. Во тој случај, другата површина е зарамнета, гладена или на блесок полирана. Орнаментот на садот е отпечатен во време кога површина била сè уште влажна. Меѓу керамиката во Барутница, орнаментирана во оваа техника, разликуваме неколку варијанти:

1. Оваа варијанта е најчесто изведена со отпечатоци на прсти, без каков и да е систем, отпечатен по целата површина. Отпечатоците се многу куси и плитки. На садовите се јавуваат или само до работ или до рамото (Т. 16, 2, 5, 8).

1а. Нејзин подвид се таканаречените „штипени отпечатоци", распоредени релативно правилно по орнаментираниот дела на садот (Т. 15, 3, 4).

1б. Освен горните начини, како подвид го вбројуваме и жигосувањето во форма на долги полумечени отпечатоци, што всушност е имитирање на нокните отпечатоци, направени со лачно формирано орудие. Обично се расфрлени по целата површина на садот (Т. 16, 3, 4, 6, 7, 9, 11). Кај некои примероци се осеќа тенденција за поредување (Т. 16, 10).

1в. Трет подвид сочинуваат поголемите и подлабоки вдлабнатинки, направени со отпечатоци на нокти, врвот на прстот (Т. 16, 13) или со истиснување на земјата од меката површина на садот (Т. 16, 15).

2. Вториот тип impresso орнаментирање е изведен со отпечаток на разни алати со тапи врвови. Овие отпечатоци имаат малку поинаква форма (Т. 15, 1; Т. 16, 1, 12, 16; Т. 17, 2, 3, 6, 9, 14, 13, 18, 19). На нашето наоѓалиште досега откриените неколку фрагменти ни кажуваат дека на овој начин беа орнаментирани и чиниите, кај кои оваа техника е изведена до работ на садот (Т. 16, 1.).

2а. Жигосувањето беше направено и со сламка (Т. 17, 4, 21) или со тркалеста цевкаста коска (Т. 17, 17). Impresso орнаментирањето се поврзува само со керамиката од најниските слоеви во Барутница, во најголем дел најдена насобрена на едно место.

**Орнаментирање со гладење на мотивите. —** Вакво орнаментирање е забележано на многу мал број фрагменти, макар што тоа било почесто употребувано. Мотивите се во форма на вертикални ленти, што идат од работ на диото кон горниот дел на садот (Т. 21, 25). Овој мотив има аналогија во вертикалните таканаречени чапорести ленти, што се јавуваат во кругот на сликаната керамика во нашето наоѓалиште. Освен тоа, со неа се поврзува на фактурата и формата на садот. Според тоа можеме и хронолошки да ја поставиме ако не во истиов барем во многу близок период од овој тип керамика. Во Македонија се јавува во најстарите слоеви на Сервија,[32] додека во српско Подунавје се поврзува со фазата на Старчевачката култура во слојот земјанки во Винча.[33] Во пониските слоеви, односно во слојот под II нивелација на засекот, се јавуваат и мотиви од паралелни пошироки и потесни ленти и триаголници. Според досега најдените фрагменти, вакви мотиви се јавуваат на нозе, што го красат горниот дел на садот и ногата. Во оваа керамична група е интересна една шуплива ѕвончеста нога, изработена во фактурата на сликаната керамика со низа паралелни, гладени хоризонтални ленти (Т. 23, 15), макар што овие мотиви се карактеристични за сивата керамика. Така беше орнаментирана и смеѓата керамика. Овие мотиви се јавуваат во младиот културен хоризонт. Тоа се стилизирани мотиви во форма на грав. Обликот во целост не можеше да ѝ се реконструира. На црните биконусни чинии гладениот орнамент се јавува во форма на шрафирани триаголници. Мотивот е изведен со гладени црти. Добра паралела наоѓаме во идентичните чинии во Винча, кои се појавуваат на длабочина 6.8 и 7.8 м. Меѓу наоѓалиштата во Македонија, каде што се јавува украсување со мазнети мотиви, се спомнува и Вршник, макар што не е опишано, со кој тип керамична форма се поврзува оваа техника.[34]

За честата и долготрајна употреба на овој начин орнаментирање во Барутница, уверливо ни зборуваат сите наведени примероци. Според Васиќ — таа се јавува во

[32] Heurtley W. A., 1939, 137, sl. 6—9, T. I, 6; T. II. 8, 7, 10.

[33] Винча II, Т. CIV, 29.

[34] Зборник II, 20.

сите културни хоризонти[35] и е карактеристична за Источна Македонија. Бидејќи керамиката со гладени мотиви се појавува и во Вршник, можеме да претпоставиме дека била употребувана и во другите наоѓалишта во Македонија.[36]

**Техника на жигосување.** — Меѓу орнаментираните керамични фрагменти има и такви, на кои за изведување на мотивите е употребена техниката жигосување. Овој начин на украсување претставува обид за изведување на некои мотивни облици. Разновидноста на овие мотиви не е голема и се сведува, всушност, на рамни и понекогаш на зиг-заг ленти.

1. Овој начин на орнаментирање, како што ни кажува досега откриениот материјал, бил обично изведен со низа вдлабени мали триаголни отпечатоци, поредени во два или три реда. Вака украсени се најчесто биконичните чинии. Мотивот на нив се наоѓа над најголемата периферија (Т. 17,3; Т. 18, 9, 12, 16, 17, 21).

2. Како посебен вид претставуваат отпечатоците направени со тап врв од некој алат, што за разлика од горните се во форма на круг или валчести. Овие отпечатоци се изведени во зиг-заг ленти (Т. 17, 4, 7), кои се широки и веројатно покривале поголема површина на садот (Т. 17, 14).

Овој начин на орнаментирање е карактеристичен само за најнискиот културен хоризонт. Техниката жигосување со вдлабени триаголни отпечатоци повторно се појавува дури во најмладите слоеви и тоа, во врска со орнаментирањето на рабовите кај конусните чинии (Т. 28, 12) и веројатно ги заменуваат отпечатоците од прсти и нокти. (Тип 1). Забележан е во Вршник и се смета како Kerbschnitt техника. Преку оваа техника се укажува на врската со културата Хамангија.[37] Меѓутоа, оваа техника само со малку поинаков мотивен состав се јавува и во Тесалија. Таа служи за оградување на боените тракови и како додаток на овие мотиви кај конусните чинии и кај некои крушевидни пехари или кај малите амфори. Овие керамични типови, како по мотивите, така и по формата на садовите, потсеќаваат на сескло елементите. Поради нивната е профилација кај некои типови, Милојчиќ хронолошко ги одредува во помладата фаза на оваа културна група.[38]

**Техника на врежување.** — Веќе во најниските слоеви, на некои фрагменти се јавуваат врежи со кои била украсена поголема површина (Т. 19, 11—14; Т. 21, 22). Врежите обично се паралелни во вертикален или кос правец, без определен мотив, макар што некои примероци се изведени со некој повеќезабен алат на сè уште влажна површина. За разлика од веќе погоре спомenатите примероци, врежаните орнаменти многу често се јавуваат во повисоките културни слоеви. Орнаментацијата, всушност, се сведува на паралелно врежани хоризонтални линии, шрафирани триаголници (Т. 14, 13), коси врежи (Т. 13, 2, 4, 14), прекршени куси цртички (Т. 19, 14), меандри (Т. 12, 3; Т. 13, 17) и неопределени мотиви (Т. 13, 5, 10), што во одделни случаи се дури многу длабоки (Т. 12, 6). Меѓу керамиката со врежани мотиви се и фрагментите со црно боени меѓупростори на мотивот (Т. 13, 6), начини, што многу добро ги означува винчаската група. Интересно е да се напомне дека оваа техника врежување во Барутница, со мал исклучок, се јавува исклучиво на предметите што може да им припишеме култен карактер.

**Орнаментирање со плитки врежи.** — Во техниката орнаментирање, со помош на врежи, издвојуваме и некои фрагменти од најниските слоеви, чии двократни паралелни врежи се многу плитки и тенки. За разлика од горенаведените, врежани се со многу шилест алат на веќе осушената површина на садот и личат на техниката sgraffito. Со вакви врежувања, без каков и да е ред, во кос и вертикален правец, е исполнета целата површина на горниот дел на садот (Т. 21, 13). Овој начин досега е забележан многу ретко. Во Винча е забележан само на еден фрагмент.[39] Во Барутница понекогаш се јавува и кај гладените садови, така што е само на горниот дел, додека долниот дел на садот е гладок. Кога зборуваме за орнаментиката на барутничката керамиката, мора да го спомнеме и плиткото канелување (Т. 21, 6). Макар што е, всушност, на керамиката од повисо-

[35] Винча II, 122, Т. LXX—LXXII, LXXIII, 249.

[36] Casson и Heurtlv спомнуваат наоди на графитирана керамика. Судејќи по сè, тие нашле сива керамика вака орнаментирана, додека според бојата мислеле дека е графитирана. По нив, Васиќ споменува графитирана керамика во овие јужни предели (Винча I, 95).

[37] Зборник I, 61 и д; Зборник II, 32, Забелешката 41.

[38] Milojčić V. 1959, сл. 11/3, 4, 8, стр. 13.

[39] Винча IV, 100, сл. 164.

ките слоеви односно од најмладиот хоризонт, сепак е забележан и на гладениот сад од најнискиот хоризонт.

**Сликана керамика.** — Меѓу барутничката орнаментирана керамика, посебно место ѝ даваме на фрагментите од сликани садови. Макар што во однос на другата керамика е малубројна, сепак преовладува со својата разновидност во боја и нијанси, мотиви и комбинации. Општо земено, фрагментите од сликаната керамика се мошне мали. Ретки се таквите што ни овозможуваат реконструкција на мотивите или формата на садот. Објаснение за оваа појава наоѓаме во фактот, што била употребувана многу често (повеќе одошто фрагментите од другата керамика), во секундарна намена, односно беа заокружени и кај некои продупчени и со дупка на средината. Треба да се осврнеме и на тоа дека фрагментите од сликаната керамика поради својата фактура се трошливи и во повеќе примероци им отпаднала надворешната превлека, на која беше орнаментот, што го растопила водата или влагата. Дека сета керамика била одлично изработена, ни кажуваат фрагментите, што со копање на разни културни јами стасале во повисоките слоеви, што биле помалку влажни. Бидејќи тие се идентични по сите елементи односно по фактурата, изработката на садот, техниката на орнаментирањето со примероците, што со оглед на влагата го изгубиле некогашниот изглед, сигурно е дека ваквата сликана керамика спаѓала во категоријата продукти со одличен квалитет.

По откриените фрагменти се констатира дека сликањето на садовите не било секогаш наист начин, затоа и треба да разликуваме повеќе техники. Освен обичното нанесување на орнаментот пред гладење на садот, многу често е изведен на веќе замазнета површина, при што блескотот бил само на подлогата, додека мотивот останува мат. Кај оваа техника, орнаментот многу често отпадал и оставил трага, така што ако бил со бела боја, останува сивкавобела трага. Многу подобро се зачувани мотивите, изведени со темносива боја. Вакви фрагменти со отпаднати мотиви нѐ потсеќаваат на гладените мотиви, изведени е во обратен однос и мотивот бил изведен уште со нанесување на друга боја. Постојат и многу други примероци, што ни го посочуваат начинот на изведувањето на овој керамичен тип. Меѓутоа, најдени се и некои примероци, кај кои не може да се заклучи, дали бојата на мотивот отпаднала или извесно време била свлечена. Оваа претпоставка не е исклучена, бидејќи имаме фрагменти што биле делумно цели, покриени со мотив, кој е изведен со стругање на горната површина на бојата. Со ваква техника орнаментот добива малку побледа нијанса од подлогата. Бојата на мотивот кај ваквите примероци е боја на садот, постигната со печењето. На некои фрагменти можеме да забележиме дека по стругањето на мотивот, целиот сад бил повторно превлечен со превлека, која на мотивот му дава блесок со помал интензитет од подлогата. Постои и варијантата, што се состои од техниката сликање и стругање. Оваа варијанта била употребувана веројатно на садовите украсени со бели ленти, прво во подебели слоеви, ненасени на садот и дури потоа дотерувани на тој начин, што прекумерната боја од рабовите им била истругана. Така, и рабовите на овие ленти стануваат рецкани (Т. 33). Општа појава кај сликањето на орнаментот, без оглед на боењето што се лушти, е течната боја што се нанесува на површината на садот да не се издигнува, така што мотивите да добиваат извесна пластичност. Овој втор начин на боење е забележен особено кај боењето со бела пастна боја, нанесувана на површината на садот во подебел слој, за разлика од рамномерното бело сликање на површината околу орнаментот, момент на кој подоцна ќе се вратиме.[40]

Макар што основни бои за сликање се белата, црвената и темносмеѓата, имаме цел спектар на разни нијансирања, посебно кај црвената боја. Смеѓата боја е многу често мошне темна, речиси црна. Белата боја е многу често чиста. Покрај тоа е и нечиста, така што дава впечаток како да е сивобела или жолтоникаво-бела. Како што е различен начинот за изведување на сликаната орнаментација, така се разновидни мотивите и боите што се употребуваат за украсување. По сите елементи, што ни ги посочи керамиката од Барутница, изглед дека одделни видови мотиви се поврзувала и со определена боја.

Освен општото делење на мотивите на праволиниски и криволиниски, на нашето наоѓалиште за првпат се појавува и гру-

---

[40] Ваков начин на орнаментирање со бела боја се јавува во Вршник.

пата, што може да се означи како апстрактни растителни композиции. Тие, како и некои други, се составени од елементи, што имаат геометриски карактер. Овој вид орнаменти обично ја украсувале целата површина на садот и тоа од периферијата до дното. Составен е од низа разнострани триаголници, кои кон долниот дел на садот можат да бидат и издолжени. Вакви композиции можат да бидат делени на две симетрични половини со вертикална црта, која о добете страни е украсена со низа точки. Композициите од овој вид се изведени со бела боја на црвеникавосмеѓа подлога. Веројатно постоеле и други комбинации, само за жал, засега не ќе можат да се реконструираат. Со оглед на тоа дека најголем дел фрагменти беше со мали димензии, компарација може да се изврши само на одделни елементи што се зачувани на нив. Бели црти со низи на точки од обете страни се веројатно дел од некаква композиција, во која овој елемент се јавува хоризонтално. Со низа обични паралелни црти се јавува на аналогната керамика од одделни локалитети во Бугарија,[41] Тесалија[42] и покрај тоа, белите точки се карактеристични за Породин.[43]

По досега најдените фрагменти може да се заклучи дека орнаментот бил најчесто на целата површина на садот и тоа од работ надолу. Самата периферија кај садовите со неозначен врат може да биде украсена со обична црта, со лента однадвор или од обете страни. Лентата на одделни места може да е со триаглести раширувања или наполно рамна и рамномерно широка и во форма на коси куси ленти (Т. 19, 4). Многу често се јавуваат повеќекратните гирланди, без меѓусебно симетрично распоредување (Т. 19, 23) или несиметрично брановидни ленти. Сиве овие начини на орнаментирање се забележени на црвената керамика или на светлосмеѓа подлога со бели и темносиви мотиви. Веројатно многу од наведените примероци се само дел од орнаментирањето, кое било и на другата површина на садот. Вакви мотиви за украсување на работ на садот се јавуваат и во другите локалитети во Македонија: Вршник,[44] Зелениково,[45] Логитењево[46] итн, на север се значајни за Старчевачката култура, на југ за подрачјето на Тесалија.[47] За орнаментирање на другиот дел на садот најчесто се вертикални мотиви и тоа, во форма на лента, што се чопорести и одат од дното нагоре (Т. 19, 1, 5, 6, 7, 10, 15, 21, 26, 27) или подебели ленти и тенки црти што одат од опишаната бордура на работ кон дното (Т. 19, 3, 24, 25). Во поголем дел се изведени со темносмеѓа боја на црвена или светлосмеѓа основа. Меѓутоа, некои фрагменти ни покажуваат дека така орнаментираните садови можат да имаат под работ заклучена бордура во форма на косо шрафирани триаголници. Така орнаментираните садови имаат бел мотив на црвенорозов основа, темносмеѓи на светлосмеѓа основа, светлосиви и понекогаш бели на темносива основа, што не е исклучено оваа нијанса да е добиена секундарно. Макар што овие мотиви се јавуваат најмногу на садовите без означен врат, одделни примероци, на кои барем е благо означен со одвај забележен извлечен раб, односно на садовите што веќе имат блага S профилација. Освен украсувањето на садот со вертикални линии, се јавуваат и ленти, чии рабови не се рамни. Меѓу садовите, што имаат означен врат, комбинацијата на орнаментот се дели на мотив поширок на вратот и на оној, што го украсува другиот дел на садот. Досега најдените фрагменти ни покажуваат дека кај овие примероци се работи секогаш за садови орнаментирани со бела боја на црвена или црвеникавосмеѓа основа. Меѓу овие фрагменти, како орнамент на вратот се јавува бордурата, исполнета со двонасочни гирланди, со повеќе или помалку правилни зиг-заг ленти, додека долниот дел е разделен во вертикални полиња, од кои некои се исполнети со вертикални прави или вертикални зиг-заг ленти. Некои садови на вратот имаат орнамент во форма на мрежа, долниот дел на садот беше украсен со многу продолжени триаголници што висат и беа исполнети со вертикални тенки линии, додека другиот меѓупростор беше покриен со бела боја. Слични мотиви се карактеристични за бело орнаментираната керамика во Старчево, во Македонијата и за Зелениково. Посебно внимание привлекуваат некои фрагменти, што не може да ги реконструираме, кај кои целата површина беше превлечена со бела боја. По сè изгледа дека

[41] Gaul J. H. 1948, T. X, 19; T. XI, 4.
[42] Milojčić V. 1959, T. 13, 9.
[43] Porodin, 43 id.
[44] Зборник II, 17 id.
[45] Галовић Р. Зелениково; Галовић Р. 1967.
[46] Gaul J. H. 1948, T. XI, 1, 2, 7.
[47] Milojčić V. 1959. T. 6, 1; T. 12, 1, 7, 10.

им припаѓаат на садовите од типот на сликаната керамика. Меѓу белите орнаменти, многу се појавува мотив со полно обоени триаголници. Со оглед на тоа, што кај некои фрагменти се јавуваат во низа, би можеле да претпоставиме дека ваквиот состав бил многу сакан и изведен со смеѓа или бела боја. Основата кај овој мотив е бела или со светлоокер смеѓа боја. Триаголниците во темноцрвена смеѓа боја (Т. 33; Т. 19, 16) се јавуваат во коси низи, што со оглед на аналогните елементи во другите локалитети, како што се Сервија и некои во Тесалија, можат да се реконструираат во зиг-заг ленти, што се нижат наизменично, во еден ред бели, во друг темни триаголници или само една коса низа од правилни темни триаголници или малку издолжени односно неправилни, како што ги познава сескло културата. Кај некои фрагменти е видливо дека се распоредени и во хоризонтални низи, веднаш под работ на садот (Т. 33).[48]

Во секој случај се издвојува керамиката што имаше бела основа со темно до светлоцрвени мотиви (Т. 19, 22). На светлосмеѓата обоена керамика се јавуваат бели триаголници во низи покрај лентата. Кои на врвот се задебелени и расцепени, што даваат впечаток на цвет односно пупче, како и со ленти што коленасто благо се кршат или лачно завиваат. Кај последните примероци низот триаголници беше хоризонтален, слично како кај сликаната керамика во Породин.[49] Во форма на триаголни бели стилизирани пупки, што на долниот дел веројатно продолжуваат во вертикално права лента или цртa, се јавуваат на садовите под самиот раб и не е исклучено дека му припаѓаат на орнаментот во вид на композиција. Фрагменти со такви мотиви се познати во Бугарија,[50] каде што покрај нив се јавуваат уште цела низа слични варијанти, изведени секогаш со бела боја на црвена основа, како и во Барутница. Ниту овие, со оглед на големината на фрагментите, не можат да се реконструираат. На керамиката со бело обоена основа и црвеносмеѓ орнамент се јавува со мотивот, кој е под работ во вид на стилизирани гирланди, додека на рамото има аркадни отвори, преку чија должина одат вертикални црти. Веројатно е дека просторот меѓу аркадите завршува во форма на издолжен триаголник што виси. Макар што таков орнамент засега не е уникат, може да сметаме дека спаѓал во редот на садовите што биле орнаментирани со вертикални ленти. Освен криволиниските орнаменти, извесен дел на сликаните фрагменти во Барутница имаат криволиниски мотиви, што се украсени погрубите (Т. 19, 19; Т. 23, 8), како и пофините садови. Тие кај подгрупата керамика се дополнети и со хоризонтални ленти. Сите фрагменти од овој вид се обоени со темносмеѓа боја на црвена или црвеникавосмеѓа основа. Кај грубите садови лентите се многу широки и многу често нивната боја отпаднала. Фрагменти со криволиниски мотиви се, со оглед на широките лакови на самите мотиви, помали за да се направи реконструкција со помош на зачуваните детали. Поради појавата на аналогни мотиви од другите локалитети, може да потцртаме дека во Барутница не се разликува. Како и кај тенките ленти, и овде најповеќе се чепорести во две лачно завиени ленти, односно во поотворена спирала и веројатно, кај секој завој пак на крајот повторно се расчленуваат (Т. 23, 9). Реконструкција за овој мотив може да се направи врз основа на некои поголеми фрагменти, што се откриени во Зелениково и Рук-Баир. Меѓу криволиниските мотиви посебно внимание привлекува фрагментот орнаментиран на светлоцрвена основа, со тесни темносиви црти, што ограничуваат светлосиви ленти, како и фрагментот на кој се јавува неопределен мотив, темносив на белосива основа. Според овие фрагменти, може да се заклучи дека во Македонија, меѓу сликаната керамика се појавува и полихромната. Макар што овие елементи не дозволуваат каква и да било прецизна реконструкција, неоспорно е дека му припаѓаат на некој криволиниски орнамент, веројатно на мотивот, чии ленти се чепорести и натаму се завиваат во отворена спирала. Такви полихромни мотиви Милојчиќ ги доведува во врска со Cucuteni типот.[51]

Како што веќе потцртавме, седиментот во ископаниот сектор на сите места покажува повеќе фази на неговиот наста-

[48] Денес на овој фрагмент основата е валкано бела до сива, а орнаментот црно сив. Не е исклучено дека овие бои настанале секундарно, под дејство на оган, бидејќи фрагментот и можеби целиот сад дошле повторно во допир со оган.

[49] Porodin 1960, Т. XIII, 1.

[50] Gaul J. H. 1948, T. X. 19.

[51] Milojčić V., 1959, стр. 46, д., сл. 3, 4.

нок. Во сондата број 6 можеше да се издвојат, од слојот на пепел и саѓи надолу, четири фази, во сондата број 5 до таа висина можеа да се согледаат, се разбира, ако не го земеме предвид преораниот дел, само три. Макар што профилот во засекот е многу интересен, оној во сондата број 5 сепак е најреален и за културно и хронолошко определување на одделни појави најизразит и најверодостоен, само што овде не се застапани сите култури од ова наоѓалиште. Ако ги земеме предвид сите околности, определениот седимент се дели на три настанати стратуми. Нејзиниот најнизок, од околу 0,60 м е означен, како што видовме, со остатоци на згради и две јами. Меѓу урнатините од овие згради, како под и над нив, е најден приличен број керамични фрагменти, што по формата им припаѓаат на сликаните садови, орнаментирани во техниката барботин и impresso со отпечатоци од нокти, како и на другата неорнаментирана монохромна керамика. Сликаната керамика е застапена со типот на праволиниски смеѓи мотиви, кои се чепорести и црвена керамика со бели мотиви. Меѓу монохрамната керамика је разликуваме онаа, што е неопределено сиво-смеѓо црно печена и спаѓа во групата „обична керамика", покрај изразито црна или црвено печена, што спаѓа во групата фина керамика. Ако ги споредиме овие фрагменти со керамиката, најдени во најниските два стратума во сондата број 6, ќе видиме дека само мал број керамика е идентична. Во сондата број 6 најстариот стратум е одделен со последната нивелација, што наполно го затвора засекот. Слојот на песок во сите квадранти, каде што се појавува, е стерилен. Малиот број фрагменти, што се наоѓава во него, се веројатно направени од некој друг сектор. Некои од керамичните групи во сондата број 5 се застапени со повеќе типови. Освен тоа, со нивелираните слоеви е извршено извесно делење, меѓу некои керамични групи по формите што го покажуваат извесни развојни варијанти. Ваква разлика се забележува и кај сликаната керамика, како и со појава на некои форми од кругот на монохромната пофина керамика. Меѓутоа, имајќи предвид дека во најнискиот хоризонт во сондата број 6, покрај аналогните керамични појави од истиот хоризонт во сондата број 5 се јавуваат низа елементи на одредени културни манифестации, што не се сообразуваат со оние in situ, затоа нашата натамошна обработка ќе се темели главно врз наодите од сондата број 6. Истовремено ќе ги користиме појавите од другите сонди, што можат со своите затворени наоди, да ни помогнат кај некои прашања за подобро толкување на некои проблеми на кои ќе наидеме во натамошната работа.

# I. КУЛТУРЕН ХОРИЗОНТ*

Без оглед на досегашната класификација, што се употребува при обработката на керамиката, керамичките појави, што ги откривме на нашето наоѓалиште, ни овозможува да ја разделиме на три групи:

А. Обична керамика

Б. Монохрамна керамика и

В. Боена керамика

Ваквата делба базира врз веќе споменатата карактеристика на фактурата на целокупната керамика, нејзината употреба и на општиот начин на изработување. Како што ќе видиме во натамошниот текст, всушност ниту оваа делба не е целосна, како што тоа почесто ќе го забележиме кај првата група. Разликите што ги назираме кај одделни примероци се многу мали, така што не можеме да ги земеме како елемент, што би имал некакво посебно значење.

**А. група.** — Сета керамика од оваа група му припаѓа на типот добро изработен и тврдо печен. Трагите од трошливост и по грубиот изглед на одделни фрагменти им ги припишуваме на интензивната употреба, влијанието на огинот и друго. Садовите од оваа група се во најголем дел са секојадневна употреба, посебно за чување прехранбени артикли. Целокупната керамика може да се раздели на неорнаментирана и орнаментирана. Кај неорнаментираните примероци одделни типови се со намазнета површина или мазнета, само толку колку да е зарамнета односно без блесок. Меѓу нив преовладуваат сиви и сивоцрни нијанси, поретко сивосмеѓи или црвеносиви. Покрај вака печените садови, наоѓаме фрагменти и со некоја друга боја, што со својата порозна фактура ни посочуваат дека таа боја не е примарна, туку секундарна — настаната со дополнително дејствување, најчесто со огин, затоа не ги спомнуваме како карактеристични. Макар што не можеме да донесеме некои апсолутни заклучоци за многубројните меѓусебни односи на одделните керамични видови, сепак, може да се тврди дека бројноста како на неорнаментираната така и на орнаментираната керамика во овој хоризонт е скоро иста. При обработувањето на оваа група, посебно ќе ги третираме типовите од орнаментираната и неорнаментираната керамика.

**а. неорнаментирана керамика.** — Освен веќе гореспоменатата карактеристика на фактурата и печењето, што скоро по ништо не се разликуваат од орнаментираните садови, во неорнаментираната керамика се јавуват цела низа разновидни варијанти од одделни форми. Гледајќи на фрагментите, што досега ги откривме, може да се рече дека претежно се застапени чиниите, високите садови на топчеста и валчеста форма, со цилиндричен врат, што кои работ може да биде инкасто раширен, дна плоски или поретко рамно означени. Некои од спомснатите фрагменти имаат и отлечлек од рогозини. Меѓу оваа керамика, со оглед на гореспоменатото и големата на зачуваните фрагменти, ги разликуваме следниве форми: **големи питоси.** — Најголем дел од овие садови служел за чување прехранбени артикли. Бидејќи фрагментите се релативно мали, со оглед на тоа дека

* Тука го употребуваме изразот културен хоризонт без оглед дали тој претставува или не една целина, туку како фаза на настанот на одреден дел на седиментот.

се работи за големи садови, не е возможна реконструкција на нивната форма. За нив може да се рече само тоа, дека ѕидовите им биле многу дебели (2—4 см), со рамни дна (дебелина 4—5 см) и оти земјата од која се направени садовите е мешана со песок, кремен и плева.

**Питос амфори.** — Тие се во форма на круша со цилиндричен малку повисок и широк врат. Преминот од вратот кон рамото е многу благ. Изработени се во добра фактура. Неорнаментираните примероци имаат аналогија со еднаквите питоси, украсени со барботин. На рамото и најголемата периферија беа украсени со пластични ребра со отпечатоци од прсти. Такви ребра беа лачно завиени или се кршат во зиг-заг линии.

**Амфори.** — Амфорите се малку помали од гореспоменатите садови. Веројатно им припаѓаат на тесните високи и малку пониски цилиндрични вратови, што остро или благо преоѓаат кон рамото. Садот е во форма на бомба или круша, со рамно и ниско прстенесто дно (Т. 18, 14). Веројатно поголем дел фрагменти со пластични налепци во форма на брадавичка, копче или ребро со отпечатоци од прсти и такви што имитираат дршки, му припаѓаат на овој тип садови.

**Бути.** — Голем број фрагменти од неорнаментираната керамика им припаѓа на бутите. Тие обично се со ваљчесто топчеста форма и извлечено или дебело дно. Дршките беа хоризонтални во два реда, едниот во долниот дел на садот, другиот кон рамото или најголемата периферија. Со оглед на наодите во овој хоризонт, им се припишуваат на цилиндричните, повеќе или помалку со високи и широки вратови, што можат да бидат кои работ и малку раширени.

б. **Орнаментирана керамика.** — Меѓу орнаментираната керамика, разликуваме форми што се украсени со техника.

1. Барботин и
2. Impresso

1. **Керамика украсена со барботин техника.** — Меѓу орнаментираната керамика, посебно место зазема керамиката, украсена со барботин техника. По начинот на изводувањето на оваа техника, во овој хоризонт се јавуваат два основни типа: едниот изведен со повлекување на прстите во вертикална и хоризонтална насока, другиот со тапкање со дланките и со глинени налепци. На сите орнаментирани фрагменти се многу мали, така што не можеме да зборуваме за некоја, поширока разновидност на керамичните форми и нивните одделни детали. Преовладуваат садовите со големи димензии. За некои примероци од средно големи садови е прашање дали им припаѓаат на реципиентите за секојадневна употреба. Од формите, што можеа да се реконструираат, се само амфорите.

**Амфори.** — Тие се крушовидни или бомбести со цилиндричен врат. Кај некои примероци, работе повеќе или помалку извлечен и според тоа, вратот беше повеќе или помалку на средината стеснет. Овој тип садови има рамно, малку раширено и релативно дебело или само плоснато дно. Орнаментот на овие садови достига до рамото, така што рамото и вратот беа глатки, понекогаш сосема малку гладени. Таквите садови понекогаш имат и хоризонтални, повеќе лентовидни дршки. Садовите од оваа група се печени во разни бои. Така, сивосмеѓите фрагменти ѝ припаѓаат на погрубата орнаментирана керамика. Освен тоа, некои примероци беа однадвор и однатре црвеносиво печени, со црна боја во пресек. Посебна појава претставуваат црносиво печените фрагменти со замазнета површина, на која е нанесен тенок слој фин барботин. Ист начин на печење и орнаментирање, делумно и исти форми, покажуваат фрагментите од оваа керамика на наоѓалиштата во долината на реката Струма,[52] Софискиот базен[53] и подрачјето што денес му се припишува на старчевачкиот — крис тултурен круг.[54]

Во Македонија наоѓаме паралелност меѓу примероците од Вршник,[55] посебно за некои примероци, што се поврзуваат со извесни појави, меѓу материјалот од Породин, наоѓалиште што во врска со оваа керамика претставува и најјужна точка.[56]

2. **Impresso керамика.** — За разлика од горната, судејќи според профилите и разните типови садови, оваа керамика ѝ при-

---

[52] Света Богородица, Кара-Бујук, Дупница, Лагитењуво, Кадин Мост, Коџа-Дермен, Мурсалево, Gaul J. H., 1948, 31, д., Т. VII, сл. 21, Т. Х. сл.

[53] Кремиковци (Ibid. стр. 28).

[54] Ibid, стр. 38. — Гарашанин Д. 1954, стр. 108 и оп. 38 — Јовановиќ Б. 1968, 119, д.

[55] За Вршник, Зборник II, 22 д.

[56] Porodin, стр. 40, Т. XV, сл. 1, 5, 6, Т. XVI, сл. 1, 4, 5, Т. XXII, сл. 3. Т. XXXV, сл. 3, 5.

паѓа на многу малите садови. Макар што поголем дел од фрагментите не можеше на цртеж да се реконструира, сепак, судејќи според профилите, може да се заклучи дека постоеле и средно големи садови со долен дел во форма на конус, така што може да се претпостави оти во горниот дел биле топчести или крушовидно издолжени (Т. 17, 2.). Дното е малку зацрвстено и рамно. (Т. 16, 2, 3), рамото благо преминува во врат, долека најголемата периферија беше заокружена (Т. 16, 4). Орнаментот бил веројатно на сите примероци до дното на горниот дел до рамото (Т. 15, 1; Т. 17, 1, 2). Втор керамичен тип на оваа група, што само го претпоставуваме врз основа на малите фрагменти, се чиниите со цилиндричен горен дел (Т. 16, 1). Кај овие садови орнаментот се распростира до работ. Како изгледал долниот дел не е познато. Освен овие форми, може да се издвои мал број фрагменти, што ќе ни дадат повеќе елементи за реконструкција. Така, сигурно постоеле чинии со конусна форма, што никогаш не биле орнаментирани до работ. На нив обично се отпечатоци од нокти или орнаментирани со штипење. Овие примероци беа гладени во горниот дел (Т. 15, 2—4).

**Шолјите** спаѓаат меѓу малите садови. Топчести се и со плоснато дно, што се оглед на ѕидовите на садот, е релативно тенко. Такви примероци се орнаментирани со отпечатоци од некаков тап предмет. Орнаментот е како и кај погорните примероци, само што сега е во долниот дел на садот (Т. 15, 1). Фактурата на сите фрагменти е релативно добра, макар што земјата била мешана со песок. Кај печењето на садовите разликуваме две групи: во првата група спаѓаат садови со иста боја однадвор и во прекршокот. Бојата е понекогаш сива или сивоцрна односно црносива. Во втората група се садови со прекршок од црна, сивоцрна или сива боја, ѕидовите однадвор и однатре се црвеникави или со црвена боја. Орнаментирањето на оваа група керамика е извршено со отпечатоци на прсти, некаков алат или слама. Мотивите се неорганизирани, долека кај штипените мотиви се поделени во вертикални линии така, како што ги познава Старчевачката култура.[57] Освен споменатите начини, имаме и густи отпечатоци од прсти, што покриваат поголем дел од површината на садот. Ваков начин на орнаментирање е забележен и на некои локалитети во долината на реката Струма.[58] Макар што всушност беше најден мал број ваква керамика, нејзината појава е мошне важна, бидејќи ни покажува на тој вид impresso керамика и на ова подрачје. Во непосредна близина наоѓаме извесна аналогија за неа во наоѓалиштето Рук-Банр,[59] во Повардарјето, во Зелениково,[60] како и во другите локалитети од Источна Македонија.[61] Во Породин се јаву-
За примероците за кои имаме барем делумна реконструкција, може да се рече дека имаат аналогија во impresso керамиката од Западна Македонија.[63] На север, impresso керамиката се поврзува со Старчевачката култура.[64] Надвор од таканаречениот барботински круг, таа на југ во Грција се поврзува со кругот cardium impresso. Во Тесалија[65] и во наоѓалиштата западно од неа, оваа техника се поврзува со топчестите садови со врат, полутопчестите чинии и топчестите шолји. По објавените фрагменти, такви садови се орнаментирани по целата површина, со исклучок на вратоти и тесниот дел околу работ, делови што остануват глатки и гладени до блесок.[66]

Фрагменти со impresso орнаментика се најдени скоро во сите сонди од помладите хоризонти. Спротивно на тоа, уверливо им припаѓаат и најнискиот хоризонт, бидејќи се најдени секогаш во близина на овие јами, каде што беше најден само материјал од најниските слоеви. Без оглед на овие моменти, некои примероци керамика ни покажуваат извесна развојна тен-

---

[57] Гарашанин Д. 1954, Т. VII, сл. 26, 27, Т. мислења за ваквиот тип орнаментирања.
мислења за ваквиот тип орнаментирања.

[58] Така, на пр. фрагментите „Јар", орнаментирани со impresso техника, се забележани во Кара-Бујук, Дупница итн., Gaul J. H., 1948, стр. 32.

[59] На тој локалитет е сондирано во 1961 год. и материјалот се наоѓа во Народниот музеј во Скопје.

[60] Галовић Р., Зелениково, стр. 87 — Галовиќ Р. 1967.

[61] 39. Bericht RGK, забел. 574 на стр. 111.

ваат заедно со барботинската керамика.[62]

[62] Porodin 1960, стр. 40.

[63] Impresso керамиката е откриена и во Неа Никомедеја (Rodden J. R., 1962, Т. XL, XLII, стр. 284 д.) и на некои други неоѓалишта.

[64] Гарашанин Д. 1954.

[65] На Отзаки магула овој тип керамика, заедно со cardium керамиката, претставува посебен хоризонт (Милојчиќ Вл. 1959, гледај го распоредот на слоевите стр. 19), што е означен како предсескло фаза (ibid. стр. 10 д).

[66] Ibid. сл. 9/7. — Rodden J. R. 1962, Т. XL., сл. 1, 6.

денција, кога со оваа техника се обидуваме да изведеме извесни мотиви, како што се триаголниците и зиг-заг лентите (Т. 17, 4, 7, 14). Така, развојно помладите примероци се јавуваат секогаш со фрагментите украсени уште и со пластични ребра и со отпечатоци од прсти и врежови.[67]

**Б. Група.** — Оваа керамична група се одликува, главно, со одлична фактура и рамномерно печење. Најмногу се јавува со формите што досега не беа забележани во првата група. Печена е главно во четири основни бои и тоа: во сива — меѓу која може да се јави сивоцрна до црносива градација — во смеѓа со разни нијанси од окер до неопределена боја, всушност чини некој вид преод кон сива, во црна и црвена со посветли до интензивни нијанси. Поголем дел од оваа керамика се јавува обоен, посебно садовите со интензивни нијанси. Според начинот на печењето и според бојата се дели на:

**а. Црноблескаво гладена.** — Керамиката од овој вид е со одлична фактура. Садовите се изработени од добро прочистена земја, помешана со многу ситен песок и ситни парченца кремени. Сета е превлечена со тенок слој чиста земја, црно и црносиво рамномерно и блескаво до интензивно блескаво гладена. Садовите се средно големи со релативно дебели и многу тенки ѕидови. Дната, што му припаѓаат на овој тип керамика, можат да бидат плоснати, означени во вид на мали плоснати, со конусно — цилиндрични нозе. Во оваа група ги разликуваме следниве форми:

**Чинии.** — Тие се црно печени и гладени на блесок. По формата разликуваме садови со релативно висок горен дел во однос на долниот. Тој може да биде цилиндричен (Т. 21, 12, 15) или во средината малку вовлечен (Т. 21, 1). Долниот дел е обично конусен, макар што не прави остар преод. Многу брзо завива кон средината на садот (Т. 21. 4). Ваквата форма на долниот дел на садот ни посочува на делумно многу тесно дно. Со оглед на тоа што досега не се најдени рамни дна, садовите би можеле да имаат плоснати дна, какви што имале одделни мали пехари или тесни високи цилиндрични шупливи нозе. Некои чинии се, за разлика од горните, полутопчести (Т. 20, 13) со раб, што е малку вовлечен или со заокружена профилација на најголемата периферија (Т. 21, 9). Ваквите чинии имаат плоснати дна или потставки со четири мали нозе. (Т. 20, 22, 23), што може да биде заменета и со конусна шуплива нога. За разлика од овие видови, некои фрагменти со конусна форма и подебели ѕидови укажуваат на можната употреба и на рамно дно.

**Купи.** — По горниот дел не се разликуваат од чиниите. Обично се конусни (Т. 20, 25) или малку повеќе полутопчести. И кај овој вид садови не е зачуван ниту еден пример, што би ни покажал како било моделирано дното. Полутопчестата форма може да има полукружно односно плоснато дно, конусната со оглед на црвените сиво печени примероци имала најверојатно конусна нога. Меѓу купите се јавуваат и полутопчести форми со означен врат.

**Амфори.** — Овој тип садови по многу примероци не може да се разликува од другите грниња. Се јавуваат во повеќе топчеста форма со цилиндричен низок врат (Т. 21, 19). Нискиот врат кај некои примероци преминува во мал извлечен раб. Покрај топчестите се и тие со издолжена форма на јајце со потесен врат (Т. 20, 26). Работ кај ваквите примероци е заоблен.

**Пехари.** — Пехарите ни се досега познати само од јајцестиот вид со благо вовлечен раб (Т. 21, 26). Меѓу керамиката од овој хоризонт среќаваме и некои фрагменти со цилиндрична форма, внимателно моделирани и од внатрешната страна. Одделни примероци од мали димензии имаат и незначително извлечен раб (Т. 21, 27). Веројатно дека ваквите садови имале мали плоснати дна.

На блесок црно полираната керамика уште одамна е издвоена во групата А 5, како посебна појава во кругот на Старчевачката култура.[68] Во споредба со грчкиот културен круг, таа претставува варијанта „γ".[69] На многу нивни наоѓалишта се смета дека се поврзува со културата сескло[70] или за некои елементи или како варијанта

[67] Некои од нив покажуваат дури и иста фактура како фрагментите со impresso отпечатоци. Според тоа, претпоставуваме дека обата орнамента би можеле да се појават на ист сад.

[68] Milojčić V. 1950, 110. — Гарашанин Д. 1954, 75 д.

[69] Wace — Thompson, 15.

[70] Така, со овие елементи се јавува во I слој на југоисточниот дел на наоѓалиштето во Ракхманија (ibid. 202 д).

на оваа култура.[71] Оваа керамична група е инаку многу малку обработена. Дури со истражувањето на Agrissi magula, хронолошки беше фиксирана нејзината најстара појава со слојот што ѝ припаѓа на културата протосескло.[72] Занимливо е дека се јавува и во хронолошко паралелниот слој и во Неа-Никомедеја.[73] За разлика од некои други групи, каде што е следена со црна керамика, неа ја среќаваме во најстариот хоризонт на Грција во стратумот на културата сескло.[74] Исто така, забележана е и по наоѓалиштета во долината на реката Струма,[75] Вршник,[76] Зелениково, во слојот, кој, меѓу другото, има и сликана керамика, со бели и темни мотиви на црвена основа.[77] И во Старчево[78] само се спомнува.

б. **Сиво гладена керамика.** — Во оваа група ги вбројивме оние изработки, што се печени во разни сиви нијанси, односно на кои преовладуваат сиви нијанси покрај цел спектар на неутрални бои. Исто така, постои цела градација на интензивно гладење, со кое се постига блесок. Покрај одделните примероци, кај кои површината е само загладена и кај оние гладени на блесок, имаме примероци што им припаѓаат на изработките со многу фина фактура, гладени до целосен блесок. Некои примероци личат на порцелан и потсетуваат на фактурата на винчанската керамика. Меѓу формите, овде ќе ги истакнеме: амфорите, моделирани во форма на круша со благо извлечен и косо однадвор отсечен раб или повисок цилиндричен врат и потесен долен дел, така што садот добива биконусна профилација. На најголемата периферија се означени ниски пластични апликации (Т. 20, 15). Макар што од овој вид амфори не е зачуван работ, сепак, можеме да претпоставиме дека бил олвај забележливо извлечен. Според некои зачувани фрагменти од цилиндричен врат, веројатно е дека одделни амфори имале среден или многу висок врат. Меѓу овој тип садови можеме да сметаме на постоењето на поголеми амфори со фина фактура и инкасто раширен раб, што ни покажуват зачуваните рабови. Според некои фрагменти, може да се заклучи дека биле орнаментирани со замазнети мотиви во форма на хоризонтални ленти. Дното на овие амфори може да биде плоснато (Т. 20, 15), судејќи според минијатурните амфори во форма на тиква. На помалите амфори со биконична профилација се забележани на најголемата периферија конусни вертикални пластични испупченија.

Пехарите не се разликуваат многу од амфорите. Тие се со мали димензии, така што минијатурните амфори можат да бидат определени како пехари. Овој културен хоризонт познава валчесто-јајцеста форма со благо извлечен раб и низок одвај означен врат. Меѓутоа, некои фрагменти ни кажуваат дека се употребувале и цилиндрично моделираните пехари. За жал, нивната форма, со оглед на материјалот со кој располагаме, не ни ја овозможува нејзината реконструкција.

**Чинии.** — Најголем дел од фрагментите им припаѓаат на чиниите, што се јавуваат во разни варијанти на полутопчестиот тип (Т. 20, 3, 11) со повисок (Т. 20, 2) или понизок цилиндричен горен дел и извлечен раб (Т. 21, 2). Меѓу нив има и такви варијанти, што имаат низок врат и благо вовлечен раб (20, 4), биконусен со конусен или цилиндричен горен дел и благо вовлечен раб. Третиот вид чинии се конусните со задебелен раб, кој може да биде украсен со венец од правилни отпечатоци од прсти (Т. 20, 3). Освен овој вид, забележани се и варијанти со гладен задебелен раб, полутопчесто моделиран. Според примерокот, дополнително најден во сондата број 1 може да се заклучи дека дното на оваа варијанта е рамно. Меѓу сиво печените чинии, некои се орнаментирани. Орнаментот е во вид на низа убоди од алат, што дава сличен отпечаток како и отпечатоците од нокти (Т. 17, 11), триаголници во два реда (Т. 18, 16), обични убоди со ободи за формирање ленти и други мотиви (Т. 17, 4, 7, 14), што се појавува и на садовите гладени на блесок. Меѓу орнаментираната монохромна керамика се и чиниите украсени со обични плитки врезки, што се слични на sgrafitto (Т. 21, 13). И кај оваа група се јавуваат високи или ниски цилиндрични (Т. 20, 7) до прстенести нозе (Т. 20, 8) и постојла во вид на ѕвонец или конус (Т. 20, 6). Некои фраг-

[71] Така е најдена во Пиргхос (ibid. 197) и во Chaeronea (ibid. 199) со варијантата »Heroncia Wape« (ibid, 199 д).

[72] Milojčić V. 1959, 8 д.

[73] Rodden R. J. 1962, 281 д.

[74] Така, на пример, во овој слој не е забележана во Отзаки магули во Сервија.

[75] Gaul J. H. 1948, стр. 34. Меѓу која разликува само една форма »bowl«.

[76] Зборник I, 63 д.

[77] Галовић Р. 1967, стр. 136 д.

[78] Milojčić V. 1950, 11 и истиот ABSA 1948, 262.

менти ни кажуваат дека некои од биконусните чинии биле орнаментирани и со гладени мотиви.

**Купи на нозе.** — Меѓу садовите од оваа група со изразито сива понекогаш со многу темни нијанси, особено се издвојуваат купите на нозе. Тие, за разлика од големите чинии, се на постолја од истиот тип и се всушност мали садови со горен и долен дел во форма на конус. Сите досега најдени фрагменти од овој облик беа орнаментирани, главно, со гладени мотиви, што ја украсуваат внатрешната и надворешната страна (Т. 33, 11), како и долниот дел на садот.

**Капаци.** — Меѓу црносивата печена керамика се фрагменти што им припаѓаат на капаците, многу слични на плитките чинии. Во горниот дел се полутопчести, во долниот цилиндрични и имаат валчест, благо извлечен раб.

Сивата керамика, со исклучок на примероци што се поврзуваат со сликаната керамика, досега не е забележана во грчкиот културен круг,[79] до колку пак се наоѓа, нема некоја посебна улога. Во Македонија ја среќаваме во помладиот културен хоризонт. Така, таа во Вршник се појавува во III хоризонт.[80] Од другите наоѓалишта, каде што има предимно светло до црносиви нијанси е и Зелениково,[81] чиј најнизок слој ѝ припаѓа на помладата неолитска фаза од овде застапениот грчки културен круг. Меѓутоа, во Неа — Некомедеја сиво печената полирана керамика ѝ се припишува на постарата фаза, со елементи од културата протосескло.[82] На некои локалитети, северно од Македонија, се појавува меѓу фината монохромна керамика како сивоцрна[83] и сива,[84] за разлика од Старчево, каде што ги среќаваме сите нијансирања од светло до темносива боја.[85] На локалитетите, каде што е застапена во однос на мрката и црвеникавата керамика, е малубројна. Веќе порано спомнавме дека меѓу сивата керамика многу често се појавуваат и примероци од гладени орнаменти.

[79] Исти, 1959, 13.

[80] Зборник I, II.

[81] Галовић Р. 1967, 136 д.

[82] Rodden R. J. 1962, 284. Оваа керамика овде варира до сиво бежова нијанса.

[83] Стално Бл., Павловац, Зб. Нар. Музеја, Бгд. 1967, 59.

**c. Смеѓо печена керамика.** — За разлика од другите керамични групи, со исклучок на сета керамика што служела за секојдневна употреба, неодредени бои, меѓу кои преовладуваа смеѓи нијанси, вистанската смеѓа керамика се јавува во слојот меѓу II и III нивелација во засекот. Во другите сонди се јавува во најниските слоеви.[86] Покрај фрагментите со изразито темносмеѓа боја, има цела низа фрагменти, чија боја ретко се меша со сивите и многу често со црвените нијанси, кои во описот се означени како фрагменти со црвена боја. Фактурата на ваквите садови е добра; земјата е помешана со песок и кремен, површината им е гладена. Садовите со интензивно смеѓа боја имаат и површина гладена на блесок. Наспроти садовите, чиј премаз содржи многу ситна плева, се посивкаво-смеѓи и немаа голем блесок, макар што се интензивно гладени. И другата керамика е предимно гладена до блесок.

Како и кај другите керамични групи од овој локалитет, многу малку се примероците од смеѓи фрагменти, што можат да се реконструираат. Со оглед на тоа дека голем број профил е аналоген со обликите на керамиката, што ја определивме како сива, во некои моменти дури и со црната керамика, може да претпоставиме дека постоеле грнинња, амфори, чинии и други форми од смеѓо печената керамика. Судејќи според фрагментите, постоеле многу големи садови, што имале никасто извлечен раб и релативно краток врат, аналогни по формите и фактурата на садовите со поголеми димензии.

Меѓу фрагментите од оваа група се издвојуват главно оние, што им припаѓаат на чиниите — многубројните варијанти на овој тип садови се делат на чинии со цилиндричен горен и конусен долен дел на садот со повеќе или со помалку остра профилација на најголемата периферија, извлечен раб и благо означен врат или повеќе или помалку вовлечен раб.

**Капаци.** — Тие се застапени со полутопчестата форма.

**Пехари.** — Меѓу фрагментите, што се со смеѓа боја, имаме мал број примероци, што ѝ припаѓаат на мермерната керамика. Така, гладената керамика е ограничена само на мал број форми. Најчесто се јавуваат пехарите со релативно тенки садови и благо извлечен раб, така што формира S профилација. Таквите пехари беа со јајце-

стовалчест облик. Занимливо е дека досега не е најден ниту еден фрагмент на дно, што би му припаѓал на овој вид садови.

**Афори.** — Одделни фрагменти од мермерна керамика им припаѓаат веројатно и на амфорите со никасто раширен раб. Макар што овие фрагменти им прилаѓаат веројатно на поголемите садови со многу тенки ѕидови, нивното дно не е познато. Директна и најблиска аналогија, со оглед на обликот и во врска со формата, садовите со смеѓо блескаво гладење[87] и светлосиво печење со дамкава површина,[88] покажуваат чиниите од Вршник. Такви облици во ваква фактура се среќаваат и во наоѓалиштета во Тесалија,[89] Егејска Македонија[90] и така натаму. Смеѓо печена керамика понатаму се среќава во наоѓалиштата во долината на реката Струма,[91] која и по другите елементи се поврзува со овој хоризонт од Барутница. При обработка на Старчевачката култура, е, исто така, забележана, каде што освен темно и светлосмеѓа се разликува и светлосмеѓа со кожена превлека.[92] Фрагменти од ваква керамика се забележани и меѓу нашиот материјал. Бидејќи некои примероци од така превлечената керамика биле многупати орнаментирани, можеме напротив веродостојно да ги третираме како боени примероци, за кој вид ќе стане збор во второто подглавје. Смеѓо печената керамика од Вршник е значајна за III хоризонт, каде што се јавува заедно со црната и црвената керамика.[93] Истовремено, смеѓата керамика во сондите на тоа наоѓалиште — според мислењето на истражувачот на Вршник, би требало да ја означиме како III културна фаза на „Старчевачкиот" културен круг во Македонија.[94] Ако ги спoредиме овие забелешки со оние, што се констатирани во населбините на Егејска Македонија — територијално блиска на Тесалија — што со културните елементи тесно се врзува со појавите на нашиот локалитет, значајно е дека истата темносмеѓа до светлосмеѓа керамика се јавува со грнчарите на II фаза од средниот хоризонт од Неа Никомедеја.[95] Во Србија се јавува во постариот хоризонт на овој локалитет.[96] На Тесалиското подрачје, во Агрисса и Отзаки магула, како и на другите локалитети, значајна е за слојот од протосескло.[97]

Со оглед на констатацијата, направена за време на обработката на ова група и без разлика на другите наоди на нашиот хоризонт, сметаме дека смеѓата керамика се јавува во јужниот дел на Балканот, релативно рано, особено што таа токму на ова подрачје доживува еволуција во помладите фази. Во овој дел на Македонија се смета дека се врзува за босната керамика со црвена основа, што има црни мотиви без спирали. Меѓутоа, на сите наоди од јужните предели не е исклучено дека таа може да се појави кај нас и порано, затоа што на нашиот локалитет се наоѓа во слојот во кој наидуваме на постари елементи.

д) **Црвената керамика** е најдена во најниските слоеви од овој културен хоризонт. Веќе порано напомнавме дека црвената керамика може да биде црвено печена или боена. Без оглед на овие два елемента, нејзините фрагменти им припаѓаат на поголемите садови со задебелени ѕидови или на малите садови со многу тенка изработка. Меѓу садовите, застапени во оваа група, ги разликуваме следниве форми: амфори, што се потопкалести или крушовидни со благ или остро издвоен врат, кој, според тоа, може да биде со изразито цилиндричен или во средината благо вовлечен. Работ на овие садови беше извлечен или одвај забележливо раширен. Големите садови можат да имаат поголеми јазични испупчувања на најголемата периферија и веројатно плосната или прстенесто дно.

**Чинии.** — Меѓу досега најдените фрагменти преовладуваат конусните чинии, од кои некои се со многу тенки ѕидови. Во типот на мермерната керамика спаѓа и полутопчестата чинија со благо извлечен раб. Веројатно биле и со цилиндричен горен дел и делумно малку заокружен раб на периферијата, до колку овие фрагменти не му припаѓаат на друг облик.

**Купи на нозе.** — Овој тип засега се јавува со плиток или длабок конусен горен дел. Постолјето беше, исто така, конусно и шупливо.

84 Галовић Р. 1967, 38.
85 Гарашанин Д. 1954, 74 д.
86 Според дневникот на Ј. Корошец.
87 Зборник I, 61 д.
88 Површински наод.
89 Milojčić V. 1959, 8.
90 Rodden — Rodden, 286.
91 Gaul J. H. 1948, 31 д.
92 Гарашанин Д. 194, 74.
93 Зборник I, 64.

94 39. Bericht RGR, 109.
95 Rodden — Rodden, 286.
96 Heurtley W. A. 1939, 63.
97 Milojčić V., 1959, 8.

**Пехари.** — Меѓу црвената керамика се низа фрагменти, кои со оглед на сите моменти, можеме да им ги припишеме само на пехарите. Судејќи по сè биле валчести. Некои од нив биле орнаментирани со вертикални тенки ленти, изведени во техниката стругање на блескавата површина и потоа повторно гладени. Веројатно дека овие пехари биле аналогни со оние, што ѝ припаѓаат на мермерната керамика, само што имаат благо вовлечен раб. Интересно е дека меѓу црвената керамика се издвојуваат многу често, покрај некои бледи нијанси, фрагменти со интензивно темнокармин црвена боја, што потсека на цреши. Најчесто со таква боја се пехарите, како и некои амфори од топчестиот тип со благо означен раб. Втор момент, кој паѓа в очи, е дека покрај споменатото плоснато дно и конусното постолје се јавува многу често прстенесто и рамно дно, кое се врзува за почетната фаза на прстенестите дна. Прстенестите многу ниски дна се карактеристични за садовите од споменатата керамика со интензивно црна боја, макар што дната се со релативно мали димензии. Тие би требало секогаш да им припаѓаат на пехарите. Некои фрагменти укажуваат дури на тоа дека оваа форма немала посебно означено дно, односно тоа било сферно, понекогаш и без какво и да било задебелување.

Во Македонија црвената керамика се среќава во врска со Старчевачката култура и сите нејзини појави се поставуваат во склопот на оваа култура, што се доведува во врска со Тесалиската група А/1.[98] Паѓа в очи дека при опишувањето на црвената керамика, сите автори прават разлика меѓу садовите со и без превлека, со тоа што распознаваат низа црвени тонови и подвлекуваат дека целата е со добра фактура.[99] Во западниот дел на Егејска Македонија таа стратиграфски е утврдена веќе во културните групи, што ѝ припаѓаат на протосескло фазата и меѓу монохромната керамика ги има сите тонови од тулестоцрвени до црвеникавосмеѓи.[100] Понатаму, нејзиното присуство е забележано и во слоевите во сескло културата.[101] Занимливо е дека и во едниот и во другиот пример, овде процентуелно се јавуваат малку.[102] Меѓутоа, во наоѓалиштата во Тесалија е обилна. Означена е како група А/1, каде што разликуваме садови со превлека и без неа. Сета е гладена до интензивен блесок. Според фактурата, се разликува фина и груба грнчарија.[103] Веќе порано истражувачите при обработката на одделни наоѓалишта, дошле до заклучок дека полираната керамика му припаѓа на стариот хоризонт од овој дел на Грција.[104] Најновите ископувања ја потврдија оваа хипотеза и дадоа за овој вид керамика прецизна класификација на некои типови и нијанси на бои, со кои се издвојува во определена културно-хронолошка фаза. Така, во протосескло фазата преовладуваат садови со дебели пастни премази на кармин црвена боја,[105] во претсескло, пак, преоѓа често во несјајна керамика со превлека,[106] додека само некои примероци остануваат гладени до блесок.[107] Во сескло групата во почетокот е уште во употреба, посебно кај грнчариите со превлека, во средната фаза сосема отсуствува.[108] Исто така, денес е утврдено дека црвената керамика се шири и натаму кон југ, макар што на север се наоѓа во кругот на културата Старчево — Körös.[109] Меѓу нашиот материјал од оваа група, покрај веќе споменатите примероци, постојат керамични фрагменти од многу фина фактура со многу глатка површина, која е повеќе гладена интензивно на блесок и некои од нив дури и украсени со веќе споменатите заградени вертикални ленти и линии[110] (9, 21, 25). Освен вакви примероци, имаме приличен број фрагменти со многу груба фактура, црвено печени меѓу кои некои имаат потенки или подебели црвени премази. Кај тенкиот премаз е сигурно дека се работи за слој на пастозна боја, при што садот

[98] Гарашанин Д. 1954, 108 d. — 39. Bericht RGK, 111.

[99] Гарашанин Д. 1954, 74 д. — I Gaul спомнува дека на некои наоѓалишта е застапена едната од нив или двете.

[100] Rodden R. J. 1962, 281 д.

[101] Heurtley W. A. 1939, 63.

[102] Rodden споменува дека црвената керамика е застапена само во 6%. И според Heurtly-евиот опис изгледа дека не била многубројна ниту на неговите локалитети.

[103] Wace — Thompson, 13 д. — Hansen H. 1933, 25 д. — Пападопоулу М. Г., Thessalika 1, 1958, 39 д. Сл. 1. — Theocharis D. R. ibid., 75.

[104] Grundmann K. 1937, 63 д.

[105] Milojčić Vl. 1959, 8 што ја означува како црешова боја.

[106] Ibid., 9.

[107] Ibid., 11.

[108] Ibid., 13.

[109] Ibid., 8 и заб. 23.

[110] Kunze E., 1931, 7, ја нарекува »streifige Politur«.

не само што не е со блесок, туку воопшто не е полиран. Кај керамиката со дебел премаз постои разлика и во фактурата. Земјата кај овие садови содржи процентуално многу песок. Таа керамика секогаш е со светлоцрвена боја. Макар што во описот не можат да се дадат сите финеси од одделни структури на маса од која е изработена грнчаријата од оваа група, како ниту сите градации на интензитетот на блесокот, уште помалку сите реконструкции на формите, уверливо е според бројот на најдените фрагменти, дека сета црвена керамика не ѝ припаѓа само на една културна фаза на овој хоризонт, туку нејзината употреба била и овде долготрајна. Макар што сите фрагменти се многу мали, очигледно е дека се одразува извесен развој врз нивните форми, особено врз деталите, како што се ободот, дното и друго. На другите македонски локалитети се појавува во разни слоеви. Најдобра паралела за одделни примероци од овој хоризонт ни кажува црвената керамика од Вршник, што е присутна од најниският хоризонт па наваму. Посебно е застапена онаа, која е на блесок гладена со интензивно потемна боја, што на нашето наоѓалиште се наоѓа и со споменатите гладени орнаменти. Според некои површински наоди, можеме да судиме дека и овде била употребувана во определена фаза потемната, скоро бордо, помалку керамиката со блесок како и црвено печењета и светлоцрвената, со дебел премаз со среден блесок. Овој последниот тип е најден и меѓу случајните наоди од Рук-Баир. Инаку, црвената керамика со превлека и без неа, е застапена и во Зелениково.[111]

**Е. Група керамика.** — Меѓу фрагментите на монохромната керамика од овој хоризонт се издвојува еден мал број, што им припаѓа на светло печените садови. Нејзината боја варира меѓу жолтеникаво скоро бела и слонокоскена, чии нијанси се кон сива и смеѓа боја. Фрагмент од жолтеникавобелата боја му припаѓа, судејќи по зачуваниот дел на рамото, на кулгест сад, кој по дебелината бил најверојатно од голема димензија (Т. 33, 5). Фактурата е одлична, земјата е компактно обработена како порцелан. Садот бил од надворешната страна глатко мазнет, додека од внатрешната рапав. Другите фрагменти со драп боја, им припаѓаат на садовите со цилиндрични (Т. 33, 14) или инкасти вратови. Макар што фактурата кај овие примероци е одлична, кај некои примероци површината била некаде порозна, бидејќи на земјата ѝ била додадена ситна плева. Според фактурата и бојата на печењето, без сомнение, овие фрагменти ѝ припаѓаат, како што тоа ќе видиме подоцна, на протосескло фазата во Тесалија[112] и во источниот дел на Егејска Македонија.[113]

Кај монохромната керамика на крајот мораме да стомнеме уште две керамични форми, кои по фактура, начин на печење и други елементи, не спаѓаат ниту во една од досега опишаните групи. Меѓу нив спаѓаат: фрагменти на садови со хоризонтално вовлечен раб. Меѓу грнчаријата од најнискиот хоризонт, беа најдени неколку фрагменти со многу широк раб (Т. 20, 9, 10). Судејќи според дебелината на ѕидовите, овие фрагменти им припаѓале на многу големите садови. Макар што некои од нив биле дополнително боени и се со добра фактура, имаат изглед на груби садови. Обично се со црвеникаво неопределена боја, постигната со печење. Макар што поради големината на фрагментите тешко можеме да го определиме обликот на садот на кој му припаѓаат, сепак им ги припишуваме на формите садови со високи цилиндрични вратови, кои имаат големи димензии, што засега ниту во Македонија ниту во соседните области не се познати. Меѓутоа, остро извлечениот и широк раб потсеќа на полутопчести чинии, откриени во Тесалија.[114] Овде садовите со вакви ободи се врзуваат со протосескло и сескло фазата.[115]

**Тиквести садови.** — Меѓу повеќе топчестата керамична форма со добра фактура, посебно место заземаат примероците од тиквестата форма, можеби без или со одвај означено дно. Овие садови обично се смеѓи, сивоцрно печени. Макар што на нашиот локалитет со цел профил се најдени примероци од минијатурни димензии (Т. 20, 16), сепак се фрагменти што кажуваат дека постоеле и поголеми садови од овој тип. Садот во горниот дел е фрагментиран, така што нам не ни е сосема позната профилацијата на периферијата. Аналоген примерок, исто така, фрагментиран, во овој дел на Македонија е најден во Врш-

[111] Галовић Р. 1967, 136.

[112] Milojčić V. 1959, 8.

[113] Rodden R. J. 1962, 284.

[114] Milojčić V. 1959, сл. 7/9, сл. 10/4.

[115] Ibid., 13.

ник.[116] Според аналогните керамични појави во некои други културни кругови, можеме да судиме и по бомбестите садови со големи димензии на нашето подрачје, зашто вратот бил релативно низок, изразито цилиндричен или малку стеснет на средината, периферијата веројатно малку заокружена.[117] Макар што овој тип садови за првпат е забележен во нашите области, по формата, што е со оглед на некои паралели меѓу керамиката од постар карактер, може да ѝ се припише на една од најстарите фази на нашиот хоризонт. Во прилог на оваа хипотеза ни зборуваат некои аналогни појави од некои наоѓалишта во Грција.[118]

**Култни предмети.** — Меѓу монохромната керамика, посебна група претставуваат идолните предмети, најдени во овој хоризонт. Со сигурност може да го земеме само фрагментот од зооморфна статуета, најден во сондата број 6/I. Меѓутоа, според типологијата, овде би требало да припаѓаат и некои антропоморфни статуети, откриени во помладите слоеви или на самата површина на земјата. Меѓу нив е столбовидниот тип и типот на нозе со посебно моделирање. Тешкотии те за определување на овие идолни предмети не лежат само во измешаните слоеви, туку и во фрагментираност на некои примероци. Сите му припаѓаат на горниот или долниот дел на телото. Во однос на фината керамика, најдените примероци имаат иста фактура како и обичната грнчарија со слаб квалитет. Земјата кај сите примероци била помешана со песок, сиво или жолтеникаво смеѓо печена и многу груба мазнета. Антропоморфните статуети им припаѓаат само на стоечките примероци. Макар што повеќе то биле полно работени, некои фрагменти ни кажуваат за постоењето и на шупливи статуети.

**Зооморфни статуети.** — Откриениот фрагмент претставува заден дел од четириножно животно, кое на грбот носи сад, па затоа ќе може да го сметаме и како ритон (Т. 12, 1). Покрај споменатиот дел на телото, зачувани се горниот дел на ногата, фрагментирана опашка и на грбот дел од влачесто конусен сад со благо раширен раб. На кое животно му припаѓа овој примерок е тешко да се одговори, бидејќи е без глава. Најверојатно претставува домашно животно и тоа говедо. Голем број керамични статуети со лик од домашни и диви животни се познати во Породин.[119] Оделни наоди,[120] и фрагменти од глави на животни, за кои не се знае како имаат формирано тело,[121] познати се од Западна Македонија. Добра паралела за нашиот ритон наоѓаме и во постарата фаза на Винчанскиот културен круг со претставување на вол.[122]

**Антропоморфни стуатети.** — Меѓу откриената пластика, што би можела да му припаѓа на овој хоризонт, можеме да разликуваме два основни типа: столбовиден[123] и плоснат. На столбовидниот тип му припаѓа фрагментот од долниот дел на статуетата, што дното завршува конусно (Т. 11, 1). Фрагментот е орнаментиран со некаков повеќезабен алат, одзади и отстрана и има благо означени глутеи. Овој фрагмент засега нема аналогии. Друга статуета од овој тип е грубиот примерок со раширена, малку вдлабена основа и со пластично разделени глутеи. На фрагментот му недостасува горниот дел на телото. Во прекршокот е зачуван дел од дупката, во која била поставена главата (Т. 11, 3). Фрагментот е посебно интересен, бидејќи во прекршокот се гледа начинот од повеќеслојно моделирање. Додека езгрото на статуетата било изработено од земја помешана со песок, на грбот е жолтеникав слој од пресеана земја. Со овој слој се моделирани и глутеите. На левиот колк, каде што овој отпаднал, се наоѓаат три дупченца. Трет примерок, кој би можел да спаѓа во оваа група, е валчестиот фрагмент со многу груба фактура (Т. 11, 2). Се состои од езгор на кое се врежани вертикални зиг-заг линии. На едниот крај фрагментот е оштетен, на другиот се наоѓа плитка повеќе валчеста вдлабнатина. Над езгрото се наоѓа подебела или потенка превлека од црвен слој, што бил дополнително црвено обоен. На превлеката се наоѓаат одвај забележливи, но затоа изразити траги од некоја врежана орнаментација. Според зачуваните пар-

[116] Зборник I, 64, сл. 2 — Зборник II, сл. 14.
[117] Породин, Т. XIII, сл. 2.
[118] Слични појави се забележени во раниот неолитски слој во Неа Макри (Theocharis D. R. 1956, 1 и д., Прилог 2).

[119] Породин, 53 д., Т. XXXII, сл. 2 и 4.
[120] Heurtley W. A. 1939, 66, заб. 7. сл. 9 до колку овде не се работи за идолен сад од данилскиот тип, — Weinberg S., Ceramics., стр. 194 и д.
[121] Rodden J. R. 1964/II, сл. 2.
[122] Васић М. М. J., 66, сл. 112.
[123] Срејовић Д. 1968, 67.

чиња, многу тешко може да се утврди дали претставува торзо или глава. До колку би била глава, тогаш на темето би ја имала спомнатата вдлабнатинка, додека деталите од лицето биле можеби унакажани со спомнатите врежи на превлеката, која во најголем дел на тоа место отпаднала. Со оглед на тоа дека стеатопигните статуети имаат валчеста глава, прашање е што веќе беше потцртано при обработката на Старчевачката пластика, дали е оправдано да го вброиме овој фрагмент меѓу фигурите на столбовидниот тип. За разлика од првите два, овој фрагмент беше најден наддлабоко, во слојот каде што се наоѓаат и некои други елементи од постарата фаза (барботин, impresso, сликана керамика), кои со копање на јамите допреле во повисоките слоеви.

Интересно е дека кај обата примерока имаме моделирање на одделни детали со посебно нанесен слој. Во обата примера се работи за езграта, што имаат трагови од некоја декорација, врз основа на што можеме да претпоставиме дека намерно биле изведени, макар што не е исклучена можноста, дека како фрагменти или цели предмети биле секундарно промоделирани. Ваквото дополнително превлекување на езгрото со посебен слој и повторно моделирање е забележано на некои примероци пластика од Тесалија.[124] Макар што овие јужни појави, по карактер на им припаѓаат на истиот тип статуети, интересно е дека и тука на езгрото се наоѓаат врежи.[125] На овие примероци, со нанесениот слој, се моделирани раце,[126] свиени напред на телото, веројатно на градите. Хронолошки ваквите статуети спаѓаат во фазата протосескло.[127] Меѓу примероците, што се од постар датум и кои типолошки не можеме да ги поврземе за оваа група, е фрагмент од нога со сумарно моделирано стопало (Т. 11, 6). Овој пример му припаѓа на типот статуети со посебно моделирани нозе. Ниту овде не е возможна реконструкција. Најден е во сондата број 5, во слојот, каде што покрај фрагментите од помладите керамички форми се најдени и низа стари елементи, што уверливо зборуват дека на ова место се наоѓал и дел од седиментот, што допрел во овој слој од поголема длабочина.

Во втората група спаѓа фрагментот од плоснато торзо со зачувана пластична дојка и папок (Т. 11, 10). Оштетен е во горниот дел, некако над самите дојки, при што левата дојка била наполно фрагментирана. Во долниот дел фигурата се шири во форма на глутеи. По прекршокот на ова место е јасно дека статуетата имала посебно изработени нозе. Покрај наведените моменти, многу е значајно претставувањето на пластичниот папок, елемент кој освен на низа други статуети на подрачјето во Македонија, се јавува и на стеатапигните, односно на статуетите со посебно моделирани нозе.[128] На нашиот пример градите се посебно означени со врежана линија, што ги обрабува и отстрана кои грбот вертикално продолжува. Ако претпоставиме дека статуетата не би требало да има посебно моделирани раце,[129] не е исклучено оти симболично ги претставуваат врежаните линии.[130] Интересно е дека и овој примерок, со оглед на дебелината на културниот седимент во квадрантот III, беше најден релативно плитко. Меѓутоа, и овде се најдени многубројни фрагменти од подолните слоеви, што ни кажуваат дека и тука бил превртен слојот.

Опишаната пластика по ништо не се разликува од примероците, што досега се откриени на наоѓалиштата во Македонија. Меѓу наоѓалиштата со релативно голем број пластика, засега можеме да ги вброиме Породин,[131] Зелениково[132] и Вршник.[133] Макар што меѓу овие малку се разликуваат примероците од Породин, типот на столбовидните стеатопигни статуети се јавува на сите спомenати наоѓалишта, поврзани за јастарата фаза на неолитот во нашиот дел на Македонија. Како такви, спо-

[124] Tsuntas H. 1908, T. 33, сл. 1, Б.

[125] По илустрацијата јасно се виде дека, за разлика од нашите појави, биле дополнително врежани.

[126] Статуета од овој вид е најдена во Сескло и претпоставува тип со раце во форма на перче и пластичен стомак. (Ibid., сл. 1б). Веројатно вакиот начин на моделирање не бил осамен.

[127] Milojčić V., 1959/I, 228.

[128] Rodden J. R. 1964/II, сл. 1, 8.

[129] На тоа не наведува дејството дека хоризонталната црта се продолжува до почетокот на грбот.

[130] Интересно е дека слична положба имаат и стеатопигните статуети. Milojčić V., 1959, сл. 1, 5, 8), што во споредба со другите делови на телото се релативно мали.

[131] Породин 1960, Т. XXVIII, сл. 2—4.

[132] Галовић Р. Зелениково, Т. 16, Т. 17.

[133] Зборник II, сл. 18 аб, 23, 24 (иако можеби му припаѓале на друг тип).

редувани со примероците од Космет,[134] Поморавјето[135] и Старчево,[136] се издвојуваат во една локална специфичност.[137] Меѓутоа, ако земеме дека имаме навистина стеатопигни тип фигури, кои се поврзуваат со македонското подрачје, посебно оние најдените во Неа-Никомедеја I, можеме да заклучиме статуетите со посебно моделирани нозе се поврзани со протосескло културата. На овие статуети се јавува и пластичен папок.[138] По овие детали можеме да претпоставиме дека нашиот пример би можел да се поврзе со таа фаза.

Меѓу нашата антропоморфна пластика засега останува осамен примерокот со конусно зашилен долен дел, кој како што веќе порано спомнавме, нема засега аналогии. Тој е најден дури и многу високо. Кај овој пример постојат индиции дека овде достигнала секундарно. Неговата фактура е многу слична на сликаната керамика од понискиот хоризонти го поставува овој фрагмент во постарата фаза на нашите наоѓалишта. Впрочем, за ваквото датирање би можел да зборува и жигосаниот орнамент, што се наоѓа на него. Не е исклучено дека овој фрагмент бил подготвен за натамошна обработка. Макар што на него не се неоѓаат никакви траги, што би зборувале за ваквата хипотеза, сепак не треба ниту да се исклучи.

**Жртвеници.** — Тие во овој хоризонт се јавуваат во неколку типови, макар што се не најдени во поголем број. Најмногу елементи за реконструкција ни нуди фрагментот на четириаголно постолје, на четири нозе со валчест рецпиент на него (Т. 12, 2). Ѕидовите од горниот дел на жртвеникот се релативно ниски и од надворешна страна вертикални. Покрај овој тип, најдени се нозе, што веројатно директно го носеле садот без посебно означено постолје. (Т. 13, 3, 13). Кај овие примероци нозете се многу конвексни. Според еден фрагмент на нога (Т. 13, 12), може да се заклучи дека биле употребувани и триножни жртвеници. Во Македонија со овој керамичен тип или облик, особено се истакнува наоѓалиштето Породин. Макар што овде најдените примероци имаат определена специфичност, многу имаат постолја на кои се наоѓа реципиентот, а мал број наагланте имаа и глави од животни. Овде најдената група жртвеници не беше забележана ниту кај еден пример.[139] Жртвеници се среќаваат во Вршник,[140] Зелениково,[141] на наоѓалиштата во Космет од кругот на Старчевачката култура.[142] Меѓутоа, жртвеници со одредени карактеристични елементи се најдени и во Тесалија.[143] Така, некои примероци се орнаментирани со отпечатоци од нокти, други пак со боени мотиви.[144] Нас особено нѐ интересира последната група, во врска со фрагментот на боена керамика, што би можела да му припаѓа на овој четириаголен сад, чим ѕидови се кои работ потенки. Макар што не располагаме со голем број елементи од овој фрагмент, што би дозволиле сигурна реконструкција, сепак заклучивме, со оглед на обликот на фрагментот, дека му припаѓал на три или четириаголен жртвеник (Т. 33, 7), облик многу близок на примероците од сескло.[145]

**Ц. Група на боена керамика.** — Во овој хоризонт е најден релативно голем број боена керамика, што се одликува не само со разновидните мотиви, туку и по боите, посебно на основата на која тие се направени. Макар што преовладува боењето со темносмеѓа и црна боја, не е мал ниту бројот со бели мотиви. За разлика од овие многу малку се фрагментите со смеѓи мотиви на светлосмеѓи основа, освен некои

[134] Гарашанин — Јовановић 1957, Т. V, 1. Од Гладнина мора да ги спомнеме покрај овој фрагмент од главата и примерот на Т. V., 3, што ме припаѓа на столбовидниот тип уште и фрагментот Т. V, 7, што не претставува дел од пинтадера (Ibid., стр. 227) туку своичесто формиран долен дел на статуета или на фалос.
виħ Р. 1968, Т. 10, сл. 5, 6. Освен веќе познатите

[135] Галовиħ Р. 1962, Т. 10, сл. 1 а. — Галовиħ Р. 1968, Т. 10, сл. 5,6. Освен веќе познатите статуети од ова подрачје, постојат и приличен број непублицирани примероци, кои според Срејовиќ ма припаѓаат на столбестиот тип. Види Срејовиќ Д. 1968, 13, 15, сл. 2—6 и Т. 1, 1—6, 10.

[136] Гарашанин Д. 1954, Т. III, 10. Оваа статуета, со развиени дојки, е најдена надвор од јамата.

[137] Срејовиќ Д. 1968, стр. 187 д. Авторот ги дели на старчевачка и вршничка група (Ibid., 180 д.), покрај групата од Породин (Ibid., стр. 187 и зап. 31).

[138] Rodden J. R. 1964/II, сл. 1, 3, 6, 8.

[139] Porodin 1960, 47 д., Т. XXI/1, 2, 4, Т. XXVI 2—4, Т. XXVII, Т. XXVIII.

[140] Не е објавено. Во музејот во Штип има еден скоро цел зачуван жртвеник во форма на лулка или на куќа со петчелни страни. (Ископување на П. Гоцкова).

[141] Галовиħ Р., Зелениково, Т. 16, Т. 17.

[142] Гарашанин — Јовановиħ 1957, Т. В., 2, 5, 6, 8.

[143] Tsuntas H. 1908, 182.

[144] Ibid. сл. 88, 86, 87.

[145] Ibid. сл. 86.

други комбинации на оваа боја. Мал е бројот на фрагментите со црвена или со црвено тулени мотиви на бела или арап основа. Освен тоа, треба да спомене дека меѓу керамиката од овој хоризонт, многу често наидуваме и на фрагменти, што немаат никакви мотиви, за кои можеме да тврдиме оти ѝ припаѓаат на оваа група. Овие фрагменти се скоро секогаш со бела, повеќе со розова боја. Дали тие им припаѓаат на садовите, што беа орнаментирани, е прашање, бидејќи голем дел се од најголемата периферија или дното од некој дел кон дното на садот, што орнаментот не го зафаќа. Сепак многу моменти зборуваат за тоа дека постои извесен број керамика, што не била украсена со боени мотиви, туку ваквите садови биле обоени цели. Бојата кај овие примероци не се разликува од бојата на боената керамика, макар што е забележано дека преовладуваат розови нијанси. Бидејќи ваквите примероци не се разликуваат по обликот и техниката на боењето од боената керамика, нема да ја обработиме. Меѓу фрагментите на боена и сликана керамика, можат да се оздвојат следниве облици:

**Амфори** со топчеста форма и рамно дно и раб, што во однос на најголемата периферија беше релативно тесен. Каков бил обликот на вратот и самиот раб за овие садови, не можеше да се констатира. Веројатно бил цилиндричен, со малку извлечен раб. Ваквите садови беа украсени со темносмеѓи црни орнаменти по целата површина на садот на смеѓоцрвена и црвеносмеѓа основа (Т. 22, 16). Мотивите се исклучиво праволиниски, во вид на тенки ленти, кои се чепорести. Веројатно е дека орнаментот на овие садови бил на горниот дел без бордура.

**Чинии.** — Втор керамичен тип, кому му припаѓаат боените фрагменти, се чиниите. Повеќето беа благо профилирани. без разлика на тоа, дали им припаѓаат на топчестите варијанти или имаат горен дел изразито цилиндрично формиран. Покрај овие, постојат облици кај кои вратот е остро означен и работ никасто раширен. Овие примероци им припаѓаат на малку помасивните форми, не гледајќи на нивната добра фактура, даваат впечаток на груби садови. Сите чинии се со просечно до средна големина, макар што постојат одделни фрагменти, што им припаѓаат на поголемите садови со многу тенки ѕидови. Макар што не најдовме ниту еден фрагмент на дното, што директно би укажал на обликот, сепак можеме да кажеме, според некои фрагменти без орнаменти, дека им припаѓале на претенестите дна. На чиниите е застапена многу богата мотивика. Таа беше извршена во разни нијанси од смеѓа до црна и бела боја. Мотивите ги покриваат садовите од работ до дното или до најголемата периферија од надворешната страна и околу работ од внатрешната страна. Преовладуваат праволиниски вертикални мотиви, со комбинација на подебели и потенки ленти со бордура на вратот и на работ од мрежестите мотиви, триаголни, брановидни или зиг-заг тракови, гирланди и слично. Покрај честата употреба на триаголници, се јавуваат и ленти, што спирално го обиколуват садот (Т. 19, 17).

**Пехари.** — Тие скоро се не разликуваат од чиниите, само што се многу помали од нив. Карактеристична им е валчестата форма со благо вовлечен раб или со одвај означен врат и благо извлечен раб (Т. 19, 16, 26, 33, 35—37). Кај пехарите со цилиндричен голем дел, работ е рамен или истенчен (Т. 19, 3, 20, 32, 34). И кај овие форми не е возможно да се каже за правилниот облик на дното. Веројатно може да е, со оглед на другите форми, многу низок или можеби рамен. Од вообичаените бои на мотивите и основата, меѓу фрагментите на пехари, постојат примери, чија основа е жолтеникавобела (Т. 19, 16) и со смеѓи мотиви во вид на триаголници. Кај вертикалните мотиви постои на работ бордура, може да биде и без неа, така што лентите стигнуват до самиот раб (Т. 19, 3, 20). Интересно е дека пехарите без бордура, досега се забележани кај фрагментите орнаментирани со бела боја на смеѓа основа.

**Купи на нозе.** — Меѓу боената керамика се застапени и купите на конусни шупливи постолја. Горниот дел на садот може да биде изразито конусен или профилиран на работ. Таков тип сад беше орнаментиран по целата површина до ногата или само до најголемата периферија (Т. 19, 1). Мотивите на овој тип се вертикални или со зиг-заг ленти.

Макар што многубројните облици на прв поглед кажуваат на единство на оваа керамична група, сепак, со анализа на мотивите и бојата со кои орнаментите се изведени, се забележува дека одделни приме-

роци се поврзуваат од една страна исклучително само за културната група на јужните области на Балканот, од друга само се северните области, макар што и кај овие постојат извесни детали, кои имаат тесни аналогии во јужниот културен круг. За врската на сликаната керамика од македонските наоѓалишта со Старчевачката културна група досега беше најисцрпно обработено во монографијата Старчево.[146] Ниту укажувањето на одделни аналогни елементи при обработката на мотивите и бојата што уште еднаш во ова подглавје ќе се осврнеме на одделните аналогни елементи, ги земаме предвид најпрвин оние со кои оваа керамична група се поврзува со јужните области.

Покрај вообичаената поделба на боената керамика на праволиниски и криволиниски мотиви, во овој хоризонт се издвојува и третиот тип, што се поврзува со керамиката со бела или без основа од една, и бели мотиви на смеѓа основа од друга страна.[147] Како во повеќето случаи, така и меѓу барутничката боена керамика, голем дел фрагменти со, како што веќе напомнаве, многу малечки и не дозволуваат целосна реконструкција на орнаментот. Овие орнаментирани керамички фрагменти со бела основа се толку карактеристични што, во одделни примероци ја унакажуваат и формата на садот.

Веќе кај жртвениците го спомнавме фрагментот што ѝ припаѓа на оваа керамична група (Т. 33, 7). Покрај формата, карактеристична е и орнаментиката. На фрагментот се зачувани црно-смеѓо врзани триаголници со врвот свртени нагоре, како дел на мотивот што се шири на дното од садот кон работ. На тој начин, околу работ останува само дел од основата во вид на венец од бели триаголници. Втор фрагмент со мотив на триаголници во коси низи (Т. 33, 9), што по димензиите му припаѓа на поголем сад со релативно дебели ѕидови (0.8—0.9 см) и покрај тоа што имаат добра фактура. Орнаментот во овој случај е од смеѓо кармин боја, додека основата е чисто бела. Му припаѓаат на конусниот сад, најверојатно чинија што беше обоена со истата црвена боја и во внатрешната страна. Кај обата примерока триаголниците беа правилни.

[146] Гарашанин Д. 1954, 115.

[147] Ibid. 83. — Зборник I, 64.

Третиот фрагмент се одликува со пастена боја и боен со кожено смеѓа боја на беж основа. Фрагментот му припаѓа на садот со тенки ѕидови и фина фактура. Орнаментот е од надворешна и веројатно судејќи според некои ленти во вид на повеќратни гирланди во внатрешната страна. Според смеѓо обоениот раб на садот, очигледно е дека мотивот бил изведен во таа боја што била мат, за разлика од блескаво гладената беж основа. Фрагментот му припаѓа на цилиндричниот горен дел (Т. 19, 16) од некоја чинија или амфора. Како и кај поранешните, така и кај овој пример, имаме многу малку елементи од целиот мотив. Без комнение е дека во обата примера се работи за триаголници во коси низи, кои всушност претставуваат назапачени зиг-заг кршени ленти.

Првпат во нашите области, мотивот триаголници во нив со беж или бела основа е откриен во Вршник, што за тоа наоѓалиште е означена како фаза Вршник I.[148] Фрагментот од Вршник е над долниот дел на садот, што има дно во форма од претенеста нога.[149] Ако го анализираме начинот на изведувањето на орнаментот не само на нашиот примерок, туку и на вршничкот, можеме да констатираме дека се работи за сосема иста појава од сескло културата.[150] Според тоа, ако ја употребиме Милојчиќевата хронолошка скала за оваа култура, што се манифестира со орнаментиката, првите два фрагмента ѝ припаѓат на старата фаза,[151] додека третиот, секако, би спаѓал во помладата, Тесалија се појавува со орнаменти, изведени со кредасто смеѓа боја.[152]

Меѓу боената керамика со бела основа се издвојува фрагментот од некој повеќетопчест сад, веројатно рамо. Додека цела-

[148] Зборник II, 26, сл. 40 и 43, стр. 35.

[149] Kid. 27.

[150] Ibid. 30. Авторите при обработување на материјалот овие фрагменти со оглед на фактурата и по „орнаментните облици" ја поврзуваат со појавите во Караново, се слојот I а, бидејќи порано го толкува овој фрагмент со бело сликање на црвен фон (Зборник I, 64).

[151] За точноста на нашата реконструкција на мотивот ни укажуваат примероците од Сескло со мотиви, кои ја украсуваат острите рабови на нозете на жртвеникот, Тсунтас 1909, сл. 86 — За хронологија: Милојчиќ Вл. 1954, сл. 10, 1, 5, сл. 11, 1 3, 4, 6, 8, 9, сл. 12, 1, 2, 7, 10, 11, Т. 3, 2.

[152] Ibid. 13.

та површина беше обоена со белата боја, во горниот дел се наоѓаат скршени ленти, изведени со светло-црвена боја (Т. 19, 22; Т. 33, 2). Со оглед на комбинацијата на бои и типот на мотиви, најблиска паралела овој фрагмент има со протосескло фазата во Тесалија и во западниот дел на Егејска Македонија.[153]

Посебно внимание меѓу керамиката „тулено-црвена на бела" привлекува фрагментот со таканаречените аркадни или архитектонски мотиви. Макар што овој мотив е карактеристичен за Старчевачката група,[154] засега останува оваа комбинација изведување мотиви без паралелност (Т. 19, 25). Покрај тоа, овој пример покажува и други различни елементи. Така, на пр., меѓупросторите на лачни триаголници, кои во Старчево се мрежести, а кај нашиот примерок се полно обоени. Ако на крајот бараме аналогија за самиот тип на садот, нea ја наоѓаме во пехарите или во чиниите на Старчево[155] или кај садовите со блага S профилација од помладата фаза на групата сескло[156] и кај некои уште помлади појави.[157] Кај нас овој тип пехари или чинии се јавува во Зелениково и одговара на Тесалиската керамичка група Б/3α.[158]

Од сите досега споменати примероци со орнаментација, изведена со помош на триаголници, отстапуваат извесен број фрагменти, што, исто така, го употребуваат овој мотив само со други комбинации на боја. Меѓу овие е фрагментот од горниот дел на некој пехар со фина фактура, украсен со светло-смеѓи триаголници, што висат во низи под самиот раб, додека другата површина беше превлечена со крем боја (Т. 19, 4). Мотивот од овој фрагмент во основа.[159] Меѓутоа, во Тесалија се споменува дека меѓу подоцнешните примероци на сескло боената керамика се јавува боење со светло-смеѓа боја на беж основа,[160] што ни укажува на постоењето на овој фрагмент во помладата фаза на групата протосескло. Наспроти оваа констатација, фрагменти со бели орнаменти на светла или црвеникаво-смеѓа основа или да се работи за триаголниците во низи или вкомпонирани веројатно во апстрактни комбинации (Т. 19, 5), засега и многу детали, што можеме да ги поврземе со јужниот културен круг во нашите области, нема споредба. Во споменатата комбинација на бои, различно меѓусебно поврзани триаголници се јавуваат во јужните области во слоевите протосескло,[161] во северните, во таканаречената протостарчевачка група.[162] Во протосескло слоевите се јавуваат заедно со керамиката, што е боена црвена на бела или беж основа и меѓу примероците со бели орнаменти на смеѓа, се наоѓаат и орнаменти, изведени со рецкани ленти, како што се некои наши примероци[163] (Т. 19, 9, Т. 33, 10). Интересно е дека кај овие, последните појави, се поклопуваат и самите форми на садовите. Меѓу рецканите бели ленти (scraped) и со мотиви од апстрактни композиции се карактеристични за некои наоѓалишта во долината на реката Струма, појави што се смета дека настанале под влијание на Тесалиските култури.[164]

Сите орнаментни начини и типови од овие фрагменти се поврзуваат особено за садовите, чии облици имаат директни аналогии (конусни чинии, амфори) веројатно со лентовидна дршка од грчките примероци, а кај помладите облици генетичка врска со постарите појави. Меѓутоа, на типовите, што можеа да се издвојат како што во почетокот набројавме, од споменатите три системи мотиви, преовладуваат праволиниските и криволиниските. Белите праволиниски и светлите до темносмеѓите мотиви имаат основа во разни нијанси на црвена боја од оранжеста до темносмеѓа боја и смеѓоцрвена. Белите мотиви, како и смеѓите, се составени од ленти или ленти и црти, што достигаат до работ на садот или завршуват обично со шрафирани или мали

[153] Ibid. сл. 6, 3, 7. — Rodden J. R. 1962, Сл. 10 и стр. 284.

[154] Гарашанин Д. 1954. Т. XV, 4.

[155] Ibid. Т. XIII, 1 — Wace — Thompson, сл. 12, Фиг. 21, и, ф. д. — Главовиħ Р. 1968, Т. 9, 1, Т. 10, 2.

[156] Според Милојчиħ Вл. 1959. сл. 10, 2.

[157] Ibid. Сл. 11, 2, 4, 5, 7.

[158] Според ја нашата Т. XVI, 1с, Т. XII, 36.

[159] Rodden J. R. 1962, Сл. 10, Н, 19, Н, 22.

[160] Milojčić V. 1959, 13.

[161] Rodden J. R. 1962, Сл. 10, П, 37.

[162] Кармански С. 1968, Т. V, 2. — За податоците за Лепенски вир му се заблагодарувам на колегата Срејовиħ Д. И во Носа се спомнува вака орнаментирана керамика (Гарашанин Д. 1964, 305).

[163] Rodden J. R. 1962, 286, Сл. 10, П. 31, П. 22. Еден фрагмент на антропоморфна вазна се споменува од Могилата кај Битола, што е орнаментирана на сликањето бели триаголници во сескло техника (Гарашанин Д. 1954, 46 и зап. 68, стр. 115).

[164] Gaul J. H. 1948, Т. X. 19, стр. 33 и д.

полно работени триаголници (Т. 19, 24, 28). Мотивите од овој тип се поврзани со пехарите и чиниите. Меѓу праволиниските мотиви спаѓаат и тенки ленти, кои на извесна висина се чепорести во вертикална насока. Овој орнаментален тип досега е забележан само на фрагментите што им најверојатно припаѓаат на амфорите. Макар што овој тип мотив потсеќа на Старчевачката група, сепак меѓу нејзината боена керамика не е спомената амфората.[165] Напротив, амфори познава Тесалискиот културен круг.[166] Ист случок на овие, другите форми имаат добри споредби во Старчевачката култура, каде што се јавува орнаментирањето на бели и смеѓи мотиви. Во кругот на Старчевачката култура имаа споредба и криволиниските мотиви во форма на аркади орнаменти. Меѓу нашиот материјал, за разлика од горните, се јавува и во смеѓа боја. Кога зборуваме за појавите од овој тип орнаменти, мора да го спомнеме и фрагментот, кој сосема се издвојува со својата основа и комбинација на мотиви од вообичаеното изведување. Овде, покрај шрафираните триаголници и дебели коси ленти, се јавува основа карактеристична за таканаречената керамика со флеки (mottled). Основата е беж со црни триаголници што висат, појава за која засега немаме споредба. Макар што тврдиме дека меѓу нашиот материјал со бели орнаменти преовладуваат садови со благи профилации, не се отсутни ни остри преоди од вратот во рамо, што и на таквите примероци им дава скоро металоиден карактер. Ваквите садови се издвојуваат во извесна мера од другите појави. Идентични имаме во Зелениково и во некои наоѓалишта во Старчевачката варијанта во Косову[168] (Т. 19, 19).

Бело боење во Македонија познава и групата Породин.[169] Макар што постои извесна идентичност во облиците на садовите[170] и во некои орнаментални детали,[171] оваа група не кажува некоја потесна врска со нашите појави. Ист случај е со културата од најстарата фаза Караново во Тракија, која, со исклучок на заеднички генетички елементи поврзани со грчкиот круг, немаат аналогија со нашиот материјал.[172]

Бела орнаментација е употребена и на некои фрагменти со сива основа (Т. 19, 7). Ваква керамика е најдена во најнискиот хоризонт во Сервија,[173] во Тесалија во слојот I. фаза на сескло групата,[174] на север сесреќава и во Старчево.[175] Беа оглед на сите досега изнесени мислења, некои други наши примероци[176] уверливо ја потврдуваат Хертлеевата хипотеза дека не претставува посебна група, туку дека е неправилно печена[177] односно препечена.[178]

Меѓу темно-смеѓите, кои се во бела боја, не се јавуваат веќе споменатите чепорести орнаменти. Освен на амфорите, употребувани се на купите на нозе (Т. 19, 1) и на чиниите од таканаречениот Старчевачки тип. Ваквата керамика е забележана и во Вршник,[179] а се спојува и во Породин.[180] На нашиот барутнички сектор ваквата керамика е карактеристична на најниското ниво, што може да ја сметаме дека на прикопаниот сектор била in situ.[181] Од фрагментите на боена керамика, кои им

---

[165] Гарашанин Д. 1954, 85 и д., нејзиното постоење не можеме наполно да го исклучиме и за Старчевачката група.

[166] Овде се јавуваат во фазата протосескло (Milojčić V. 1959, Сл. 6, 9) и имаат натамошен развој во фазата сескло (Ibid. Сл. 9, 10, 13, Сл. 10, 3, 10, Т. 8, 1) На нашата територија го наоѓаме во породинската група. (Породин 1960, Т. XIII, чај е и се лентовидните дршки.[167] Со исклу-

[167] Milojčić o. p. 13, Сл. 10, 2, 7, 8, Сл. 11, 5, Сл. 12, 5.

[168] Примерот од Зелениково не е објавен. Иако меѓу орнаментните мотиви во Старчево многу се чести мрежестите детали, сепак досега тај остана непознат. Сличен мрежест венец на вратот на садот почесто се јавува во Космет, како и овде на друг тип садови. (Глишовић — Јовановић 1957, Т. 11, 1. 4).

[169] Породин 1960, 90 и д. Во споредба со материјалот, ископан на Гургур тумба, е скоро уверливо дека во Породин, како и овде, повеќе културни слоеви (по забелешката од дневникот на д-р Јосип Корошец, што ги водел и ископувањата на споменатата тумба).

[170] Ја наведуваме само амфората на Т. XIII, 1 (Породин 1960).

[171] Како што се точките, што овде беа употребувани во други комбинации.

[172] Георгиев смета дека културите Караново I — Кремиковци — Старчево имаат извор во културите во внатрешноста на Балканот и оти се обогатени само под влијанието на малоазиските-егејски култури (Георгиев Г. 1961, 92.).

[173] Heurtley W. A. 1939, 66 и д.

[174] Milojčić, o. p., 13.

[175] Гарашанин Д. о. п. 84.

[176] Претставува една фаза по меѓу нормалното печење на керамиката и на оние што се сиво печени.

[177] Heurtley W. A. o. p. заб. 30, без оглед на тоа што авторот ги става во помладиот хоризонт.

[178] Milojčić o. p. 13.

[179] Зборник II, 30, за слојот II и III.

[180] Porodin 1960, 44.

припаѓаат на овој хоризонт, најдени се само по еден фрагмент, чија орнаментика влегува во серијата на зиг-заг или меандер мотив (Т. 19, 2; Т. 33, 6; Т. 23, 12). Овие во Старчевачкиот круг се особено сакани, во грчкиот круг имаат водечка улога.[182] Идентичен пример е најден во Зелениково.[183] Во оваа група се јавуваат фрагменти со праволиниски и криволиниски мотиви (Т. 23, 7) како на ѕвонеста нога од некоја купа, која некогаш била превлечена со светло повеќе шампањ боја. Орнаментот е разделен со широка лента во две полиња или метопи. На едната страна се наоѓа тесна зиг-заг вертикална лента, на другата е криволиниска, која била разделена во четири крака. Орнаментот сега е со светлосива боја, што не е исклучено дека некогаш бил потемен. Ветикални или коси зиг-заг ленти, како мотиви, ги употребува керамиката од групата А/3 во Тесалија.[184] Делењето на орнаментот на садовите на две полиња — метопи, исполнети со мотиви од различен карактер, е една од карактеристиките на групата Димини.[185]

Во повисоките слоеви на ова хоризонт се јавува керамика, украсена со широки ленти. Еден дел на вака украсените фрагменти им припаѓа на садовите од средни димензии со подобра фактура, чиј орнамент од работ на надолу се одвива спирално, кој за разлика од досега споменетите примероци се секогаш со хоризонтални или коси ленти. Ваква орнаментика досега не е забележана. Бидејќи нема паралелност, може да претпоставиме дека се поврзува со криволиниските ленти, кои и покрај големината на фрагментите, не може да се реконструира, секогаш им се припишува на спиралните мотиви. Баз оглед на ваквата појава, некои елементи би можеле да им припаѓаат на мотивите од отворени спирални варијанти на отворен завој (Т. 23, 9) што е блиска со опие од неоѓалиштето Олинт[186] и кај нас во Зелениково.[187] За денес, со оглед на расположливите моменти во врска со овој мотив, ваквите појави на нашиот фрагмент им ги припишуваме на криволинискиот тип, чии линии, веројатно, се чепорести. Само кај некои примероци можеме да сметаме дека постоел и малку подебел завој. Сите примероци им припаѓаат на поголемите садови со дебели ѕидови. (Т. 21, 24). Од локалитетита, што дадоа аналогни појави, се освен Вршник[188] и Рук — Баир,[189] уште одделни керамики од Зелениково.[190] На север се споменуваат одделни фрагменти со елементи од Старчевачката култура.[191]

[181] Фрагменти, најдени меѓу урнатините на зграда во сондата бр. 5.
[182] Гарашанин Д. о. п. Т. XV, 6.
[183] Галовић Р. 1962, Т. XII 4.
[184] Wace — Thompson, Сл. 47, а. Неа ја познавал и во Кремиковци.
[185] Тсунтас Х. 1909, сл. 91, 100 и д.
[186] Heurtley W. A. 1939. Сл. 32 и заб. 3.
[187] 39. Bericht RGK, сл. 23, 2, 3.
[188] Зборник II, 18, сл. 3, 4, 7.
[189] Корошец Ј. 1966, сл. 4.
[190] Меѓу необјавениот материјал се и два фрагмента со мркосмеѓи широки ленти, што може да се реконструираат во отворена спирала и е аналогна на споменатите мотиви од Рук.-Баир.
[191] Стадно Б., Павловац, лок. Гумиште, ЗРНМ 5, 1966.

## II. КУЛТУРЕН ХОРИЗОНТ

Пред да преминеме на обработката на материјалот на овој хоризонт, подвлекуваме дека по формираната стратиграфија во нејзините граници може да се извои еден слој, кој, судејќи по материјалот, покажува мешање со елементите од долниот стратум.[190] Со оглед на тоа дека седиментот е многу испревртен во долниот дел, што постарите елементи се јавуваат со малку развојни облици, не можеше сигурно да се утврди дали овде се работи за една издвоена преодна фаза, ограничена со посебен слој или тоа е само привидна појава што настанала поради различно обоената земја. Најмногу тешкотии постојат кај обичната керамика, што се протега низ целиот стратум, скоро без големи измени. За разлика од овој, горниот дел се издвојува со чисти елементи, што ги означивме како посебна културна и хронолошка фаза на нашето наоѓалиште.

Керамиката, најдена во овој културен хоризонт, се дели како и минатата, главно, на три групи. Меѓутоа, некои од овие групи во оваа фаза толку се разликуваат по техниката на изработката и по изведувањето на орнаментот, така што укажуваат на формирањето на еден нов керамички вид. Така, на пример, керамиката, орнаментирана со барботин, со оглед на нејзината вонредна фактура, не може, со исклучок на одделни примероци, да се вброи во нашата група А. Освен тоа, со мазнетата и барботинизирана површина не спаѓа ниту во групата монохромни изработки. Ефектот што се постигнува со оваа техника, ја вбројува во посебна група, што можеме да ја означиме како бихромна. Занимливо е дека бихромната, како што ќе видиме во натамошното излагање, се јавува бројно и кај боената керамика. Според тоа, можеме во овој стратум да разликуваме:

А. обична керамика

Б. монохромна керамика

Ц. боена керамика и

Д. бихромна керамика.

Сета керамика е одлично изработена, дури и онаа што можеме да ја окатегоризираме како груба. Единствено помладиот слој се разликува во поглед на фактурата по тоа, што садовите, изработени за разлика од постарите појави, се само од едно парче глина.[191] Ваков начин на изработка не е употребуван само кај монохромната, туку и кај боената керамика. Освен тоа, се забележува дека кај обичната керамика повеќе не се употребува плева како примесен додаток на земја, туку место неа, многу често се додава во разни проценти песок и ситен кремен. Сите тие примеси ѝ даваат на керамиката поголема цврстина и на самата маса покомпактен состав.

**А. група.** — Во ова група можеме да ја вброиме само неорнаментираната керамика, со исклучок на мал број, орнаментирана во барботинска техника.

[190] Во слојот (С 6, 0,30 м длаб.) над последната нивелација) нашиот напис Барутница — Амзабегово, стратиграфска фаза на а, б, стратумот) се јавуваат некои елементи, што се карактерични за најниснот и средниот хоризонт. Ваквата појава може најдобро да се согледа кај сликаната керамика, каде што фрагменти од еден лонец се најдени како во долниот хоризонт, така и во споменатиот слој.

[191] Ваквото моделирање овозможува еднобоен прекршок.

**а) неорнаментирана керамика.** — Нејзините фрагменти им припаѓат исклучиво само на големите садови, што не можат да се реконструираат. Судејќи по сѐ, не е застапена со голем број типови. Некои садови беа повеќе или помалку со издолжена валчеста форма со дебели и компактни ѕидови, со малку означен врат со вертикално перфорирани дршки и со рамно дно. Меѓу најдените фрагменти има примероци што можат да им се припишат на многу големите (со 0.95 см пр.) веројатно конусни чинии. Освен по многу цврстата фактура, се одликуваат и со еднаковремено сивкаво смеѓо печење. Од длабоките реципиенти, посебно е занимлив типот биконусен сад на рамото украсен со пластично ребро со отпечатоци од нокти и лентовидна дршка, на која во средината се наоѓаат 1—2 вертикални канелури (Т. 24, 17). Најдените примероци се грубо моделирани.

**б) орнаментирана керамика.** — Оваа група е орнаментирана исклучиво со барботин техника и е многубројна. Застапена е како и порано со топчести типови, со повеќе или помалку стеснети вратови, вертикално перфорирани дршки, што се во пресекот во вид на триаголник (Т. 26, 5) и рамно задебелено дно (Т. 24, 15).

**Б. група.** — Во овој стратум монохромната керамика ја делиме на црна, црвена и смеѓа боја, само со таа разлика, што садовите со определена боја се јавуваат многу ретко. Можеше да се утврди дека керамиката со изразита боја е најдена предимно во долните слоеви. Спротивно на ова, преовладуват неопределени бои од печењето во разни нијанси од сивосмеѓи до сивоцрни и смеѓосиви или смеѓоцрвени. Изразито сива или смеѓо печена грнчарија во овој стратум нема. И црвената керамика е забележана многу ретко. Сета керамика е повеќе или помалку со добра фактура, изработена од добро прочистена земја. Додавањето ситен кремен и песок, со мал исклучок, е општа појава. Садовите се добро моделирани, замазнети и повеќе или помалку интензивно мазнети, макар што ова мазнење не е толку изразито како што беше во долниот стратум. Меѓу монохромната керамика се јавуваат мошне малку минијатурни садови во разни форми. Бидејќи некои од нив се аналогни со големите садови, нема да ги обработуваме посебно. Исто така, нема да се задржуваме на одделни керамични групи по бојата на печењето, затоа што се покажува на исти форми и има еднаква карактеристика. Занимливо е дека сега не се јавуваат повеќе боени монохромни садови, кои потоа биле мазнети. Исклучок прават само некои фрагменти од црвената керамика. И меѓу оваа керамика има фрагменти што им припаѓале на големите садови со многу тенки ѕидови. Општи облици со ова група се:

**Амфори.** — Основниот облик на овој керамичен тип е долгнавесто валчестиот сад. Вратот е релативно тесен и висок или низок цилиндричен и остро одвоен од рамото, освен примероците, каде што одвај е означен или кои работ инкасто се шират. Рамото обично е долго, а долниот конусен дел завршува со рамно дно. Ако овие примероци ги спореднме со појавите од постариот стратум, тогаш може да ги сметаме како помлади развојни варијанти на бомбестите садови. Кај овој керамичен тип за првпат се јавуваат топчести садови со конусен долен дел и вовлечен раб, таканаречени пирифирмни облици (Т. 22, 4, 5, 7, 8). Овие садови се малку издолжени и имаат мал цилиндричен или извлечен врат (Т. 21, 20, 19). Кај примероците без врат работ е понекогаш многу задебелен. Некои садови и кај овој тип можат да имаат многу тенки ѕидови (Т. 21, 18).

**Чинии.** — Меѓу нашиот материјал најчесто се застапени чиниите. Обично се конусни (Т. 22, 10, 11) или со биконусна форма (Т. 22, 12, 14). Кај некои примероци горниот дел на садот може да биде релативно висок и во средината малку конкавен или пак низок во однос на долниот дел со незначително извлечен раб. Кај варијантите од повисоките слоеви се забележани конусни чинии со незначително задебелен раб (Т. 22, 2). Дното кај поголем дел садови е рамно, макар што не е исклучена ниту повисоката или пониската конусна односно цилиндрична нога (Т. 22, 1). Карактеристика за овие саодви е што многу често како орнамент се поставени пластични папки, што кај биконичните садови беа распоредени на најголемата периферија. Кај конусните чинии се поставени на работ истовремено уште и однадвор и одвнатре под нив (Т. 28, 10; Т. 31, 9). Во повисоките слоеви кај биконусните садови за првпат се појавуваат издолжени дршки на најголемата периферија.

**Купи на нозе.** — Голем број цилиндрични и конусни нозе веројатно ѝ припаѓаат на оваа керамична форма. Освен целите шупливи (Т. 21, 23; Т. 22, 15) меѓу кои се јавуваат и некои со издолжен раб или такви кои делумно се полно работени. Горниот дел бил веројатно биконусно чиниест или со конусна форма и релативно плиток. Кај првиот тип, горниот реципиент беше многу сличен со чиниите, само што за разлика од нив беше малку поплиток. Делењето на овие два типа садови е многу тешко, бидејќи досега не е најден ниту еден примерок со цел профил.

Во овој стратум се најдени и убаво моделирани долгнавести апликации надолж остро профилирани (Т. 12, 7—9; Т. 14, 11). Хоризонталната перифорација ни зборува дека покрај украсниот карактер, служела и како ушенце (дршка). Со оглед на големината на фрагментите им припаѓале на поголемите, веројатно полутопчести садови со релативно дебели ѕидови. Освен вертикалните, постојат и хоризонтални апликации, кои не се перфорирани (Т. 14, 18). Пластични апликации на биконусните садови се познати во Тесалија во I фаза на димини културата.[195]

**Ниски купи.** — Мал број садови, што можеме да ги реконстрираме, беа малите полутопчести чинии со неозначено дно, некои беа орнаментирани од надворешна страна од работ со шрафирани триаголници (Т. 14, 17, 13). Освен овие постојат и конусни, што можат да бидат и релативно широки со рамно дно, понекогаш со отпечатоци од рогозина. Имаме примероци што на дното се орнаментирани со врежани мотиви. Не е исклучено дека некои од овие форми генетски се поврзуват со примероците од најмладите фази на разни култури, како што е тоа пример во Тесалија,[196] интересно е дека многу често е употребува на врежаната орнаментика.[197]

**Шишиња.** — Во сондата бр. 5 се најдени два фрагмента со тесен цилиндричен горен дело од некој сад. Еден од нив е малку поширок кон дното. На врвот се наоѓа надебелен отвор со хоризонтално извлечен раб, чија горна површина е рамна (Т. 14, 4, 5). Во сондата бр. 6 се најдени уште два примерока (Т. 14, 2, 3), што, за разлика од веќе гореспоменатите, се помасивни. Нивниот горен дел, односно работ, е во форма на печурка. Сите спомените фрагменти се неорнаментирани и за жал мали за реконструирање на нивниот долен дел. Определени се како шишиња, макар што не е исклучено да му припаѓаат и на некој друг тип грнчарија. Слични фрагменти се најдени во Тесалија, во слојот на најмладата фаза на културата сескло,[198] чија орнаментација, во форма на триаголници во низи и зиг-заг ленти, ја красат горната површина на работ и вратот. И кај овие примероци не е можна реконструкција на долниот дел на садот. Во Бугарија, во слојот што ѝ одговара на фазата Караново III, е најден жртвеник,[199] чие горно продолжување на хоризонталното постолје има продолжеток, што одговара на најдените примероци од Барутница и на оние од Тесалија. Меѓутоа, со оглед на некои појави во Винча[200] и на некои други локалитети, претпоставуваме дека нашите фрагменти им припаѓаат на садовите во форма на шишиња. Сите наведени примероци се сивоцрно или смеѓосиво печени, со добра фактура и мазнети. Најверојатно е дека нашите примероци не се орнаментирани ниту во долниот дел на садот. Меѓутоа, постојат и некои фрагменти, што им припаѓаат на четириаголните орнаментирани садови со рамно дно, чии горен дел тркалесто се стеснува во отворот (Т. 14, 6).[201]

**Ц. група.** — Во ова група ќе ја опфатиме само керамиката што е орнаментирана, макар што се најдени фрагменти, што им припаѓаат на неорнаментираните садови. Бидејќи сите фрагменти се од вратот или од некој друг дел на садот, не ќе можеме да тврдиме, се разбира, со оглед на боената керамика, дека не ѝ припаѓаат на украсената грнчарија, бидејќи се работи

[194] Зборник II, 19 каде што се спомнува само груба грнчарија, чиј орнамент е извлечен со вертикални потези на прсти (ibid. Сл. 8.).

[195] Milojčić o. p. 15, Сл. 13, 22. — Theoharis D. R. 1958, Сл. 4, 5, сл. 8, 1.

[196] Milojčić o. p. Сл. 12, 9.

[197] Ваков тип орнаментирање во кругот на димини културата се смета како барбарска појава (ibid. 23.).

[198] Ibid. Сл. 11, 6, 9.

[199] Види прилог во боја, Георгиев Г. 1961. Винча I сл. 123.

[200] Спореди го минијатурниот пример во

[201] Четириаглести садови, што во горниот дел завршуваат во тесно грло најдени се во Рук — Баир со зиг-заг врежани орнаменти и дегенерирани апликации на некогашните животински глави на аглите (необјавено) и во Зелениково, исто така, орнаментиран (необјавено).

за ист облик и за иста основна боја како кај боената керамика. Во споредба со преодната керамика, ни паѓа, в очи дека боената керамика од овој стратум е многу скудна. Ако ги исклучиме оние фрагменти, најдени во понискиот слој, што се аналогне и со некогашните форми. Сега садовите фрагментите од оваа група не изобилуваат со исто богатство на бои, мотиви, па дури не и со некогашните форми. Сега садовите се со големи димензии, цврста фактура и на изглед без онаа убавина со која се одликнот стратум. Освен мал број фрагменти, што се превлечени со црвеникавосмеѓа превлека, обоени и мазнети, зоголем дел се црвено печени и на некои приморецu не се ниту мазнети. Со малку подобра изработка е смеѓо обоената керамика со црни и црносмеѓи мотиви. Судејќи по зачуваните фрагменти, најголем дел им припаѓа на грнињата или амфорите со поголеми димензии. Формата би можела да биде топчеста или крушовидно издолжена. Вратот беше релативно низок, со повеќе или помалку извлечен раб и рамно дно. По зачуваната конусна шуплива нога се заклучува дека биле во употреба и садовите на постолја. Како изледал нивниот горен дел не знаеме, бидејќи немаме елементи за реконструирање. Веројатно и тој бил конусен. Не е исклучено дека некои примероци од боената керамика им припаѓале на чиниите од конусен тип, со мал благо извлечен раб. Од наведените облици на оваа керамика, единствено амфорите и конусните чинии претставуваат натамошен развој на постарите примероци, додека високите шупливи нозе се новост. Во поглед на орнаментиката, можеше да се утврди дека сите облици биле украсувани со мрки орнаменти, чии мотиви се сведуваат само на криволиниските комбинации на отворените спирали. Ваквиот мотив се поврзува со таканаречените чепорести ленти. Исти појави на орнамент и по сè изгледа и формата на садовите, се јавуваат во Вршник,[202] Рук-Баир[203] и со одделни примероци и во Зелениково.[204] При споредувањето на оваа керамика со боените појави во културниот круг, северно од Македонија, се забележува дека постои голема разлика во фактурата и мотивиката. Судејќи по сè, на нашето подрачје оваа фаза на боената керамика е со изразито локален карактер. Со своето грубо изведување, донекаде се разликува и од спиралните мотиви во јужниот културен круг. На Рук-Баир, истовремено со оваа керамика, се јавуваат и садови, орнаментирани со отворени спирали, кои меѓусебно се поврзани со полиња, исполнети со мрежа. Орнаментите се изведени со тенки потези на четка. При обработката оваа керамика е доведена во врска со димини групата, макар што не ѝ е припишана нејзе.[205]

Засега единствени и најблиски аналогии наоѓаме на некои примероци од најдолните слоеви на Бубањ.[206]

Посебна појава во овој стратум претставува малиот фрагмент, кој со својот полихромен криволиниски мотив привлекува посебно внимание. Обликот на садот е непознат. Полихромија во групата на боената керамика се споменува во Старчево.[207] Орнаментот со мрка боја е порабен со тенки бели ленти, кои одат покрај него на обете страни на блескаво жолтеникавата подлога. На нашиот пример основата е бела, орнаментот црвен и на обете страни порабен со тенки мрки ленти, ист состав, како што го познава полихромната керамика од најмладата сескло фаза во Одзаки магула.[208] Овие тесалски примероци се издвојуваат од полихромната керамика на типот Б β3 и Б β8. Фромите на некои полихромни фрагменти на овој локалитет се компарираат со идентичните типови од Гумелница I — Cucuteni A фази.[209] Судејќи по фактурата, нашиот примерок се поврзува за керамиката од пониските слоеви на овој стратум, во кој е и најден, додека овде се наоѓа секундарно.

**Д. грува.** — По начинот на украсувањето и естетскиот ефект, полухромната керамика ја делиме на:

а) барботин и

б) Black-topped керамика.

---

[202] Зборник I, 65 се поврзува во Вршник III.

[203] Необјавено.

[204] Види ја нашата зебелешка 190.

[205] Корошец Ј. 1966.

[206] Инв. бр. 1941 и. др. во Народниот музеј Најден со керамиката украсена со радијални црвени мотиви, на жолто-шампањ основа (Инв. бр 1235).

[207] Fewkes — Goldman — Ehrich 1933, сл. 22.

[208] Milojčić V., 1959, 13.

[209] Исти А. А. 1959, 47 и д.

а) **Барботин керамика.** — Уште во почетокот да потцртаме дека керамиката во овој стратум, орнаментирана со техниката барботин, освен во веќе порано споменатите појави кај грубата техника, се јавува и со многу убава изработка. Освен тоа, фактура на оваа керамика варира. Така, кај некои примероци можеме да зборуваме за многу фини и квалитетни продукти покрај керамиката со добра фактура. Кај оваа керамика, дебелината на ѕидовите не е поврзана за квалитетот на изработката. Разлика се појавува и кај самата техника барботин, така што покрај погруби изведувања има и пофини. Освен класичниот состав на орнаменталниот слој, оваа техника е постигнута и со иструтување со помош на премаз од измачкана бела боја, што се нанесува на садот со лачести потези (Т. 23, 5, 6; Т. 24, 14).[210]

Во овој стратум од некогашните форми егзистираат големите садови од груб, многу пластичен барботин, кој обично на рамото завршува со пластично ребро со отпечатоци од прсти (Т. 26, 7). Бидејќи оваа керамика не се разликува од поранешната ниту по формата ниту по орнаментиката и фактурата, нема да се задржиме на нејзиното опишување. Покрај аналогиите примероци од Вршник,[211] големи садови, украсени со груб барботин, се карактеристични и за другите области во Македонија[212] кои уверливо се поврзуваат да фазата на младиот неолит. Барботинираната керамика по формата, без оглед на кој тип техника на барботин ѝ припаѓа, можеме да да ја делиме на:

**Амфори,** кои во овој стратум имаат две варијанти. Првата е во форма на круша и цилиндричен врат, што благо преоѓа водорамно. Неговата висина, како и работ, засега не се познати (Т. 25, 10). Втората варијанта има форма на бомба со низок лачен врат и извлечен раб. Кај овие, како во минатата варијанта, нам не ни е познат обликот на дното (Т. 26, 11). Веројатно на овој керамичен тип му припаѓаат многу фрагменти. Сите примероци се со добра фактура. Во горниот дел беа блескаво мазнети и од средината на рамото надолу орнаментирани. Занимливо е дека меѓу керамиката, орнаментирана со барботин, се појавуваат и пироформните амфори (Т. 22, 8). Освен кај монохромните садови, тие засега немаат споредба ниту во овој круг, ниту во оваа фаза.

**Грнињата,** орнаментирани во оваа техника, се скоро со цилиндричен или јајцесто валчест облик (Т. 24, 9) со широко заокружен раб. Се појавуваат од III нивелација нагоре. Досега се најдени само примероци, што на горниот дел се мазнети на блесок и сивожолто и сивоцрно печени. И кај овие облици се најдени фрагменти од горниот дел на садот, така што само можеме да претпоставуваме дека имале и рамни дна. Најблиска аналогија за овој сад имаме во Вршник, во примероците од Сервија, макар што тие претставуваат во извесна смисла варијанта на големите амфори, што Heurtley го поставува овој тип садови во помладиот неолит.[213]

**Чинии.** — Овој тип садови ни е зачуван само во фрагменти, што му припаѓаат на горниот дел на садот, според кои можеме да заклучиме дека ободот бил редовно заокружен. Со оглед на другите неорнаментирани чинии и нивната конусна форма, веројатно имале рамно дно. Се јавуваат во големи и мали димензии. Имаат добра фактура, макар што земјата е мешана со песок. Кај некои примероци, инаку големи чинии со подобра фактура, има релативно тенки ѕидови (Т. 25, 7). Сите примероци беа обично во горниот дел мазнети, блескаво, во долниот орнаментирани со разни типови од прав и потезен барботин. Ретко се орнаментирани до работ (Т. 24, 3). Како такви, обично имаат малку погруба фактура. Примероците со мазнет горен дел се црни (Т. 24, 8; Т. 25, 9) или сиви (Т. 24, 5; Т. 25, 7) жолто-смеѓа печени (Т. 25, 8). На овој тип садови се јавува многу пластичен или многу тенок, одвај, видлив барботин (Т. 23, 3, 5). Во најголем дел е изведен определен мотив во вид на лаки. Таков начин на украсување може да се спореди со боените мотиви од фазата Димини, што ги наоѓаме на одделни садови од Те-

[210] Heurtley овој тип орнаментика го нарекува аркадеи (Heurtley W. A. 1939, 145).

[211] Макар што овој тип барботинизирана керамика не се означува прецизно, го наведуваме во случајните наоди од овој локалитет.

[212] Породин 1960, Т. XV, 5, 6; Т. XVII, 3 и д.

[213] Макар што примероците од Сервија, што ги илустрира Heurtley, се реконструирани без доволен број елементи, сепак и одговараат на вистинските форми (Heurtley W. A. 1939, Сл. 12, a, c, d, Тип 56, 87—90).

салија.[214] Засега аналогни појави имаме во Вршник, во хоризонтот на младиот неолит од Сервија[215] и на некои други неоѓалишта од Северна Грција.[216]

**Пехари.** — Меѓу керамиката од овој вид, посебно место заземаат пехарите. Макар што се изработени од просеана земја, помешана со фин песок, добро рамномерно сиво-црн печени и во горниот дел мазнети блескаво, имаат релативно дебели ѕидови. Кај овој вид мотивот барботин е изведен во лакови и е еднаков со мотивите на чиниите од овој стратум. Обликот им е јајцест со малку вовлечен врат и заокружен раб. Особено интересен е фрагментот од некој скоро цилиндричен пехар со фина фактура и црно печен. Во горниот дел е мазнет до интензивен блесок, на долниот е, исто така, украсен со лачни мотиви односно потези на фин и тенок, сосема малку издигнат премаз без пластични венадури. Вакниот начин на изведување на оваа техника дава впечаток на нејзината имитација, така што ѝ се приближува на техниката сликање (Т. 23, 6). Инаку, самиот сад има најблиска аналогија во грнињата од оваа група.

**Асиметрични садови.** — Меѓу фрагментите од барботинската керамика посебно внимание привлекува фрагментот од некој асиметричен сад. Зачуваниот дел му припаѓа на нискиот цилиндричен врат, што под прав агол преоѓа во хоризонтално рамо односно грбот. Работ е заокружен и веројатно бил без дршка. Садот во горниот дел е мазнет до половината на рамото, а другиот дел беше орнаментиран. По фактура и орнаментика е многу близок до топчестите и до садовите од оваа група во вид на круша. По најдените фрагменти не е возможно да се изврши целосна реконструкција. Со оглед на тоа, можеме да претпоставиме дека садот имал плоснато или налепено дно, аналогно со некои појави од овој тип садови во подрачјето на Грција[217] или било моделирано во форма на четриножно животно, како што се ритовите од Космет и Бугарија.[218] Прва појава на асиметрични садови се забележани на подрачјето на Јужна Македонија во фазата на протосескло групата.[219] Овие примероци спаѓаат во групата монохромна керамика. Во врска со орнаментацијата барботин, најблиски примероци би биле оние од Бугарија, што се украсени со пирамидни налепци и му припаѓаат на младиот неолит.

**б) *Black-topped* група.** — Според техничките средства, употребувани во оваа група, би требало да биде вбросна на групата боени садови. Меѓутоа, бидејќи во овој стратум има место и специфичност, заслужува да биде обработена посебно. Најстарите нејзини појави се поврзани со садовите, што имаат долен дел црвен и горен темносмеѓ или црн. Во овој стратум преовладува првата комбинација, макар што кај втората се јавуваат цели сивоцрно обоени садови со жолтеникав раб и внатрешност (Т. 23, 10). Кај некои примероци од оваа варијанта жолтата боја од работ се разлева на вратот во вид на големи дамки, така што даваат изглед на »mottled« грнчарија. Оваа група керамика секогаш ѝ припаѓа на грнчаријата со добар квалитет, добро е печена и мазнета блескаво. На нашето наоѓалиште најчесто е неорнаментирана и украсена само со пластични апликации. Покрај обичниот раб, се употребува и брановиден. Оваа керамика може да биде и сликана. Веќе порано го спомнавме фрагментот со бел орнамент на садот со црножолтеникавобели дамки. На истата варијанта се јавуваат и мркоцрни орнаменти. Од мотивите, што можат да се согледат, бидејќи скоро сите се избришани, изгледа дека се работи за орнаменти, што многу се слични со некои садови од Зеленикаво. Судејќи по нив, им припаѓаат на типот неорганизирани мотиви (Т. 23, 11), составени од праволиниски ленти и лачи (Т. 23, 13, 14), што личат на гирланди или брановидни ленти. Некои од овие садови беа обоени и со црвена боја на работ.

Облиците од оваа група се еднакви со оние од монохромната керамика, како што се:

---

[214] Wace — Thompson, Сл. 119, 1а.
[215] Heurtley W. A. o. n. 72.
[216] Ваков тип барботин се јавува и во Хатиос Мамас (ibid. заб. 6).
[217] Во Средна Грција овој тип садови се јавува во кругот на сликаната керамика (Wace — Thompson, Сл. 119, 2б).
[218] Gaul J. H. 1948, Т. LXII, 4. Занимлив е и примерот на истата табла бр. 5, што е паралелен со другите типови асиметрични садови.
[219] Rodden — Rodden 1964/1, сл. 9. — Ibid. 1964/2. Sl. 13.

**амфорите** во вид на круша. По фактура и облик се аналогни со амфорите црно печени и мазнети блескаво.

**Чиниите** се со конусна форма, рамно дно и тесно шупливо постолје (Т. 22, 1). Најдени се неколку биконични примероци, што немаат изразито остар профил.

Веројатно биле застапени **купите** на нозе и некои други облици, што не можеа да се реконструираат.

Black-topped керамиката се среќава во Вршник, во врска со сликаната керамика со криволиниски орнаменти.[220] Според некои случајно најдени фрагменти, гледаме дека е застапена и во Рук-Баир. На нашиот локалитет засега најдобро е фиксирана со сликаните орнаменти. Во повисоките слоеви на најнискиот стратум се поврзува за фазата што временски би одговарала на Старчево II.[221] Во овој стратум со своите неорганизирани мотиви е најблиска до сликаната керамика и покажува извесна сродност со Зелениково.[222] Во Тесалија се јавува многу рано во фазата на протосескло групата и изгледа дека не била долготрајна.[223]

**Култни и други предмети.** — Од керамичните изработки, освен садовите, на овој стратум му припаѓаат мал број антропоморфни статуи и жртвеници.

**Антропоморфни статуи.** — Меѓу статуите, откриени во Барутница, може да се издвои извесен број, што по типолошкиот развој би можеле да му припаѓаат на овој стратум. Меѓу овие прво место заземаат статуетите, кои уверливо му припаѓаат на столбовидниот тип (Т. 11, 4, 11, 12; Т. 14, 19). Според статуетата, која долниот дел е зачувана во целост можеме да судиме дека сите му припаѓаат на типот, кој во горниот дел е малку поплоснат, додека одоздола завршува цилиндрично. Кај овие примероци е карактеристично што имаат раце во вид на перче. Еден примерок разделен со две врежани хоризонтални црти од предната и задната страна на статуетата. Другите две се со продупчени отвори, така што асоцираат на кренати и на рамењата свиени раце. Статуетите имаат одделена или неодделена глава од трупот. На статуетите без глава издвојувањето од трупот е извршено уште со две дупчиња на рамото. Оваа статуета има пластични колкови и глутеи. Карактеристичен тип на главата е што е издолжена во темето со означени очи и веѓи. Носот може да биде моделиран со стисната земја со прсти или пак пластично нанесена. На еден примерок е означена и косата во вид на загзаг врежови. Дупчињата на перчината добро ги познава винчанската пластика,[224] а ги имаати столбовидните статуети од Породин.[225] Поблиски аналогии за типот од главата засега е познат во II фаза од Вршник.[226] Без сомнение, спаѓа во истата група на статуетите од Рук-Баир, од слојот на 2,80 м дл.[227] и повисоко, макар што некои немаат издолжено теме, како што имаат нашите два примерока. Интересно е што спомenатите примероци од Рук-Баир имаа означени гради.

Овој тип статуети во грчките наоѓалиште се јавува со предимензионираните вратови и обично темето им е извлечено назад, а не нагоре, како кај нашите примероци.[228] Истовремено, се јавуваат и плоснатите статуети со продупчени перчиња[229] или орнаментирани со зиг-заг линии[230] — орнаментика, која на нашиот локалитет се јавува, што ќе видиме и на жртвениците. Наодот од вакви статуети ни дозволува да вброиме некои наши елементи во плоснатиот тип со продупчени перчиња (Т. 11, 8). Дали спомнатите примероци имаа тркалеста базна површина, како прво спомената варијанта, е прашање. Валчестите статуети со перчиња кои и во горниот дел малку се поплоснати, најдени се во Вршник и Зелениково,[231] заедно со изразите столбовидниот тип. На ова наоѓалиште се поврзу-

[220] Тврдиме според случајните наоди. Наведените примероци во 39. Bericht RGK, 114 и заб. 593 се карактеристични за младата фаза и потекнуваат од сондажните работи на П. Гоцкова.

[221] Покрај веќе наведените елементи, најдени над куќата, во сондата бр. 5 е и еден што ѝ припаѓа на керамиката »black-topped«.

[222] Milojčić V. 1968, Т. 9, 4).

[223] Milojčić V. o. p. 8 и 9.

[224] Не се јавуваат со наполно аналогните типови статуети, значајно е што се јавуваат продупчените веќе во насипните слоеви (Винча III. Т. VII, 27. стр. 9) и долго се задржуваат (Ibid. сл. 26, 266 итд.).

[225] Породин 1960, Т. XXIX, 2.

[226] Зборник II, сл. 35, 41.

[227] Особено примерот со извлечено теме.

[228] Heurtley o. п. Сл. 35, к.

[229] Ibid. Сл. 34, х.

[230] Ibid. и.

[231] Зборник II, сл. 35 — Зелениково Галовић Р., Т. 16, 1—3.

ваат со најнискиот слој, додека со грчките наоѓалишта со младиот неолит. Според споменатите моменти, сигурно е дека статуетите, што им ги припишуваме на овој стратум, претпоставуваат една од помладите развојни варијанти на столбовиден тип и ги носат со себе сите елементи од доцната фаза на стариот тип.

**Жртвеници.** — Со исклучок на три фрагменти, сите други примероци на жртвеници, како и статуетите, најдени се секундарно во повисоките слоеви надвор од овој стратум. Макар што сè уште некои имаат пластични апликации на аглите (Т. 13, 1),[252] орнаментиката се состои главно само од паралелни коси врежувања, близу до работ на остриците и незете (Т. 13, 2, 4, 14) или врежани триаголници и криволиниски врежи по ѕидовите на реципиентот.

Во помладиот стратум се најдени неколку фрагменти, украсени со неорганизирани врежани мотиви (Т. 13, 5, 10), што можат да им припаѓаат на поголемите жртвеници (2) орнаментирани по целата надворешна површина.

**Пинтадери.** — Еден примерок од овој керамичен тип е најден и во овој стратум. По формата е елипсест со дршка и е украсен со зиг-заг линии (Т. 13, 17). Најблиска аналогија има во примероците од Сервија. На слојот што е означен како фаза од помладиот неолит.[253]

[252] Жртвеници од овој тип постоеја многу долго, така што нивното хронолошко определување е тешко, посебно кај примероците за кои немаме сигурни стратиграфски моменти, како што е нашиот.

[253] Heurtley o p. 35, p. c. — Tsuntas X. 1909. сл. 270.

## III. КУЛТУРЕН ХОРИЗОНТ

Ако не го земеме предвид горниот преоран слој, што веројатно делумно му припаѓал на овој седимент, можеме да тврдиме дека на нашиот сектор најмладиот хоризонт е најизразит и културно најчист. Без оглед на елементите, што навлегле во разни повеќе или помалку истовремени вкопувања, во сите слоеви е карактеристично дека наодите in situ претставуваат затворена културна целост. Главна одлика на овде застапена културна група е црно печената и гладена блескава керамика од типот black topped и орнаментиката со плитики канелури.

Главна карактеристика на формите се биконусните садови, без разлика дали се работи за чинии, терини или амфори и бардаци или за конусните облици на бокали и чинии. Овие облици се јавуваат не само меѓу керамиката со подобра фактура, туку и меѓу погрубите изработки. Меѓу материјалот проваладува фината, додека грубата е ограничена главно само на многу големите садови со дебели ѕидови, што служеле за чување прехранбени артикли. Тие садови секогаш се изработени од земја, на која ѝ се додадени дебели кремени зрна, што предизвикува релативно рапава површина на садот, макар што беа премачкани од надворешната страна. Фактурата на пофината и фината керамика се одликува по тоа, што земјата е добро прочистена и ситно просеана. И кај оваа керамика, на земјата поради цврстина ѝ е додаден многу ситен песок, така што површината на садовите станува глатка. Сета керамика беше работена на рака, макар што претпоставивме дека постоела и грнчарска штица. Моделирана е главно од едно парче глина, така што садот се формира од дното кон ободот. Одделни фрагменти, најдени на длабочине од 0,90 м — 1,20 м зборуваат дека некои садови биле изработени од два или повеќе парчиња и тоа не само кај грубата, туку и кај по фината керамика. Убавината во моделирањето се согледува посебно кај големите садови со 3 мм тенки ѕидови. Покрај самата фактура, земјата и начинот на моделирањето, карактеристично за керамиката од овој хоризонт е што преовладува онаа што е печена во неутрални нијанси. Пофината керамика е главно црносиво печена, изразито сива или црвена, што многу е ретка. Сиво или смеѓо печената керамика од надворешната страна може да биде понекогаш од внатрешната страна црна и мазнета блескаво од обете страни. Меѓу керамиката со фина фактура, посебно место заземаат што горе се црвени или сивоцрни и сивосмеѓи со светлосиви — жолти или окер нијанси. Оваа керамика е превлечена со фина превлека (фирнис), мазнета блескаво и се јавува главно на купите со високи или ниски конусни нозе. Многу интересна е појавата на повторно подготвување на оштетените предмети за натамошна употреба. Ваквата појава беше забележена најчесто кај купите со високи конусни шупливи или делумно полно изработени нозе, (Т. 31, 12), чија основа била дополнително зарамнета. Постојат примероци кај кои е зарамнет само полно изработениот дел на ногата. Зарамнување на оштетениот дел е забележано, исто така, на вратовите, без оглед на зачуваната висина и на работ на садовите без вратови.

Во поглед на орнаментирањето кај монохромната керамика, освен канелурите, посебна улога имале повеќе или помалку пластичните налепци, кои во одделни при-

мероци, имале улога на дршка, кога се на најголемата периферија или на рамето (Т. 27, 2, 3, 5—9, 11, 12, 19; Т. 31, 3) итн. Некои од нив беа вертикално или хоризонтално перфорирани. Многу често се вертикално на работ или под него од надворешната и внатрешната страна (Т. 28, 9). Вакви налепци можат да бидат и во вид на валчести поголеми ил помали брадавички, пластични дискови, пластични ленти со отпечатоци од прсти или некој тап алат (Т. 28, 6, 7, 17) итн. Многу ретко како украс се појавуваат и тркалестите плитки вдлабнатинки. Во овој хоризонт разлучуваме:

А. Обична керамика

Б. Монохрамна и

Д. Бихромна керамика

**А. група.** — Покрај големиот број фрагменти, што зборуваат за постоењето на ваква керамика, засега можеме уверливо да тврдиме, дека најголем број им припаѓа на конусните, многу големи чинии. Веројатно биле во употреба и некои други облици, но поради недоволниот број елементи, не е возможна каква и да е реконструкција. Сигурно е само дека садовите имале и изразито означени дна. Судејќи по грубата фактура во оваа група, веројатно спаѓаат и примероците, што биле украсени во барботинска техника. Формата на оваа керамика ѝ припаѓа повеќе на амфорестите грнива. Оваа техника на орнаментирање, употребува наполно нов тип, што се врши со помош на тапкање со дланките на рацете по тенкиот слој разнесана земја, нанесена на површината на садот. Нејзиниот извор мора да го бараме во постарите барботински појави. И формите на садовите потсеќа на амфорестите грнива од постарите хоризонти на ова подрачје.

**Б. Монохромна.** — Во оваа група можеме, како и обично, да разликуваме неорнаментирана и орнаментирана керамика.

**а) неорнаментирана керамика.** — Меѓу оваа, како што порано спомнавме, е најмногуброjна и најкарактеристична црната керамика, што може да биде црна или црвено печена, дополнително превлечена со црн премаз, како што можеа да бидат некои примероци црно печени и потоа превлечени делумно со интензивна боја, што се брише. Оваа керамика, посебно од повисоките слоеви на овој хоризонт се одликува со остри профили, односно повеќе или помалку веќе довршени форми од овој тип садови. За разлика од црно печената керамика од пониските слоеви, оваа, меѓу другите, се одликува со вертикални и многу често се лентовидни дршки. Од формите се застапени:

**Чиниите.** — Ги среќаваме многу често. Преовладуваат биконусни и конусни варијанти. За разлика од постарите конусни чинии, овие имаат заокружен раб, многу често хоризонтално задебелен, а дури зајакнат само од внатрешната страна (Т. 27, 20). Биконусната варијанта понекогаш е орнаментирана со пластични тркалести или валчести и други немоделирани апликации на најголемата периферија (Т. 30, 1, 3; Т. 27, 4), што уште повеќе ја потенцираат острата профилација. Овој керамички тип има рамно дно.

**Купи на постолје.** — Во горниот дел се исти како и биконусните чинии, само што долната половина завива остро кон дното и завршува во конусно или звонесто постолје (Т. 30, 12). Тоа може да биде до половина или делумно полно работено.

**Амфори или грниња.** — Застапени се во многу мал број. Овој тип има остра профилација, додека најголемата периферија посебно е потенцирана во одделни примери со пластични апликации (Т. 27, 8). Се појавуваат и лентовидни дршки, што ја поврзуваат најголемата периферија, веројатно и вратот. Судејќи по фактурата, на оваа група ѝ припаѓа примерокот дуле, кој е најден во овој хоризонт и не е исклучено дека се наоѓал на еден од споменатите типови садови или дури на чиниите. Овој тип имаше рамно дно.

**Ситести садови и цедилки,** што се најдени во овој хоризонт, имаат иста форма како и конусните чинии (Т. 30, 2; Т. 31, 10). Некои други фрагменти зборуваат дека постоела и варијанта, чиј ситест дел бил повеќе во полутопчеста форма.

**б. Орнаментирана керамика**

Посебно место меѓу керамиката со фина фактура, што по бојата можеме да ја вброиме меѓу монохромната, заземаат са-

довите, украсени со плитки канелури. Таа е главно темносива или црно печена керамика, изработена од добро посеана земја, помешана со ситен песок. Превлечена е со фин премаз и мазнета блескаво. Канелурите се повеќе или помалку широки и релативно малку вдлабени. Орнаментот на овој начин е изведен со правилни коси испокршени, понекогаш со вертикални линии. Оваа керамика со својата фактура и орнаментика се издвојува во посебна група, што во Барутница зазема релативно (1,20 м — 1,50 м) дебел слој. Се појавуваат на повеќе типови садови. Меѓу најчестите се:

**Чиниите** кои се јавуваат како биконусни со повисоки или пониски вратови, што на средината да бидат и стеснети, можат на најголемата периферија да имаат пластични испупчувања. Орнаментот се наоѓа главно на вратот и рамото во вид на испрекинати и вертикални канелури. Веројатно дното им било рамно (Т. 27, 2, 3, 6): биконусни малку поплитки садови, кои би можеле да се третираат како терини (Т. 27, 7, 9); биконусни теринести садови со извлечен и од надворешната страна профилиран раб; чинии што во горниот дел се цилиндрични и имаат извлечен раб и пластично испупчување на вратот. Орнаментот е под самиот раб; чиниите се со цилиндричен врат и со остар преод во заоблено рамо и топчест стомак. Орнаментот се наоѓа само на вратот; биконичните чинии, што имаат посебно означена најголема периферија со плоснати канелури со орнаментирано ребро (Т. 27, 10); чинии со благ S профил и орнаментирано рамо (Т. 27, 7); териноидни чинии со широко извлечен раб, орнаментирани од надворешната страна до работ на устата. Освен овие варијанти, понекогаш се појавуваат и чинии или многу плитки чинии, што имаат задеблен, косо однадвор отсечен раб, орнаментиран со коси канелури (Т. 27, 16). Некои примероци имаат хоризонтално одрежан раб. Овие се разликуваат од другите, бидејќи од надворешната страна се црно печени, од внатрешната пак, сивосмеѓо и на ова место орнаментирани со испрекинати канелури; длабоки конусни терини со или без орнаментиран задебелен, кос или водорамен раб. Од надворешната страна можат да имаат пластични испупчувања.

**Амфори** — биконусни, што имаат инкасто завиен низок врат, со благо извлечен раб (Т. 27, 12), орнаментирани се до вратот или дури до ободот. Одделни примероци можат да имаат и повеќекратни пластични испупчувања, што е посебно акцентирано на најголемата периферија и имаат профилиран преод од рамо во врат (Т. 27, 5). Таквите примероци можат однатре да бидат сиво печени.

**Асиметрични садови.** — Меѓу посебните форми на оваа група керамика спаѓаат и асиметричните садови. Фрагментот му припаѓал на некој валчест сад, кој по грбот е орнаментиран со кршени канелури, на преодот од рамото во вратот се наоѓа пластично испупчување (Т. 27, 21). И за овој примерок не знаеме како изгледал во долниот дел.

Освен набројаните појави, постојат уште низа фрагменти, што по својата профилација и орнаментација спаѓаат во оваа керамична група, некои од нив се украсени освен со канелури и со пластични лачи (Т. 27, 11) со различни други пластични апликации, меѓу кои се истакнуваат копчестите апликации со мали вдлабнатинки во средината (Т. 28, 6, 7) и слично. Биконусните чинии имаат дршки во форма на неперфориран триаглест јазик (Т. 28, 3) или повеќе или помалку стилизирани со копчести купести испупчувања на вратот. (Т. 27, 1; Т. 28, 1, 2; Т. 29, 7, 15). Некои од нив беа орнаментирани и со канелури. Со садовите од оваа група се јавуваат и дршки во форма во шупливи цилиндрични продолжувања (Т. 29, 2).

## Д. група

За разлика од појавите во истата керамична група од пониският хоризонт, овде бихромната керамика се манифестира само во black topped техниката, бидејќи барботинската техника, како што веќе напомнавме, сето со оглед на нејзината дегенерација, го нема веќе оној ефект. Како и постарата керамика од оваа група, така и оваа, им припаѓа на производите со подобра фактура. Според бројот на најдените фрагменти, можеме да заклучиме дека имаа водечка улога. Во склопот на културата во овој хоризонт, се појавува главно неорнаментирана или многу често украсена со исти мотиви керамика со плитки канелури. Според некои фрагменти, може да

да се заклучи дека била обоена обично со хоризонтални бели ленти, што биле нанесени во дебел слој, каде што се спојува црниот и црвениот дел на садот. Во споредба со поранешните појави на black topped керамиката, може да се констатира дека разликата е само во тоа, што сега, судејќи според наодите, не се појавува на големите садови, туку е ограничена исклучиво на грнчаријата со тенки ѕидови, кои при удар даваат јасен звук. Воопшто, не само формите на садовите, туку и сите други елементи од украсен или практичен карактер, се исти како и кај садовите од кои се одликува опишната керамичка група на овој хоризонт.

**Култни предмети.** — Меѓу керамиката од овој хоризонт се најдени многу малку примероци од овој тип, што бе можеле сигурно да ѝ се припишат на овде застапената културна група. Неколку фрагменти им припаѓаат на жртвениците или на постолјата, на кои веројатно биле седечки антропоморфни статуети или некои други детали. Сите, како по некое правило, се орнаментирани со врежани ленти, што се исполнети со убоди и меѓупросторите, обоени со пастна црвена боја и гладени (Т. 13, 6). Некои примероци ѝ припаѓаат на black topped керамиката (Т. 13, 9). Од пластиката е најден само фрагмент од рака, што е одколкот од некоја статуета (Т. 11, 7). Има уште некои фрагменти од груби статуети, што не можат да се реконструираат на овој хоризонт, макар што не е исклучено да се малку постари или помлади.

**Проспоморфни капаци.** — Цилиндрично полно работена дршка со дел од реципиентот им припаѓа на овој тип култни предмети. Најдена е во пониските слоеви на овој стратум со фрагменти, орнаментирана со канелури и избоцкани ленти. За жал фрагментот е многу малечок, така што не можеме да констатираме на која варијанти му припаѓал.

**Антропоморфни вазни.** — Во овој хоризонт примерок од овој тип вазни, што се својата фактура и биконусна форма се вклопуваат во инвентарот на ово хоризонт (Т. 11, 5). Директни аналогии во културниот круг на кој му припаѓа овој хоризонт немаме, без оглед на тоа, што антропоморфните вазни многу добро се познати во винчанската група.[234] Освен тоа, на нашето подрачје, најбогато со ваков тип вазни, е породинската група со минијатурни облици и посебно стеснето грло, што укажува на поврзување со минијатурните шишиња од винчанската култура, наречени арибалос,[235] макар што е надвор од сомнението дека нејзиниот извор се поврзува со овој тип садови од постариот хоризонт.

Со овие изнесени керамички типови се обидовме да ги зафатиме сите појави од овој хоризонт на нашиот сектор, и, се разбира, со тоа не мислиме дека се исклучува секаква можност да се направи и уште подетална класификација. Ако ги оставиме настрана формите и орнаментиката во вид на плитки канелури и другите елементи, што се појавуваат овде, појавите од овој хоризонт ни зборуваат дека ѝ припаѓаат на една затворена културна целина од винчанскиот круг. Освен низа елементи, со кои нашиот материјал се поврзува со класичните варијанти на оваа група, како што се ситестите садови, антропоморфните капаци, жртвениците, пластиката, black topped техника, споменатите водечки елементи и други, постои и определен број, кој нашите појави потесно ги поврзуваат за јужните области на винчанскиот круг. Меѓу нив посебно место заземаат триаголните дршки со копчесто продолжение,[236] цилиндричните дршки[237] и други копчести и брадавичести апликации. Занимливо е што во овој круг наоѓаме аналогии за одделни елементи на нашите стомни (врчви), така што и овде се појавуваат карактеристични брадавички на врвот на дршките. Сиве овие и други елементи, укажуваат на потесната врска на нашиот материјал со варијантата, која се шири во Космет и онаа во Јужно Поморавје.

За бронзанодобната фаза во Барутница, засега можеме многу малку да кажеме. Освен тоа, во текстот го издвоивме седиментот на преорана земја, во кој беше најдена керамика од разни култури, од нај-

---

[234] Винчанските примерци ми припаѓаат на друг тип и се поврзани за типот пластика. (Винча I, сл. 89, 105, XVII, Т. XVIII, сл. 91 итн.). Познаме еден примерот из Малче.

[235] Ibid, стр. 70, сл. 121 и Т. XXVIII, сл. 120—123.

[236] Дршките од овој тип се многу ретки во Винча, за разлика од Предионица, Градес кај Злокуќани и другите наоѓалишта, каде што претставуваат врвни елементи.

[237] Галовиќ Р. 1959, Т. 46, 3, 5, 6, Т. 56, 1 итн.

старниот неолит до антиката. Покрај винчанските појави, кои преовладуваа, беше забележан и мал број фрагменти од бронзаниот период. Судејќи по керамиката, убедливо е дека со полските работи е нарушен и највисокиот дел на поранешниот хоризонт, додека најдените бронзанодобни елементи веројатно претставувале површински наоди, нанесени од некој поодалечен простор на овој локалитет. Освен извесниот број поголеми хоризонтални дршки со кружен пресек, што се наоѓаа на работ од вовлечениот раб на конусните чинии, дршките во вид на помали перфорирани јазичиња и фрагменти од биконусните чинии (Т. 30, 4) без или со две вертикални дршки, се јавуваат и дршките од поголемите стомни, кои по својата развојна форма спаѓаат во помладиот период.

Според јазичестите апликации во долниот дел и пластичните испупченија на врвот на дршките (Т. 30, 10; Т. 31, 5) итн. претставуваат еволуиран облик на порано спомenатите стомни. Некои фрагменти од овие дршки се најдени во пониските слоеви од поранешниот стратум. Со оглед на поставената хипотеза за можноста од натамошното постоење на винчанската група на нашето наоѓалиште, не е исклучива возможност во нејзините граници да дошло до развој на овој тип керамика. Засега можеме да констатираме дека одделни елементи на овие бронзодобни појави се многу блиски со сличните согледани на наоѓалиштата во Егејска Македонија.[238]

* * *

Ако ги сумираме сите добиени резултати од досегашното излагање, ќе може да се заклучи дека културните хоризонти, бележени со извесни стратиграфски моменти, сепак ги делат наодите на три фази, меѓу нив средните и помладите, со исклучок на најмладите појави на ова наоѓалиште, претставуваат седимент со затворена културна целина. За разлика од нив, многу пошарена е сликата на најнискиот хоризонт. Така, извесен број елементи, што за првпат се јавуваат во овој дел на Македонија, ни посочуваат на манифестациите што постоеле уште во постариот неолит со југот од една и според елементите in situ од најниското ниво на овој сектор на тесните врски со досегашните најстари култури во северното Подунавје од друга страна. Според хронолошката скала за времетраењето на културата Старчево, се синхронизира и со постариот неолит во Грција односно во релативен хронолошки поглед со фазите на претсескло и сескло во северногрчките покраини.[239] Врз основа на вакките моменти и имајќи предвид дека се употребува ист хронолошки систем и за нашиот дел на Македонија,[240] би можеле манифестациите во најнискиот стратум да претставуваат хомогена целина. Меѓутоа, претходната анализа на материјалот покажа дека меѓу појавите на овој хоризонт можеме уверливо да разликуваме не само разни културни манифестации, туку и на одделните елементи, кои покажуваат осетна хронолошка диференцијација, што дозволува и поширока културна класификација. Констатираните аналогни елементи другите појави, укажуваат дека манифестациите во најнискиот хоризонт се подложени на хронолошкиот систем, што е поблизок на северногрчките области, кој по многу моменти отстапува од овој досега употребуван за нашиот дел на Македонија. И покрај тоа што присуството на грчкиот круг на нашето подрачје претставува донекаде нова појава, сепак овој момент не изненадува. Во извесен момент, ваквата манифестација требаше и да се очекува, бидејќи постоеја низа фактори, што овозможувале ист или сличен културен развој. Меѓу другото, веројатно, првенствена улога за тоа имале следниве моменти:

1. непосредната близина на грчките области,
2. одличните комуникации, кои скоро органски ги поврзуваат нашите области за грчките подрачја и
3. аналогниот гео-биофизиолошки карактер на обете области што им дал иста економска, а со тоа веројатно и многу слична општествена структура во времето кога овие примарни фактори служеа како база за формирање одредена културна физиономија.

[238] Heurtley W. A. o. p. T. 38 a, b, c, f, g, бр. 218, 220 итн.

[239] Гарашанин Д. 1954, 139. — Спореди го и Milojčić V., 1959, 11, каде што зборува за керамиката барботин во I фаза Старчево и заб. 43.

[240] Гарашанин М. 1968, 303 и натаму.

Потпирајќи се на сите вакви, како и на културно-хронолошките фактори на одделни појави, тргнувајќи од фиксираните стратиграфски факти е, без сомнение, најстарите манифестации на ова наоѓалиште да достигнуваат во многу порана фаза од онаа на која им припаѓаат најниските наоди in situ во нашите сонди.

Врз база на сите културно — хронолошки констатации, уверливо е дека со оглед на најниското неуништено ниво на ископаниот сектор, елементите од постарите групи да имаат секундарно значење, бидејќи во овој хоризонт можат да претпоставуваат урнатини од некогашниот уништен предисториски хумус, на кој се формирало нивото на помладите културни фази. Исто така, не е исклучено, гледајќи на карактерот на засекот, да претставуваат нанесен седимент од некоја повеќе или помалку оддалечена точка.

Извршената анализа на материјалот по типолошкиот систем, покажа дека меѓу најстарите појави од овој хоризонт се елементи што му припаѓаат на културата протосескло. Веќе на друго место истакнавме дека во овој хоризонт постојат и извесни архаични елементи, што наоѓаат паралелност во раната керамика на Тесалија и така укажуваат на уште постар седимент од овој.[241] Дали на нашето подрачје ваквите елементи се издвојуваат во посебен културен аспект или се поврзуваат со некоја помлада група, во врска со нашето истражување е, се уште отворено прашање. Макар што уште не се откриени палеолитски наоѓалишта во Македонија[242] и наоѓалишта што би зборувале за самостоен развој, веќе од поранешните периоди, сепак, некои керамички облици, меѓу кои се и таканаречните тиквести садови, ни укажуваат на можноста за постоењето на еден автохтон супстракт, чија база до извесна мера се разликува од грчките појави.[243] Впрочем, тоа претставува проблем за идните проучувања на ова подрачја.

Без оглед на овие сè уште нерешени претпоставки, меѓу нашиот материјал се издвојува извесен број фрагменти, што уверливо можат да ѝ се припишат на културата протосескло. Тоа се фрагменти, што според тесалскиот керамичен систем, му припаѓаат во кругот на монохромната керамика од типот А 1 (примероци што при обработката на оваа група ги поставивме како најстари појави А 4 и А 5. Меѓу сликаната керамика оваа група е застапена со типот на сочно црвени и окер црвени мотиви на бела подлога, што судејќи по појавите на некои грчки наоѓалишта би припаѓале (со извесна резервираност) и фрагментите со бели мотиви на црвено смеѓа подлога.[244]

Покрај овие констатации, што се извршени само врз база на споредувањето аналогните појави, веројатно е дека постојат и други елементи од оваа културна група, што засега не можеме да ги издвоиме за оваа фаза на нашето подрачје поради недостигна затворени културни наоди. Меѓу елементите, што би можеле да настанат во оваа културна група, не е исклучено дека мора да се бараат и извесни облици со расчленета базна основа. Такви елементи се забележани во групата на црната керамика. Бидејќи ваквите појави не се познати во грчкиот круг и не им го знаеме потеклото, претставуваат локална специфичност, макар што не е исклучена можноста за самостоен, можеби локален развој, без оглед на тоа дали се развил под некое влијание или на некоја уште постара база.[245] Присутноста на грчкиот културен круг уште повеќе ја потврдуваат наодите на сескло елементите меѓу монохромната и сликаната керамика. И овде може, во врска со облиците и орнаментиката кај нашите појави, да се констатира дека доаѓа до израз генетската поврзаност со претходната култура. Тоа истовремено го потврдува фактот дека овде дошло до ист кул-

---

[241] Оваа фаза е утврдена во континенталниот дел на Грција, Miojčić V., 1959, 11.

[242] Засега имаме мал број артефакти од пештерата Макаровец) Гаревски Р., Geologische und paläontologische Forschungen in Höhlen von Mazedonien, Fragmenat Balkanika I, Скопје 1956. — Андоновски Х, Белешки за неолитот во Македонија, ВНКДМ/II, 1—2, 2.

[243] Садови во форма на тиква се среќаваат во II хоризонт во Вршник. Бидејќи се јавуваат со релативно помлад хоризонт Вршник III не е исклучено дека ваквиот тип садови можел да постои многу долго под услов на ова ниво да не претставува секундарна појава (Зборник I, 64, сл. 2).

[244] Керамика од наоѓалиштето Неа — Никомедеја, орнаментирана со триаголници, во низа по мотивот се разликува од типовите со црвени мотиви (Rodden J. R. 1962, спореди на сл. 10).

[245] Макар што врз основа на расположивите елементи ваквите хипотези се предвремени, сепак за ова прашање не треба да ги заборавиме сличните појави, во културите на Балканско — подунавскиот комплекс, меѓу кои спаѓаат и примери од Клоина и Кремиковци (Gaul J. H. 1948, T. II, 6; T. III, 3).

турен развој како и на грчката територија. Впрочем, подобра потврда за тоа наоѓаме кај сликаната керамика, каде што според изведувањето на триаголните орнаментални мотиви можат да се разликуваат и повеќе развојни фази, од кои најмладата покрај „барокизирањето" се манифестира и со промената на бојата кај мотивите. Во врска со овој развој пак, наидуваме на некои појави, кои немаат паралелност со грчкиот културен круг, како што е појавата на апстрактни флорални мотиви или како што ги нарековме композиции.

По основниот елемент, од кој тие се составени, им припаѓаат на развлечените триаголници, чиј облик, несомнено, ги поврзува со една од помладите фази на културата сескло. За тоа би зборувала пред се употребата на белата боја за орнамет и, конечно, формата на садовите на кои досега е констатирана. Меѓутоа, ако се вратиме на орнаментот со триаголници во низа, кои се поврзуваат со групата протосескло, не е исклучено со оглед на спомenатите моменти, дека можат да претставуваат една од посмелите, но и истовремени мотиви, кои впоречем се јавуваат и кај црвената керамика на бела подлога. Со оглед на тоа што меѓу грчките, по бојата на орнаментиката разделени на две групи, се забележуваат извесни разлики и во оделните детали на формите, би укажале на фактот дека обликот на садат не бил таких моделиран, интересно што и во Тесалија меѓу црвено обое ните мотиви во вид на „меридијани" се јавуваат вертикални линии, дополнети со точки[247] елемент што ја придружува нашазици можат да се поврзат со обликот на садовите, кои спаѓаат во инвентар на протосескло групата, најуверливо ни зборува нашиот фрагмент, украсен со разделени триаголници.[248]

Без оглед на тоа што засега не можат да се донесат поголеми заклучоци, според сиве овис изнесени моменти, можеме со сигурност да тврдиме дека уште во пората композиција.[249] Дека флоралните композиции фази, покрај изразитите грчки елементи што им даваат основне карактер на културите на ова подрачје, се издвојуваат извесни манифестации. Со оглед на нивниот карактер, судејќи по сè, не претставуваат импортирани елементи, туку напротив, една компонента што има многу значајна улога при формирањето на овдешниот културен хабитус на раниот неолит.

Меѓу елементите, што покажуваат двоен карактер е и антропоморфната пластика. Не гледајќи на обата фрагмента, кои сметаме дека можат да им припаѓаат на стеатпигните статуети, судејќи по наодите од некои други локалитети,[250] сигурно е дека во употреба била пластиката од типот со кој се одликува културата протосескло во јужниот дел на Егејска Македонија, која отстапува од натуралистичкиот стил, значаен не само за оваа, туку и за сескло групата во Тесалија. Меѓу нашите наоди можеше да се констатира дека покрај веќе спомenатите се јавува и столбовидната статуета, за која се смета оти му припаѓа на континенталниот тип, поврзена со областите на Централниот Балкан.[251] И покрај тоа, според стратиграфските моменти во Вршник, столбовидната статуета би можела со сигурност да се поврзе дури со сескло фазата, не е исклучено оти врз база на наведените појави се јавува веќе во протосескло групата, паралелно со стаутетите со посебно моделирани нозе. Пред да преминиме на групата што следува по сескло фазата, со неколку збора ќе се осврнеме и на керамиката impresso, што на нашето наоѓалиште е застапена со поголем број варијанти или типови. И imsresso керамиката, судејќи по формите и орнаментиката, му припаѓа на медитеранскиот тип, спаѓа меѓу постарите појави од грчкиот културен круг на нашето подрачје. Без оглед на нашите примероци, што несомнено претставуваат секундарни наоди, единствено во Вршник стратиграфски е фиксирана во најнискиот хоризонт.[252] Макар што керамичкиот состав на вршничкото ниво наполно одговара на фазата сескло во Тесалија,[253] сепак засега е прашање, дали може и на нашето наоѓалиште да се очекува еден хоризонт, што би укажал на прекинување

[246] Ibid., спореди сл. 10, Р. 34 и Р. 36 со Р. 22 и Р. 24.

[247] Milojčić, o. p. 8 и припишувањето на овој елемент на групата Арапи, сл. 13, 9.

[248] Gaul J. H. 1948, T. XI, 4 фрагмент од Лагитењуво, орнаментот, исто така, е изведен со бела боја на смеѓ фон.

[249] Ibid. 32 и натаму, каде што авторот фрагментите со бели орнаменти им ги припишува на полутопчестите садови.

[250] Fewkes V. 1936. T. V. B. (17, 19).

[251] Срејовиќ Д. 1968, 187 и нат. и 189.

[252] Вршник I (хоризонт V), Зборник I, 64.

[253] Milojčić V., o. p. 9 d. заб. 29—30.

меѓу групите протосескло и сескло.[254] Со решавањето на ова прашање е тесно поврзано и прашањето на овие елементи, што во грчкиот комплекс претставуваат туѓи елементи. Ако пак се вратиме на појавите во грчкиот културен хоризонт и на оние што се поврзуват со него на нашето подрачје, мора да се осврнеме на елементите што укажуваат на врската со културата димини во северниот дела на Грција. Како и претходните, така и овие не се најдени in situ. Ако издвоиме некои фрагменти, што се со повеќе или помалку индентични елементи, се поврзуваат со некои наоѓалишта во Грција, може да тврдиме дека ниту во концептот на бојата, обликот на садовите и делумно ниту по мотивката, не се разликуваат од опишаните карактеристике на димини групата. Таа доаѓа до израз првенствено кај орнаментиката на сликаната керамика, посебно со примерокот каде што изведувањето на орнаментите е со смеѓа и мрка боја, макар што и натаму се одразува белото сликање врз смеѓо-црвена подлога. Следејќи ги појавите на овој развој, посебно во врска со вертикалните мотиви и не земајќи ги предвид порано споменатите групи со бело сликање кај едниот фрагмент, најден меѓу материјал, би можеле да заклучиме дека почетокот на овој стил во Македонија може да се поврзе со една релативно млада фаза. Според начинот на изведувањето на оваа поранешна орнаментација, како што веќе порано укажуваме, не е исклучено да се поврзува со фазата на групата сескло.

Керамиката на оваа фаза се одликува со садовите, кои укажуваат веќе со одделни елементи, како што се извлечените рабови, острата профилација на најголемата периферија и сл. детали на еволуираната помлада појава. Меѓутоа, треба да нагласиме дека покрај овие, паралелно кај сликаната и фината керамика се јавуваат облици, што во тој поглед покажуваат извесна конзервативност.

Меѓу материјалот од најмладата фаза на овој хоризонт, посебно внимание привлекуваат елементите слични од Старчевачката група, кои многу често се забележани на локалитетите од овој период во Македонија. Тие се јавуват со сликаната керамика, додека од групата керамика со оваа што е украсена со барботин. Со оглед на хронолошките фази, поставени за Старчевачката култура,[255] како и врз основа на фактот дека ваквото делење се врши врз основа на сликаната керамика во фазата II а и II б на оваа група,[256] со појавува прашањето, кога за првпат се јавува керамиката барботин на ова подрачје. Главна тешкотија за некои сигурни заклучоци за ова прашање претставува недостигот на поголем број наоѓалишта со сигурни релативни хронолошки податоци. Засега единствена сигурна база ни е инвентарот од најниските слоеви во Вршник,[257] каде што за првпат керамиката барботин се јавува во хоризонтот II односно со фазата Вршник IIa.[258] Оваа фаза е окарактеризирана и со појавата на темното линиско сликање на светла подлога. Ваквите моменти одговараат, главно, и на наодите во нашите сонди, каде што покрај споменатите еле-

[254] За прашањето на оваа културна фаза мора да се осврнеме на наодите од Неа — Никомедеја, кои според известувањето покажуваат малку поинаква слика. Според авторот, на истражениот простор од овој локалитет можат да се разликуваат два стратиграфска хоризонта, кои им се припишани на 2 културни фази. Најстарата ја карактеризираат остатоците од куќи и истовремено гробови, меѓу кои некои се уништени и расфрлани, додека други се зачувани in situ. Без оглед на ситуацијата во врска со гробовите, која може да се толкува со различно временско сохранување ако не и со две културни фази, прашање е во каков однос се гробовите до населбинските објекти. Според извештајот, би требало да се смета дека се работи за сохранување во истоимена населба, така што костурите беа покриени со седимент во кој беа елементи од културата протосескло. Меѓутоа,ние мислиме дека овој момент уште доволно не потврдува оти гробовите им припаѓаат на споменатата група од овој хоризонт. (Rodden o. p. 286) и уште помалку за истовремената употреба на овој сектор како населба и некропола. По илустрацијата може, меѓутоа, да се заклучи дека во гробовите е најдена impresso керамика in situ. (ibid., T. XLIII), момент кој би дозволил издвојување на оваа керамичка група во посебен културен хоризонт и на ова наоѓалиште. Види за истото прашање и Гарашанин М. 1968, заб. 52 на стр. 328, односно, нејзината синхронизација со фазата на предсескло.

[255] Milojčić V., o. p. 11 и заб. 43.

[256] Галовић Р. Зелениково, 27. — Истиот 1968, 11. — Глишић — Јовановић 1957, 231. — Гарашанин М. 1968, 306 и натаму.

[257] Ibid., со овој хоризонт ја поврзува и барботин керамиката, додека Д. Гарашанин 1961 изрично го потцртува нејзиното отсуство. Меѓутоа, сметаме кога би се појавила во овој хоризонт морала да достигне од погорниот хоризонт, што посебно го карактеризира оваа керамика. На ваков заклучок наведува и фактот дека барботинската орнаментика од долното ниво не се разликува од онаа во горното ниво.

[258] Зборник I, 64. Зборник II.

менти, е констатирано и бело слекање со истите „старчевачки мотиви", изведени на мрка боја. По ова би можело да се заклучи дека керамиката барботин на нашето наоѓалиште се јавувала како и во сите локалитети во фазата што се совпаѓа со Старчево IIа и IIб.[259] Дали појавата на овие елементи истовремено бележи во однос на појавите што имаат блиски или далечни аналогии со грчките манифестации и извесна хронолошка разлика во оваа фаза, според досега познатите објавени податоци за одделни наоѓалишта, не може да се констатира. Во секој случај, со сигурност може да се тврди дека елементите од „Старчевачкиот" круг на македонските локалитети се јавуваат помешани со гореспоменатите, по што е сигурно оти овие области не му припаѓаат на неговиот круг.[260]

И покрај овие наведени моменти, што претставуваат факти, инфилтрацијата на елементи од Старчевачкиот круг, сепак била толку силна, што развивањето на нејзините оддени елементи во по младата фаза образува многу специфична културна филозофија. Меѓу материјалот во средниот хоризонт, таа се одразува пред сè врз различниот меѓусебен однос на поединечните керамички групи. Според појавите, што можеа да се забележат во овој хоризонт, сликаната керамика се јавува во многу помал број. Очигледно е дека со својата многу упростена мотивика, боја и фактура, укажува на последната развојна фаза на овој керамички тип. Дури ниту монохромната керамика со својата одлична фактура го нема оној голем репертоар на бои, постигнат со печење или боење на садовите со поранешниот период. Само се одразува црно печената и блескаво полираната керамика, која го губи масниот осет под прстите и покрај фината фактура и совршеното моделирање. Покрај неа и црвената, само што е со многу полош квалитет.

За разлика од овие керамички групи, сега особено се развива керамичката орнаментирана со барботин, која истовремено е всушност и најмногубројна. Интересно е дека нејзина најчеста форма е конусниот сад, тип, што на нашето наоѓалиште порано беше употребуван, главно, како сад за секојадневна употреба.[261] Другите типови се поврзуваат со типовите на монохромната керамика. Меѓу другото, така во обете групи за прв пат се јавува сад со вовлечен и многу стеснет раб. Макар што не е познато како бил моделиран долниот дел на садот, сигурно е дека му припаѓал на еден од типовите на „пириформни" садови. Бидејќи на подрачјето во Тесалија се јавува дури во многу помлада фаза, не е и склучено дека навлегол од некој друг културен круг. Карактеристичен е за јадранскиот културен круг, каде што се смета дека многу рано претставува еден од водечките форми.[262] Бедејќи одреден број елементи од овој круг е забележан и во културите што се, меѓу другото, територијално многу близу на овој дел на Македонија и тоа веќе во фазата на димини групата во Грција,[263] веројатно е оти изворот и на овој керамички тип треба да се бара во овие области.[264]

Друга керамичка група со водечка улога во овој хоризонт е »black-topped« керамиката, која на одделни примероци покажува карактериста на »mottled« техниката. Според најдените оддели елементи од споменатите кутурни групи, овој хоризонт покажува карактер на затворена културна целина. Мешањето на елементи од најстариот хоризонт со елементите од овој хоризонт, беше само во слојот што лежеше непосредно на нивелациониот слој. Тоа очигледно ни зборува за создадената ситуација за време на настанокот на овој помлад седимент. За разлика од овој момент,

[259] На Арапи магулата, во фазата димини, се споменува повторна појава на керамиката со отпечатоци од нокти и одреден тип барботин (Milojčić o p. 15).

[260] Најјужно наоѓалиште на Старчевачката култура засега би претставувал Павловац кај Врање.

[261] Не е исклучено дека потекнува од фазата протосескло, кога и на нашето наоѓалиште ваквата керамика се јавува со многу големи садови од истиот тип.

[262] Korošec J., Neolitska naseobina u Danilu Bitinju, 1959/II, LXXV, 1. T. LXXXV, 2, 3, T. XCIII 1 — Istiot, Danilo i danilska kultura, Ljubljana 1964, T. 46, 1—3 T. 47, 1, 2, 4, T. 48 itn.

[263] Weinberg S., 1962.

[264] Култна вазна со косо отсечен отвор на четири нозе и вертикална дршка во последно време е најдена и во Косово (Рештани кај Сува Река), (Неолит централног Балкана, Каталог, Београд 1968, сл. 53). Во Грција, покрај познатите примероци од средногрчкото подрачје (Weinberg S. 1965), најдени се и некои фрагменти во Тесалија, што укажуваат на присуството на овој керамички тип (Wace — Thompson 1912, 26, сл. 4). Milojčić (o. p. 22 и на. )види контакт со јадранскиот културен круг и во некои „варваризирани" појави во кругот на групата димини. Конечно овде мораме да го земеме предвид и влијанието на јадранскиот круг, кој се забележува во западните предели на Македонија.

појавата на елементите од средниот хоризонт меѓу наодите на културната група од помладиот хоризонт, мора да им го припишеме на превртените слоеви со рецентни вкопувања. Дека всушност последната нивелација на засекот може да служи како релативна граница за седиментот на средниот хоризонт, ни зборува фактот оти ниеден фрагмент, што ѝ припаѓа на која било керамика (тип на сликана и тип на керамика со организиран барботин) не е најден не само во слоевите под нивелацијата во сондата бр. 6, туку ниту во соодветните слоеви во другите сонди. Според овие елементи е уверливо дека споменатите културни манифестации, можат да се издвојат, само е прашање дали претставуваат една фаза на културата сродна со Старчевачката или пак да ги поставиме во посебна група. За првата возможност би зборувала определната зависност на криволиската орнаментика од споменатите постари културни манифестации, за втората, пак, покрај дебелината на културниот слој, уште и развојот на споменатите елементи. Не гледајќи на овој проблем, културните манифестации на средниот хоризонт имаат многу важна улога при натамошното формирање на помладите културни групи. Во секој случај, оваа културна група или фаза претставува врска меѓу постарите и помладите појави, на кои ќе се задржиме малку подоцна.

Засега можеме да тврдиме дека манифестациите на споменатите културни групи се оградуваат само на источниот дел на СР Македонија, додека на југ се шират во јужниот дел на Македонија.[266]

Меѓтоа, меѓу материјалот на овој хоризонт се забележани уште две интересни појави. Првата, што веќе во поранешното излагање ја насетивме, е појавата на врзаните криволиниски мотиви, чии меѓупростори се исполнети со мрежа. Макар што овој тип е застапен овде само со еден фрагмент, појавите во Рук-Баир зборуваат дека не претставува случаен наод. Не е исклучено дека бележи една одредена развојна фаза на сликаната керамика, што за жал, врз основа на овие елементи, не може да се заклучи.[267] Засега може да се укаже само на многу сличната мотивика во класичната димини група во Грција и на сличните појави во кругот на некои култури во Романија. Втората посебна појава е наодот на фрагментот од сликаната керамика со полихромен мотив — исто така веројатно одреден тип спирала. Присутноста на полихромијата кај сликаната керамика од овој тип во Тесалија се поврзува со влијанието на Cucuteni-Gumelnica, кое според стратиграфските моменти се јавува по класичната димини група и се поврзува со почетокот на лариса групата.[268] Мотивот на нашиот фрагмент, макар што е многу малечок, веројатно му припаѓа на истиот тип, кој со оглед на тесалиските појави, би можел да ѝ припаѓа на една постара варијанта, особено затоа што и самиот облик на садот бил од позаоблен тип.

Не гледајќи на сите досега изнесени елементи, што до извесна мера отстапуваат, ако се потпреме на стратиграфските моменти од нашето наоѓалиште, мораме да ги поставиме културните манифестации на средниот хоризонт меѓу групата, што паѓа во периодот на IIб фаза Старчево и керамиката украсена со плитки канелури и ленти исполнети со убоди.

Над овој хоризонт следува винчанската културна група. Тоа е група, што во врска со подрачјето на Централниот Балкан и Средното Подунавје културно и хронолошки е најдобро обработен, така што секоја подетална анализа би довела до повторување на факти. Ние може само да потцртаме дека во нашиот хоризонт е застапена, главно, со елементите што ја карактеризираат таканаречената градачка варијанта и варијантта што се шири во Косово. Меѓутоа, во врска со изнесените манифестации и порано обработените наоди, првенствено е значаен фактот дека биконусните типови сад ови од оваа група претставуваат еволуциски форми од најнискиот хоризонт во техниката »black-topped« со плитки канелури и оти со некои елементи од културно значење со продолжува традицијата дури од многу постарите кругови на ова подрачје.

---

[265] Heurtely W. A. o. p. 66 и нат.

[266] Покрај споменатиот фрагмент од Бубањ, меѓу Старчевачкиот материјал од наоѓалиштето Чукар во селото Павловац. Се споменува малку сликана керамика, меѓу која постои и посебен вид сликана со мрка боја на црвен фон. За жал, фрагментите не се илустрирани. Сепак, претпоставуваме дека може да се работи за овој тип керамика (Старинар VII—VIII, 1958, 398).

[267] Korošec J. 1966.

[268] Milojčić V., A. A. 1959, 47.

[269] Гарашанин М., 1968, 312.

Покрај садовите и орнаментиката за Винчанската група се поврзува и пластиката. Макар што не познаваме цел облик, со оглед на тоа што таа група е застапена и на другите наоѓалишта, мора да му припаѓа на типот со триаголно лице. Дека оваа македонска варијанта и на ова подрачје познавала поголем број типови од досега објавените, можеме да заклучиме по површинските наоди од Вршник, кои ѝ припаѓаат на таканаречениот тип со шлемот идентичен примерок, како и оние од Подунајвето.[270]

Со исклучок на материјалот, што директно се поврзува со Винчанскиот круг, во овој хоризонт се јавуваат и извесен број елементи со кои делумно отстапува од сличните појави на другите подвидови во оваа култура. Меѓу нив, најзначајни се садовите со една дршка, што ги вбројуваме со типот на стомните. Тие се издвојуваат со малата пупка на врвот на дршката. Интересно е што во Винчаскиот круг стомните се јавуваат релативно рано и обично се поврзуваат само со плочничката фаза. Меѓутоа, споменатиот тип дршки има аналогии, како што веќе напоменавме во тие на зооморфните аскоси од непознатиот локалитет од околината на Прилепец, што по некои други елементи е поврзан во релативен хронолошки поглед во Винчанската фаза В 2,[271] што истовремено одговара на датирањето на градачката варијанта во фазата Винча — Тордош II[272] односно на преодот меѓу оваа и плочничкастата фаза, како што е датиран материјалот од Предионица.[273]

На Тесалиското подрачје оваа група по облиците и орнаментиката се совпаѓа во групата лариса. Една од карактеристиките на оваа група е и сликањето со бела боја — појава што кај нас во Македонија се поврзува со групата Црнобуки.[274] Макар што на нашето наоѓалиште не е најдена керамика со аналогно сликање на мотивите, сепак со ваквиот тип орнаментирање очигледно се поврзуваат примероците на конусните купи, кои се, покрај со »black-top-re« техниката, украсени и со бели широки ленти. Во хронолошката периодизација се смета дека оваа винчанска група во Македонија бележи крај на неолитот.[275] Ваквото хронолошко определување се заснова врз фактор, што оваа култура покажува карактер на постара основа како појава ретадирање на помладиот културен развој. На ваков крај на неолитот во ова подрачје следува периодот на постарата бронза. Овој хронолошки систем наполно одговара на оној што го предложи Heurtley за западниот дел на Јужна Македонија, кога од неолитските култури беа познати само сескло групата — како манифестација на стариот неолит — и димини, помалата фаза на овој период.[276]

Меѓутоа, последните ископувања во Тесалија донекаде го исполнија овој систем. Според стратиграфските моменти, фазата за која се сметаше дека претставувала крај на неолитот и делумно преод во средниот период, покажа многу поголема расчленетост, со тоа и поширока хронолошка скала.[277] Така, преоден период од та ларисса и ракхмани.[278] Ако се вратиме на синхронизацијата на нашата Винчанска култура со групата ларисса, имајќи ја предвид истата ретардација на бронзенодопскиот развој во Тесалија и во нашите области, винчанските манифестации во Македонија би имале несомено исто место во релативно хронолошката систематизација. Дали нашата фаза живее понатаму во фазата кога во Тесалија се јавува групата ракхмани, засега сè уште е прашање. По некои елементи со винчански карактер, што се манифестираат на нашиот материјал и некои фрагменти што би можеле да се поврзат со Тесалиската група, како и со фрагментот чија орнаментика потсеќа на групата бубањ — хум, укажува на долготрајната на Винчанската група во нашите облести.

Благодарение на материјалот, ископан во Барутница во 1960 година, може да се тврди дека во неолитот културниот круг во Тесалија не се ширел само во источниот дел на Јужна (Егејска) Македонија, туку и во западниот дел на Пиринска и во источниот дел на СР Македонија со Скопската Котлина. Посебно место на ова ши-

[270] Винча III, 127 и натаму.

[271] Milojčić V., 1950, 115 и натаму.

[272] Гарашанин М. о. п. 313 и сета литература и заб. 89, 90, 92—96.

[273] Глишић Ј., Стратиграфија насеља винчанске групе код Предионице у Приштини, Ста-VIII, 1964, 11 и натаму.

[274] Гарашанин М. о. р. 322.—39. Bericht RGK 118 и натаму.

[275] Ibid. 120.

[276] Heurtley H. A. 1939, 79 и натаму.

[277] Milojčić V., 1959, 32.

[278] Ibid, хронолошка табла на стр. 19.

роко подрачје зазема Овче Поле, каде што уште во неолитскиот период се допираат разни културни токови од јужниот, источниот и средниот Балкан. Судејќи по материјалот, веројатно е дека превладувале јужните влијанија во најниските фази на овој период, кое преку Аксиос и Брегалница навлегувало длабоко во внатрешноста со таква моќ, што во ове области можело да формира иста културна физономија како и на Северногрчкото подрачје. Судејќи по сè, некако од пред крајот на сескло фазата па натаму, почнеа северните културни струења што поинтензивно да навлегуваат кон југ и со воето присуство да предизвикуваат определена промена на културниот развој во ова подрачје.

Благодарение на настанатата инфилтрација на влијанието од север, се формираат културни групи, кои покажуваат определена карактеристика, многу блиска на културниот круг од северен Балкан, макар што поголем дел на материјалната култура ја има и натаму својата автономна база на која настанала. Материјалот од Барутница е натаму посебно важен и за таканаречената Винчанска група. Макар што порано потцртавме дека овие наоди ги донесуваат веќе уочените елементи на оваа култура, сепак со откривањето на културната група или фаза на средниот хоризонт, се потврдува не само нејзиното порекло, туку со помош на материјалот може да се согледа текот на историскиот развој на Градачката варијанта на Винчанската група.[19]

ПС. Пред предавањето на ракописот во печат, излезе крато извештај за резутатите на ископувањето во 1969—1970 год. што го изведуваше југословенско-американска екипа на овој локалитет. (Амзибегово — Барутница, Recherches et résultats, Epoque préhistorique et protohistorique en Jugoslavie, Beograd 1971). Истовремено, во врска со VIII Интернационален конгрес пра — и протохисторија во Белград во 1971. год. Народниот музеј во Штип израде во вид на каталог преглед „Предисториски култури во Македонија" Штип 1971, каде што, меѓу другото, беа земени предвид и најрепрезентативните предмети, отриени во Вршник, Рук — Баир, Зелениково и тие од другите ископувања во Амзибегово. Бидејќи се работи за ист локалитет, сакаме на ова место накратко да изнесеме за изнесените моменти.

Другите ископувања во Барутница, со оглед на срекните околности, отворија сектор, кој не беше во голема мера нарушен т. е. беше покомпактен, можеа да се утврдат многу моменти врз база на вертикалната и хоризонталната стратиграфија, моменти кои по материјалот од првите ископувања можеа само хипотетично да се постават и означат.

Пред сè, тоа беа моменти што се однесуваа на начинот на изработката и типот на куќите, кои врз основа на куќната меѓуплетна глина и незначителните траги во земјата, сами ги претпоставуваме. Исто така, и претпоставката, направена врз база на откриениот дел на калотата дека постои можност оти ова подрачје било употребувано ѝ за закопување, ја потврдија сега откриените гробови и дислоцираните коски од поголем дел индивидуи.

Во врска со материјалната култура, кај другит ископувања, се покажа дека седиментот се дели на три главни тапи (што ви ги означивме како три културни хоризонти), од кои секоја имаше поголем број нивоа, што, секако, посочува на можноста за едно попрецизно културно делење и хронологија. Макар што во извештајот не се набројани детално сите елементи што ја карактеризираат етапата, се пак може да се насети дека и овде засекот се поклопува со истата фаза како и во нашите сонди. Во врска со керамиката, првата етапа даде целосна слика за одделни облици и разни варијации, посебно кај растителните орнаменти, што не можевме да ги реконструираме и покрај целиот најден сад. (Предисториски култури сл. 1—7). Освен тоа, забележено е дека оваа фаза употребува како мотив и меандер (ibid. сл. 3) и оти меѓу монохрамната керамика преовладува оваа со светлоцрвена и светлосмеѓа боја. Според извештајот, може да се заклучи дека се манифестира дури во младата фаза на оваа етапа појавата на impresso керамиката, додека во II односно на преодот кон III етапа се појавува барботин (ibid. сл. 15.). Не навлегувајќи подлабоко во проблемот на овие појави и во анализа на одделни елементи на оваа постара етапа, сакаме да укажеме на дејствово дека за време на нашето сондирање наидовме на одреден број фрагменти (без оглед на хипотезата дека е возможно постоењето и на фаза на рано

---

[19] Д. Срејовић.

керамичен неолит), кој бездруго зборува за постоењето на уште една постара фаза. М. Гарашанин во својот извештај среќава и некои протосескло елементи, но не ги наведува, така што не е јасно дали директно ги поврзува со керамиката на оваа етапа или ги смета за постари (Амзибегово — Барутница стр. 137). Според нумерацијата на одделни културни фази, уочени кај второто ископување, може да се заклучи дека најниското ниво (со флорални и други орнаменти и протосескло елементи) се вбројува во една фаза, односно во I фаза Амзибегово (ibid.). Меѓутоа, компарацијата на керамиката по прашањето се сескло групата на Тесалија (Предисториски култури стр. 13 и 25) автоматски издвојува елементи на протосескло фазата во еден постар културен хоризонт на ова наоѓалиште. Ако пак ги споредиме формите што ги донесува за протосескло групата Милојчиќ, Rodden, па и Gaul со оние што се застапени во најниското ниво на првата етапа (посебно амфора, ibid. сл. 7) укажува на можноста дека протосескло елементите во овој хоризонт се секундарни. Макар што врз основа на изнесените податоци е во извесна мера прерано да донесуваме какви и да било заклучоци, сепак сметаме дека споредувањето јасно зборува за издвојување на споменатите постари елементи од групата во најнискиот слој.

Средната фаза со мрко сликаната керамика на црвеникаво смеѓа основа (фаза II и III на Вршник), се манифестира со културата, која покажува одредена сличност со Старчевачката група (Зборник на Штипскиот народен музеј I, 1959, стр. 64). Меѓутоа, од вертикално орнаментираната керамика со низа карактеристики е објаснета и најмладата етапа односно IV фаза Амзибегово, Предисториски култури сл. 34, стр. 39). Во оваа етапа се споменува, покрај сликање на споменатата керамика и онаа украсена со спирала и мрежа во меѓупросторите и керамиката со плитки канелури (Амзибегово-Барутница, стр. 137), што ги следат дршки во форма на рог или кои одозгора завршуваат со копчесто продолжение (Предисториски култури ст. 40). Во овој хоризонт е посебно честа керамиката со барботин (Амзибегово-Барутница стр. 137). Интересно е дека на нашиот сектор со појавува канелувана керамика, карактеристична за винчанската група исклучиво од 1,50 м па нагоре. Значи, во еден хоризонт, кој е во секој случај помлад од хоризонтот од споменатото сликање и барботинирање на керамиката.

Со ова сакаме да укажеме само на главните разидувања во толкувањето на одделни појави од првите и другите ископувања, макар што засега врз основа на нив, сè додека не се објави и обработи материјалот од другото ископување, е прерано да се прават какви и да било заклучоци. Ние може да изразиме само жалење, бидејќи поради технички причини го скративме нашиот текст и што не можеше да се објави со илустрации целиот материјал, што беше подготвен.

## СКРАТ. НА ЛИТЕРАТУРАТА:
## ABRÉV. DE LA LITTÉRATURE:


*A. A.* — Archäologischer Anzeiger des Deutschen Archäologischen Instituts.

*GZMS* — Glasnik Zemaljskog muzeja Sarajevo.

*Historia ZaG* — Historia, Zeitschrift für alte Geschichte, Wiesbaden.

*I. A. I.* — Izvestia na arheologičeskia Institut, Blgarska Akademia na Naukite, Sofia.

*JDAI* — Jahrbuch des deutschen Archäologischen Instituts.

*JRGZGM* — Jahrbuch des Römisch-Germanischen Zentralmuseums Mainz.

*Zbornik I, II* — Zbornik na štipskiot naroden muzej I, II, Stip 1959, 1960.

*Benac A. 1957/1* — Crvena stijena 1955 (I—IV stratum) GZMS XII, 1957.

*Benac A. 1961* — Neolitski telovi u sjeveroistočnoj Bosni i neki problemi bosanskog neolita, GZMS XV—XVI, 1961.

*Benac A. 1957/2* — Zelena Pećina, GZMS XII, 1957.

*Blegen C. W. 1928* — Zygouries a prehistoric settlement in the valley of Cleonae, Harvard 1928.

*Brukner B. 1968* — Neolit u Vojvodini, Diss. V, Beograd-Novi Sad 1968.

*Brukner B. 1960* — Rezultati zaštitnog iskopavanja lokaliteta »Baštine« kod s. Obreža, RVM 9, 1960.

*Цвијић Ј. 1922* — Балканско полуострво и јужнословенске земље I, Београд 1922.

*Čović B. 1960* — Rezultati sondiranja na preistoriskom naselju u G. Tuzli, GZMS XIV, 1960.

*Čović B.* — Tragovi preistorijskih migracija u sjeveroistočnoj Bosni, Članci i građa z. k. ist. Bosne, Sarajevo 1959.

*Dechayes J. i Garašanin M. 1964* — Note sur la céramique de Galepsos, Bull. d. Corresp. Hellenique 88, 1964.

*Ehrich R. W. 1966* — Chronologies in old word archeology, Chicago 1966.

*Ehrich R. W. 1954* — Relativ chronologies in old word Archeology, Chicago 1954.

*Fewkes Vl. 1936* — Neolithic sites in the Moravo-Danubian area, BASPR 12 May 1936.

*Fewkes, Golmann, Ehrich 1933* — Excavation at Starčevo, Yugoslavia, BASPR 9, 1933.

*Galović R. 1960* — »Crnokalačka Bara« — Rujište — Kruševac — Naselje, Arh. pregled 2, 1960.

*Galović R. 1968* — Die Starčevokultur in Jugoslawien, Fundamenta II, Köln—Graz 1968.

*Galović R. 1959* — Predionica, neolit. naselje kod Prištine, Priština 1959.

*Galović R. 1959* — Survey of archaeological activites in Kosovo-Metohija, Cowa. Area 6, Balkans 1, 1959.

*Galović R. 1962* — Tečić, eine neolith. Siedlung bei Kragujevac, 43—44, Ber. RGK 1962.

*Galović R. 1963* — Isto, Balkans II, 1963.

*Galović R. 1956* — Uvod u praistoriju Kosova i Metohije, GMKMP 1956.

*Galović R. Zelenikovo* — Zelenikovo eine neolith. Siedlung bei Skopje (Makedonien), 43—44. Ber. RGK 1962—1963.

*Galović R. 1967* — Zelenikovo, Zb. Nar. Muzeja, Beograd 1967.

*Garašanin D. 1961* — Die Siedlung der Starčevokultur in Nosa bei Subotica und das Problem der neolithischen Lehmscheunen, Bericht ü. d. V. Int. Kongres, Hamburg 1961.

*Garašanin D. 1954* — Starčevačka kultura, Ljubljana 1954.

*Garašanin M. 1961* — Der Stand der Neolithikumforschung in Serbien u. Makedonien mit besonderer Übersicht auf d. n. Ergebnisse in der Ägäis am Ostbalkan, Ber. ü. d. V. Int. Kongres, Hamburg 1961.

*Garašanin M. 1966* — Hronologija i geneza na neolita v centralnata i jugoist. čast na Balkaniskia Poluostrv, Archeologia I, 1966.

*Зборник I — Гарашанин М., Гарашанин Д.* Ископавања у Таринцима на локалитету „Вршник", Зборник I

*Garašanin M. 1954* — Iz istorije mlađeg neolita u Srbiji i Bosni, GZMS IX, 1954.

*39. Ber. RGK — Garašanin M.*, Neolithikum und Bronzezeit in Serbien und Makedonien, 39. Ber. RGK 1958.

*Зборник II — Гарашанин М., Гарашанин Д.* Неолитска насеља „Вршник" кој село Таринци, Зборник II

*Гарашанин М. и Д. 1956—1957* — Павловац код Врања, Старинар VII—VIII, 1956—1957

*Гарашанин М. — Ивановић В. 1958* — Праисторија лесковачког краја, Лесковац 1958

*Гарашанин М. и Д. 1958—1959* — Стублина у Супској, Неолитско насеље, Старинар IX—X, 1958—1959

*Gaul J. H. 1948* — The neolithic period in Bulgaria, Cambrige Massachusetts 1948.

*Гавела Б. 1956—1957* — Неолитска насеља у Гривцу, Старинар VII—VIII, 1956—1957

*Georgiev I. G. 1961* — Kulturgruppen der Jungstein- und Kupferzeit in der Ebene von Thrazien/Südbulgarien, Prague 1961.

*Glišić J. 1959* — Iskopavanja na lokalitetu »Gladnice« kod Gračanice. Kratak preth. izveštaj, Arh. pregled 1. 1959

*Глишић J. 1961* — Појава раних бронзанодопских култура на Косову и Метохији, ГМКМ VI, 1961

*Глишић J. и Јовановић Б., 1957* — Праисториско насеље на Гладницама код Грачанице, ГМКМ II, 1957

*Гоцкова П. II/1—2* — Ископавање на локалитет Слатина, ВМКДМ II/1—2

*Гоцкова П. II/1—2а* — На локалитетот „Вршник" пробно ископување, ВМКДМ /II/1—2

*Гоцкова-Славеска П. 1955* — Остатоци от една праисториска култура на скопската тврдина кале, Скопје 1955

*Grbić M. 1929* — Pločnik, Änelithische Ansiedlung, Beograd 1929

*Грбић М. 1958—1959* — Старчево као најранији израз неолитске економике на Балкану, Старинар IX—X, 1958—1959

*Porodin* — Grbić M., Mačkić P., Nađ S., Simovska D., Stalio B., Porodin, Kasno neolitsko naselje na tumbi kod Bitole, Bitolj 1960

*Grundmann K. 1937* — Magula Hadžimissioriki, Mitt. d. deut. arch. Inst., Athenische Abteilung 62, Athen 1937

*Hansen H. 1933* — Early civilisation in Thessaly, Baltimore 1933

*Heurtley W. A. 1939* — Prehistoric Macedonia, Cambridge 1939

*Јовановић Б. 1968* — Историјат керамичке индустрије у неолиту и раном енеолиту централног Балкана, Неолит централног Балкана, Београд 1968

*Јовановић Б. 1961* — Стратиграфија насеља винчанске групе код Косовске Митровице, ГМКМ VI, 1961

*Karmanski S. 1968* — Slikana keramika sa lokaliteta Donja Branjevina kod Deronja, Odžaci 1968

*Korošec J. 1962* — Alcuni problemi del Neolitico Balcano-Danubiano, Atti VI del CISPP. Relazioni generali, Vol. I, Roma 1962

*Korošec J. 1966* — Einige Beispile des Thessalischen Einflusse in den östl. Teilen Jugoslawiens, SNM Praze, XX/1, 2, 1966

*Korošec J. 1965* — Nekateri problemi podonavskobalkanskog neolita, Situla 8, Ljubljana 1965

*Korošec J. i Saržovski S. 1960* — Barutnica — Amzibegovo — Ovče Polje, Naselje, Arh. Pregled 2, 1960

*Košmopoulus — Walker 1948* — The prehistoric inhabitation of Corynth I, München 1948

*Orchomenas I* — H. Bulle, Orchomenos I, Die älteren Ansiedlungsgeschichte, Abh. d. B. A. d. W. 1907

*Orchomenos II* — Kunze E., Orchomenos II, Die neolithische Keramik, Abh. d. B. A. d. W. 1931

*Orchomenos III* — Kunze E., Orchomenos III, Die Keramik der frühen Bronzezeit, Abh. d. B. A. d. W., Heft 8, München 1934

*Kuzian I. 1944* — The Körös Culture I, II, Diss. Pann. II, 1944

*Mellart J. 1960* — Anatolia and The Balkans, Antiquity XXXIX, 1960

*Milojčić Vl. 1959/1* — Ausgrabungen in Thessalien, Neu deutsche Ausgrabungen im Mittelmeergebiet und im Vordern Orient, Berlin 1959

*Milojčić Vl., A. A. 1959* — Bericht über Ausgrabungen in Thessalien 1958, A. A. 1959

*Milojčić Vl. 1959* — Chronologie der jüngeren Steinzeit Mittel- und Südosteuropas, Berlin 1949

*Milojčić Vl. 1955/I* — Die deutschen Ausgrabungen in Thessalien, Historia, Z. d. G., Wiesbaden 1955/4

*Milojčić Vl. 1959* — Ergebnisse der deutschen Ausgrabungen in Thessalien 1953—1958. JRGZmM 1959

*Milojčić Vl. 1950* — Körös — Starčevo — Vinča, Reinecke Festschrift, Mainz 1950

*Milojčić ABSA 1948* — South eastern elements in the Neolithic civilisation of Serbia, ABSA XLIV, 1948

*Milojčić Vl. 1955* — Vorbericht über die Ausgrabungen auf der Otzaki — Magula 1954, A. A. 1955

*Milojčić Vl. 1952* — Zur Chronologie der jüngeren Steinzeit Griechenlands, JDAI 1952

*Mylonas G. E. 1929* — Excavations of Olynthos, Part I. The neolithic settlement, Baltimor 1929

*Mylonas G. E. 1941* — The site of Akropotamos and the neolythic period of Macedonia, AJA 45, 1941

*Mylonas — Bakalakis 1938* — Praktika 1938

*Popović V. 1955* — Une civilisation Égéo-Orientale sur le Moyen Danube, Revue Arch. 1965/juillet-septembre

*Rodden R. J. 1962* — Excavation at the Early Neolithic site Nea-Nikomedeia, Greek Macedonia (1961 season), PPS 1962

*Rodden R. J. — Roden J. M. 1964/1* — A european link with Chatal-Hüyük: The 7th millennium settlement of Nea-Nikomedia in Macedonia, Part II — burial and the shrine, The illustrated London News, April 18. 1964

*Rodden R. J. — Rodden J. M. 1964/2* — A europeam link with ...: Uncovering a 7th millennium settlement in Macedonia, Part I — site and pottery, The illustr. London News, April 11. 1964

*Санев В. 1961* — Извештај од археолошките рекогносцирања во источна Македонија, Зборник II.

*Schachermeyer F. 1954* — Die ältesten Kulturen Griechenlands, Stuttgart 1955

*Срејовић Д. 1968* — Неолитска пластика централнобалканског подручја, Неолит централног Балкана, Београд 1968

*Стално — Галовић* — Напреље, неолитско насеље код Новог Пазара, Београд 1956

*Стално Б. 1955* — Злокућани — Градац, Каталог керамике I, Београд 1955

*Тасић Н. 1958* — Житковац и неки проблеми релативног хронолошког односа неолитских и енеолитских насеља на Косову и у долини Ибра, ГМКМ III, 1958

*Theoharis D. R. 1956* — Nea — Makri: Eine grosse neolithische Siedlung in der Nähe von Marathon, Ath. Mitt 71/1956

*Theoharis D. R. 1958* — Neolithika ek tes perioches tes Ioklou, Thessalika, T. a/I, Volos 1958

*Theoharis D. R. 1957* — Praktika tis Akadomias Athinoi en Athinois, 1957/32

*Tsuntas Chr. 1908* — Proistorikai akropoleis tou Diminiou kai tou Sesklou, Athenai 1908

*Vajsova H. 1966* — Stand der Jungsteinzeitforschung in Bulgarien, Slov. Arch. XIV, 1966

*Vinča I — IV* — Vasić M. M., Preistoriska Vinča I—IV, Beograd 1932—1936

*Wace — Thompson 1912* — Prehistoric Thessaly, Cambridge 1912

*Weinberg S. 1962* — Excavations at prehistoric Elateia 1959, Hesperia 31, 1962

*Weinberg S. 1965* — The stone Age in the Aegean, The Cambridge ancient Historia I, 1965

# LE SITE PRÉHISTORIQUE »BARUTNICA« DANS LE VILLAGE AMZIBEGOVO À OVČE POLE

— Rapport des fouilles de l'année 1960 —

Les fouilles de Barutnica à Amzibegovo, qui ont lieu en 1960, comptent parmi les travaux les plus importants effectués en Macédoine au lendemain de la Seconde Guerre Mondiale, avec celles de Vršnik près de Tarinci[1] et les sondages de Ruk Bajer près de Gorubinci.[2] Elles ont été conduites par S. Saržovski, alors conservateur du Musée Archéologique de Skopje ainsi que V. Sanev, conservateur du Musée de Štip. La direction scientifique a été assurée par le Docteur Josip KOROŠEC alors professeur à l'Université de Ljubljana, aujourd'hui décédé. Le second auteur de ces pages a participé aux travaux au titre de l'assistance technique, de même qu'un certain nombre d'étudiants appartenant au Séminaire Archéologique de la Faculté de Philosophie de l'Université de Ljubljana, ainsi que Borut Korošec, alors lycéen.[3] Les charges financières ont été assumées par le Musée Archéologique de Skopje et la Faculté de Philosophie de Ljubljana. Il n'a pas été possible d'éffectuer les travaux sur la totalité de ce vaste site, qui a été, par conséquent, exploré en partie. Etant donné l'importance de ses couches culturelles, les fouilles n'ont pu d'ailleurs qu'avoir un caractère de sondage.

Ce texte qui parait après le décès du professeur J. Korošec porte néanmoins sa signature, car sa rédaction a été rendue possible par l'existence des notes qu'il avait prises au cours des fouilles et de notes concernant les hypothèses et conclusions au sujet de ces travaux, qu'il avait eu l'occasion de développer personnellement.

Quelques problèmes techniques nous ont contraint à réduire considérablement le texte et le nombre des illustrations de cet ouvrage. Il a été en particulier nécessaire d'écourter les chapitres et les données typologiques prenant en considération les relations de ce site avec d'autres cercles culturels. Ils ont été néanmoins brièvement évoqués dans la conclusion, donnant ainsi l'illusion d'un rapport peu équilibré.

Jusqu'ici, seul J. Cvijič a étudié la structure géologique de Ovče pole. D'après lui, la formation de cette région est liée à l'évaporation d'un lac qui recouvrait pendant la phase pré-néogène non seulement Ovče pole, mais aussi la plaine de Skopje.

Au cours de la phase néogène, cette région est recouverte des apports de divers courants d'eau douce. Géographiquement, elle est située entre les rivières Vardar, Bregalnica et Pčinja, c'est-à-dire qu'elle est limitée par les gorges de Taors, les pentes méridionales du massif Osogorska Planina et par la chaîne de montagnes Bogoslovec-Hisar. Le relief oriental de la plaine d'Ovče pole se compose de pentes nues symétriques, bordant les lits des rivières. Le sédiment géologique consiste en couches non poreuses. C'est la raison pour laquelle les rivières débordent au printemps et pendant les grandes pluies. La rivière la plus importante de cette région est l'Ovčepolska reka, un affluent du fleuve Bregalnica. La vallée de l'Ovčepolska reka s'élargit près du village Amzibegovo, où elle se transforme en région vaste et fertile, permettant l'agriculture, les plantations de vignobles et l'élevage.

Le site de Barutnica se situe sur les pentes de la colline Krušica, à 2 km d'Amzibegovo, à 2 km également de la gare de chemin de fer de Ovče pole, et enfin à 600—700 mètre du niveau »33—35 km« du chemin de fer menant de T. Veles à Štip.
Les fouilles de 1960 ont englobé une partie d'un complexe d'habitat néolithique[5] mesurant environ 500—550 m sur 250—300 m. Un fragment de crâne humain trouvé sur place indique que ce site a probablement été une nécropole à une certaine période. Il est par ailleurs permis de supposer, compte tenu du matériel stratigraphique, que toutes les couches ont été bouleversées par des travaux plus récents.

On a pu procéder à septs sondages. Les numéros 2, 3 et 4 se situent près du chemin de fer, les autres un peu plus loin. Du numéro 1, par exemple atteint 2 m 10; le nuet sont de profondeurs différentes: le numéro 1, par exemple attein 2 m 10; le numéro 3, 4 m 35; le numéro 4 atteint 3 m 50; le numéro 5, 2 m 20, à 2 m 30. La sonde numéro 6 mesurait 20×4 m, était orientée E — O, et divisée en 6 carrés. Le sol vierge n'atteignait pas le même niveau partout, confirmant que le niveau primaire ne formait pas une surface plane, mais qu'une dépression de 6 m 30 de profondeur environ et orientée N — S occupait à peu près le milieu de la sonde. Selon toute probabilité, cette dépression correspondait au lit d'une rivière ou d'un ruisseau qui a été plusieurs fois nivelé. D'après la structure géologique, il a appartenu à différents niveaux, cinq en l'occurence. Il est possible d'avancer qu'il a changé de cours après le second nivellement. Cette seconde apparition de l'eau a probablement concerné des régions plus vastes, la couche de nivellage s'étant révélée identique dans d'autres sondages. Soulignons que le sédiment des différentes couches possède exclusivement les caractères de l'eau douce. Toutes les informations stratigraphiques confirment que le climat n'a pas changé du néolithique à nos jours. De même, la faune et la flore n'ont pas changé. D'après le sondage numéro 6, trois niveaux peuvent être définis. Le niveau supérieur descend jusqu'à la première couche de cendres et de charbon. Il est caractérisé par la céramique décorée de cannelures peu profondes. Le second niveau intermédiaire, peut être assez bien défini en dépit de son remaniement par endroits. Ces derniers sont remplis de ruines de maisons. Ils descendent environ jusqu'aux couches de remplissage. On trouve à ce niveau la céramique décorée de barbotine organisée et la céramique peinte avec des spirales de dimensions relativement importantes. Le troisième niveau (inférieur) est très remanié, le matériel le plus ancien se trouvant dans les couches supérieures et inversement. Il a sans aucun doute été formé par des dépôts de sédiment et du matériel archéologique de différents points de cette région, à l'occasion des inondations.

Sur cette place ont été découverts, lors des travaux, hormis quelques objets, des éléments de construction qui permettent de supposer que les maisons possédaient des fondations de pierre ou que les murs étaient construits dans des fosses (Gräbchehütte).[6] Les murs consistaient en poteaux entre lesquels des branchages avaient été tressés, l'ensemble étant recouvert de pisé.[10] Les angles des maisons étaient renforcés et étaient droits.[11] L'épaisseur des murs est de 25 à 30 cm ou même 35 cm. Elle est plus importante vers la base.[7] Le pisé était recouvert d'une couleur rouge et blanche et ceci à l'extérieur comme à l'intérieur de la maison.[8] Certaines trouvailles évoquent l'existence de drains.[9] Bien que l'endroit ne fut pas nivellé, il 'na pas été possible de constater les dimensions et l'orientation de la maison.[12] Un certain nombre de fosses assez peu profondes et presque toujours stériles ont été découvertes.[13] L'une d'elles est intéressante à mentionner. Elle a reçu le nom de »silo Q«. La fosse est creusée en oval et sont entrée est représentée par un cylindre vertical fermé par d'assez grandes pierres. Ces silos étaient vides et étaient couverts au fond d'une mince couche de cendres et de charbon elle-même recouverte d'une autre en terre noire. C'est un cas unique sur ce site.[12a] Outre le pisé des murs détruits, deux pierres ont été trouvées. Elles ont probablement servi de crapaudine.[15] La plupart des constructions à proximité du secteur fouillé ont été détruites au crues des rivières. Parmi le matériel, il faut cours d'un incendie ou ont disparu dans les mentionner l'outillage lithique et les armes en pierre: haches de type trapézoïdal et plates, haches en forme de bottier, les mêmes coupées le long de l'axe, un type de hache ayant un front particulièrement étroit. L'outillage en silex se compose de fragments de lames, de perçoirs, de mèches, de galets ronds perforés, d'un objet plus petit en for-

me d'anneau (soit un pendentif, soit une amulette), de plaquettes en pierre perforées, et d'un fragment de meule. Les parures sont représentées par les aiguilles, les bracelets de coquillage et un fragment de pendentif rond en os. Parmi les objets en os, on trouve des perçoirs, des lissoirs, burins et spatules grossièrement fabriqués[31] et un fragment d'os cylindrique travaillé (soit décor, soit rivet de manche), de petits galets ronds perforés (poids, ou boutons) etc . . .

La céramique se différencie par sa facture, ses formes, sa cuisson, son lustrage, sa décoration, etc . . . La distinction en céramique grossière, fine et intermédiaire selon le modèle fourni par la culture de Starčevo ne peut être prise telle quelle. L'auteur propose de distinguer de façon plus appropriée: la céramique ordinaire, qui était utilisée quotidiennement, et les groupes de céramique plus particulière, représentés par la céramique monochrome et peinte.

La facture de la céramique est en général très bonne, les récipients sont recouverts d'une couche plus ou moins épaisse (enduit) qui contient dans certains cas un dégraissant paille. C'est d'ailleurs uniquement la nature du dégraissant qui différencie la céramique fine et celle de bonne qualité. L'enduit ne sert pas uniquement à égaliser la surface du pot, mais aussi à modeler certaines parties (lèvres des ouvertures, parfois même toute la partie supérieure, etc . . .). Un grand nombre de fragments est recouvert d'une sorte d'engobe qui n'est pas partout identique. Certains types de céramique présentent un engobe contenant des matières grasses.

La plupart des vases sont faits d'un seul tenant, quelques uns cependant ayant été fabriquées par morceaux. La symétrie des pots et leur modelage régulier indique qu'un tour de potier a peut-être été utilisé, ainsi qu'il a été déjà constaté dans certaines cultures néolithiques des Balkans[32] et [33]. Cette céramique révèle différentes méthodes et durées de cuisson, de même que différents styles de décor peint pour certains types de vase. D'après les cassures, il est possible d'affirmer que les types les plus anciens étaient cuits jusqu'au gris-noir ou rouge et qu'ils étaient par la suite couverts d'un engobe rouge. Ces mêmes types ont parfois la surface extérieure cuite jusqu'au gris ou brun, la pâte intérieure étant de couleur noire. Un grand nombre de pots à surface extérieure rouge ont une surface intérieure grise. Pour obtenir la couleur égale de certains types de céramique la cuisson a sans doute été effectuée sous une chaleur également répartie. Toute la céramique est lissée, et plus ou moins lustrée. Les fragments les mieux lustrés sont ceux dont la surface extérieure est couverte d'un engobe dans lequel entre une matière grasse ou coloïdale. Par contre, les fragments très sommairement lustrés appartiennen aux vases qui n'ontpas de couleur uniforme.

